# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 51 год. LXVII 13 април 2011, среда Цената на овој број е 270 денари.

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1377. | **Закон** за изменување и дополнување на Изборниот законик.......................... | **2** |
| 1378. | **Закон** за изменување и дополнување на Кривичниот законик........................ | **3** |
| 1379. | **Закон** за дополнување на Законот за пратениците.......................................... | **9** |
| 1380. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка.................................................... | **10** |
| 1381. | **Закон** за изменување на Законот за кривичната постапка........................... | **14** |
| 1382. | **Закон** за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен....................................... | **15** |
| 1383. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за животната средина......... | **18** |
| 1384. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за управување со отпадот.. | **36** |
| 1385. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за водите............................ | **44** |
| 1386. | **Закон** за прогласување на Преспанското Езеро за споменик на природата | **53** |
| 1387. | **Закон** за прогласување на Дојранското Езеро за споменик на природата..... | **56** |
| 1388. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за прекршоците................. | **59** |
| 1389. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за одбрана.......................... | **60** |
| 1390. | **Закон** за изменување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.................................. | **70** |
| 1391. | **Закон** за изменување на Законот за Владата на Република Македонија...... | **71** |
| 1392. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за безбедност на производите........................................................ | **71** |
| 1393. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција.... | **75** |
| 1394. | **Закон** за дополнување на Кривичниот законик................................................... | **79** |
| 1395. | **Закон** за изменување на Законот за установите............................................. | **80** |
| 1396. | **Закон** за дополнување на Законот за договорен залог..................................... | **82** |
| 1397. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности | **84** |
| 1398. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за спортот........................... | **88** |
| 1399. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности........................ | **90** |
| 1400. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за личната карта................ | **92** |
| 1401. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија... | **94** |
| 1402. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за личното име................... | **97** |
| 1403. | **Закон** за дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата...................................................... | **99** |
| 1404. | **Закон** за дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните............... | **101** |
| 1405. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за обезбедување на лица и имот....................................................... | **103** |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1406. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за детективска дејност....... | **105** |
| 1407. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за основното образование... | **107** |
| 1408. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за средното образование... | **110** |
| 1409. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за високото образование... | **113** |
| 1410. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција | **119** |
| 1411. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за образование на возрасните.... | **122** |
| 1412. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита...... | **124** |
| 1413. | **Закон** за дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност................................. | **129** |
| 1414. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.............................. | **133** |
| 1415. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата.......... | **135** |
| 1416. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување.................................... | **140** |
| 1417. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за културата....................... | **142** |
| 1418. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра | **144** |
| 1419. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за музеите.......................... | **146** |
| 1420. | **Закон** за дополнување на Законот за авторското право и сродните права..... | **149** |
| 1421. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за библиотеките................. | **150** |
| 1422. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за државната статистика.... | **153** |
| 1423. | **Закон** за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити | **158** |
| 1424. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост.......................................... | **177** |
| 1425. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри........................................ | **180** |
| 1426. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за лизинг............................ | **186** |
| 1427. | **Соопштение** од Министерство за финансии................................................... | **188** |


## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1377.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр. 07-2039/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008 и 44/11), во членот 68 по зборот “ждрепка“ се додаваат зборовите: „и тој број е ист во сите изборни единици, односно општина, а во изборната единица односно општината каде што нема да има свој преставник, соодветниот број на подносителот на листата да биде изоставен и на негово место да биде напишан редниот број на наредниот носител без оставање на празно место“.

Член 2

Во членот 87 зборовите: “став (3)“ се заменуваат со зборовите: “став (4)“.

Член 3

Во членот 175 став (1) во делот Изборна единица 5 пред зборовите: “Општина Дебарца“ се додаваат зборовите: “Општина Дебар Избирачките места од 0549 до 0554 Општина Центар Жупа Избирачки места од 0557 до 0571“.

Во делот Изборна единица 6 зборовите: “Општина Дебар Избирачките места од 0534 до 0556“ се заменуваат со зборовите: “Општина Дебар Избирачки места од 0534 до 0548“ и се додаваат зборовите: Општина Дебар Избирачки места од 0555 до 0556“.

Зборовите: “Општина Центар Жупа Избирачки места од 0557 до 0571“ се бришат.

Член 4

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Изборниот законик.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

### L I GJ
### PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E KODIT ZGJEDHOR

Neni 1

Në Kodin zgjedhor ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 40/2006, 136/2008 dhe 44/11), në nenin 68 pas fjales "short" shtohen fjalet: "dhe ai numer eshte i njejte në të gjitha njesite zgjedhore, perkatesisht komunat, ndersa në njesine zgjedhore perkatesisht komunen ku nuk ka perfaqesues të vet, numri perkates i parashtruesit të listes të hiqet dhe në vend të tij të shenohet numri rendor i bartesit të ardhshem pa lene vend të lire".

Neni 2

Në nenin 87 fjalet: "paragrafi (3)" zevendesohen me fjalet: "paragrafi (4)".

Neni 3

Në nenin 175 paragrafi (1) në pjesen Njesia zgjedhore 5 para fjaleve: "Komuna e Deberces" shtohen fjalet: "Komuna e Dibres Vendvotime prej 0549 deri në 0554 Komuna e Qendres Zhupa Vendvotime prej 0557 deri në 0571".

Në pjesen Njesia zgjedhore 6 fjalet: "Komuna e Dibres Vendvotime prej 0534 deri në 0556" zevendesohen me fjalet: "Komuna e Dibres Vendvotime prej 0534 deri në 0548" dhe shtohen fjalet: "Komuna e Dibres Vendvotime prej 0555 deri në 0556".

Fjalet "Komuna e Qendres Zhupa Vendvotime prej 0557 deri në 0571" shlyhen.

Neni 4

Autorizohet Komisionit Juridiko-Ligjvenes i Kuvendit të Republikes së Maqedonise që të percaktoje tekst të spastruar të Kodit zgjedhor.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi në diten e diten e botimit ne "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**1378.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр. 07-2040/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 87/2007, 7/2008, 139/2008 и 114/2009), во членот 96-б по точката 4 се додава нова точка 5, која гласи:

„5) забрана за користење на средства за финансирање на политички партии од Буџетот на Република Македонија;“.

Точките 5, 6, 7 и 8 стануваат точки 6, 7, 8 и 9.

Член 2

Во членот 96-в став (1) бројот „до 4“ се заменува со бројот „до 5“.

Член 3

По членот 106 се додава нов наслов и нов член 106-а, кои гласат:

„Член 106-а
Посебен регистар

(1) Податоци за правосилна судска одлука за изречена мерка на безбедност судот доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството, заради регистрација во здравствената евиденција, како и до органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот и социјалната политика, заради регистрација во посебен регистар.

(2) Судот до органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот и социјалната политика доставува податоци и за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела против половата слобода и половиот морал и кривичното дело од членот 418-г на овој законик сторени против малолетни лица, за кои се води посебен регистар.

(3) Податоците од ставовите (1) и (2) на овој член можат да се користат исклучиво заради заштита на здравјето на лицата на кои им се изречени мерки на безбедност или за заштита на правата на малолетниците, под услови и по постапка утврдени со закон.“

Член 4

Во насловот на членот 110 по зборот „безбедност“ се става запирка, а зборовите: „конфискација на имотот и одземање на предмети“ се заменуваат со зборовите: „конфискацијата на имотот и одземањето на предметите“.

Член 5

Членот 117 се менува и гласи:

„Кривичното законодавство важи за секој кој во странство ќе стори кривично дело од членот 268 на овој законик, ако фалсификувањето се однесува на домашни пари и од членовите 305 до 326, 357 до 359-а и 403 до 422 на овој законик.”

Член 6

Во членот 120 став (2) точка 2 на крајот на реченицата се става запирка.

Член 7

Во членот 122 став (4) точка в) по запирката на крајот од реченицата се додаваат зборовите: „како и овластено лице за застапување на здруженија, фондации, сојузи и организациони облици на странски организации, спортски здруженија и други правни лица во областа на спортот,“.

Ставот (6) се менува и гласи:

„Под правно лице се подразбираат: Република Македонија, единиците на локалната самоуправа, политички партии, јавни претпријатија, трговски друштва, установи, здруженија, фондации, сојузи и организациони облици на странски организации, спортски здруженија и други правни лица во областа на спортот, фондации, финансиски организации и други со закон одредени организации регистрирани како правни лица и други заедници и организации на кои им е признато својството на правно лице. Под странско правно лице се подразбира јавно претпријатие, установа, фонд, банка, трговско друштво или друг облик на организираност според законите на странска држава во вршење на стопански, финансиски, банкарски, трговски, услужни или други дејности, кое има седиште во друга држава, или претставништво во Република Македонија, или е основано како меѓународно друштво, фонд, банка или установа.“

Во ставот (23) зборовите: „кои се здружиле за вршење на кривични дела“ се бришат.

Ставот (24) се менува и гласи:

„Под детска порнографија се подразбира порнографски материјал кој визуелно прикажува очигледни полови дејствија со малолетник или повозрасно лице кое изгледа како малолетник, или го прикажуваат малолетникот или повозрасното лице кое изгледа како малолетник во очигледна сексуална положба, или реални слики кои прикажуваат очигледни полови дејствија со малолетник или го прикажуваат малолетникот или повозрасното лице кое изгледа како малолетник во очигледна сексуална положба.“

Член 8

Во членот 123 став (2) точка 2 по зборот „насилство“ се става запирка.

Член 9

Во членот 130 став (4) по зборот „тужба“ се става запирка.

Член 10

Во членот 165-а ставот (2) се менува и гласи:

„Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни одговорно лице во правно лице кое нема да пријави донации и други средства за финансирање на изборна кампања, ќе го спречи надзорот над финансирањето или помагањето на друг начин на изборна кампања, нема да поднесе финансиски извештај или ќе даде лажни или непотполни податоци за дадени донации и други средства, ќе ги пречекори законските ограничувања на средствата дозволени за изборна кампања, ќе обезбеди недозволени средства за изборна кампања, ќе исплати средства спротивно на намената за финансирање на кампањата или на друг начин ќе го злоупотреби своето овластување определено со закон.”

Член 11

По членот 165-б се додава нов наслов и нов член 165-в, кои гласат:

„Задолжително изрекување на казната забрана за користење на средства за финансирање на политички партии

Член 165-в

За кривичните дела од членовите 158 до 165-а на овој законик, судот ќе му изрече на сторителот забрана за користење на средства за финансирање на политички партии под условите од членот 96-в став (1) на овој законик.“

Член 12

Во членовите 166 став (1), 167 став (1), 171 став (1), 206 став (1), 248 став (1), 249 став (1), 255, 380 и 393 пред зборот „Тој“ се додава бројот (1).

Член 13

Во членот 193 став (3) по зборовите: „или за порнографска претстава“ се става запирка.

Член 14

Во Главата дваесетта „Кривични дела против бракот, семејството и младината“ пред членот 195 се додава нов наслов и нов член 194-а, кои гласат:

„Објавување на судска пресуда

Член 194-а

При осуда за кривично дело од оваа глава сторено спрема малолетно лице кое не наполнило 14 годишна возраст судот, по барање на јавниот обвинител, ќе одлучи на сметка на осудениот да се објави правосилната судска пресуда или извод од неа преку средствата за јавно информирање, со заштита на личните податоци на жртвата.“

Член 15

Во членот 205 став (5) зборот „којшто“ се заменува со зборот „што“.

Член 16

Во членот 229 став (1) зборот „кој“ се заменува со зборот „што“.

Член 17

Во членот 236 став (1) точката 6 се менува и гласи:

„6) со искористување на немоќта или несреќата на друг,

сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.“

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

“(2) За кражба на предмети од значителна вредност,

сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.“

Ставот (2) кој станува став (3) се менува и гласи:

„(3) За кражба на предмети во вредност од големи размери,

сторителот ќе се казни со затвор од три до десет години.“

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 18

Во членот 237 ставот (3) се менува и гласи:

„Ако вредноста на одземениот предмет е помала, и сторителот одел кон тоа да присвои предмет од таква вредност,

ќе се казни со затвор од една до пет години.“

Во ставот (4) бројот „1“ се заменува со бројот „(1)“ и се додаваат зборовите: „до 3 на овој член“, а по зборовите: „или опасно орудие“ се додаваат зборовите: „или ако при извршување на делото во банка, менувачница, пошта или на јавно место е загрозен животот или телото на две или повеќе лица“.

Во ставот (5) бројот „1„ се заменува со бројот „(1)“.

Член 19

Во членот 238 ставот (3) се менува и гласи:

„Ако вредноста на одземениот предмет е помала и сторителот одел кон тоа да присвои предмет од таква вредност,

ќе се казни со затвор од една до пет години.“

Во ставот (4) бројот „1“ се заменува со бројот „(1)“ и се додаваат зборовите: „до (3) на овој член“, а по зборовите: „опасно орудие„ се додаваат зборовите: „или ако при извршување на делото во банка, менувачница, пошта или на јавно место е загрозен животот или телото на две или повеќе лица“.

Во ставот (5) бројот „1„ се заменува со бројот „(1)“.

Член 20

Членот 253 се менува и гласи:

„(1) Тој што во вршењето на стопанска, финансиска, трговска, услужна или друга економска дејност, директно или индиректно, ќе побара или ќе се согласи да прими за себе или за друг подарок или друга посредна или непосредна корист или ветување или понуда за таква корист за да ги запостави интересите на правното или физичкото лице, при склучување или продолжување на договор или преземање на друго дејствие или за да оствари неоправдана корист или да предизвика штета од поголема вредност за правното или физичкото лице или за трето лице,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што ќе побара или ќе се согласи да прими неовластено подарок или друга корист за себе или за трето лице или ветување за понуда на таква корист за да не се склучи или продолжи договор или да не се преземе друго дејствие во корист на правното или физичкото лице чии интереси ги застапува.

(3) Ако сторителот се согласи да прими неовластено подарок или друга корист по склучувањето на договорот или преземањето или непреземањето на друго дејствие,

ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(4) Примениот подарок или друга корист се одземаат.“

Член 21

По членот 253 се додава нов наслов и нов член 253-а, кои гласат:

„Неовластено давање на подароци

Член 253-а

(1) Тој што директно или индиректно ќе вети, ќе понуди или ќе даде на друг подарок или друга корист или ветување или понуда за таква корист, за во вршењето на стопанска, финансиска, трговска, услужна или

друга економска дејност да ги запостави интересите на правното или физичкото лице при склучување или продолжување на договор или преземање на друго дејствие или за да оствари неоправдана корист или да предизвика штета од поголема вредност за правното или физичкото лице или за трето лице,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што ќе вети, понуди или даде подарок или друга корист или ветување за понуда на таква корист на друг за во вршењето на стопанска, финансиска, трговска, услужна или друга економска дејност неовластено да оствари за себе или за друг неоправдана корист или да предизвика штета од поголема вредност со несклучување или непродолжување на договор или непреземање на друго дејствие што бил должен да го преземе во корист на правното или физичкото лице чии интереси ги застапува.

(3) Ако сторителот на делото од ставовите (1) и (2) на овој член го пријави делото пред да биде откриено или да дознае дека било откриено, може да се ослободи од казна.

(4) Дадениот подарок или друга корист се одземаат."

Член 22

Во членот 278-а ставот (3) се брише.

Ставот (4) станува став (3).

Во ставот (5) кој станува став (4) бројот „1" се заменува со бројот „(1)".

Ставот (6) станува став (5).

Член 23

Во членот 357 ставовите (1), (2), (3) и (6) се менуваат и гласат:

„(1) Службено лице кое директно или индиректно ќе побара или ќе прими подарок или друга корист или ќе прими ветување за подарок или друга корист за себе или за друг за да изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши,

ќе се казни со затвор од четири до десет години.

(2) Службено лице кое директно или индиректно ќе побара или ќе прими подарок или друга корист или ќе прими ветување за подарок или друга корист за себе или за друг, за да изврши службено дејствие што би морало да го изврши, или да не изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Службено лице кое по извршувањето или неизвршувањето на службеното дејствие наведено во ставовите (1) и (2) на овој член во врска со него ќе побара, ќе прими или ќе се согласи да прими подарок или друга корист,

ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(6) Со казната од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член ќе се казни и одговорно лице, лице кое врши работи од јавен интерес, како и странско службено лице."

Член 24

Во член 358 ставовите (1), (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(1) Тој што директно или индиректно на службено лице ќе му даде, вети или ќе му понуди подарок или друга корист за него или за друг за да изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши или тој што посредува при ова,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Тој што директно или индиректно на службено лице ќе му даде, вети или ќе му понуди подарок или друга корист за него или за друг за да изврши службено дејствие што би морало да го изврши или да не изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши или тој што посредува при ова,

ќе се казни со затвор од една до три години.

(3) За делото од ставовите (1) и (2) на овој член судот може да го ослободи од казна сторителот кој дал или ветил поткуп по барање од службено лице и тоа го пријави пред да дознае дека делото е откриено."

Во ставот (6) бројот „3" се заменува со бројот (3), а зборот „ќе" се заменува со зборовите: „кога е ослободено од казна може да".

Член 25

По членот 358 се додава нов наслов и нов член 358-а, кои гласат:

„Член 358-а

Давање награда за противзаконито влијание

(1) Тој што на друг директно или индиректно ќе му даде награда, подарок или друга корист или ветување или понуда за таква корист, за него или за трето лице, за да со искористување на своето реално или претпоставено влијание, службена или општествена положба и углед, бара, интервенира, поттикнува или на друг начин влијае да се изврши определено службено дејствие што би морало да се изврши или да не изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши,

ќе се казни со затвор од една до три години.

(2) Тој што наградата, подарокот или другата корист, ветувањето или понудата за таква корист, директно или индиректно, ќе ги даде на друг за да со искористување на своето реално или претпоставено влијание, службена или општествена положба и углед, бара, интервенира, поттикнува или на друг начин влијае да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши или да не се изврши службено дејствие што би морало да се изврши,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Ако делото од ставот (2) на овој член е сторено во врска со покренување или водење кривична постапка против определено лице,

сторителот ќе се казни со затвор од три до пет години.

(4) Тој што на друг директно или индиректно ќе му даде награда, подарок или друга корист или ветување или понуда за таква корист, за него или за трето лице, за да со искористување на своето реално или претпоставено влијание, службена или општествена положба и углед, бара, интервенира, поттикнуваува или на друг начин влијае кај одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице што врши дејност во Република Македонија или лице кое врши работи од јавен интерес да изврши или да не изврши дејствие што е спротивно на неговата должност,

ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(5) Ако делото од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член е сторено по барање на лицето кое треба противзаконито да посредува, а сторителот го пријавил пред да биде откриено или пред да дознае дека е откриено може да се ослободи од казна.

(6) Наградата, подарокот или другата корист ќе се одземат."

Член 26

Насловот на членот 359 се менува и гласи: „Примање награда за противзаконито влијание".

Во членот 359 ставовите (1), (2) и (4) се менуваат и гласат:

„(1) Тој што директно или индиректно ќе прими награда, подарок или друга корист или ветување или понуда за таква корист за себе или за трето лице за да со искористување на своето реално или претпоставено влијание, службена или општествена положба и углед, бара, интервенира, поттикнува или на друг начин влијае да се изврши службено дејствие што морало да се изврши или да не се изврши што не смеело да се изврши,

ќе се казни со затвор од една до три години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што со искористување на своето реално или претпоставено влијание, службена или општествена положба и углед, ќе бара, интервенира, поттикнува или на друг начин ќе влијае да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши или да не се изврши службено дејствие што би морало да се изврши.

(4) Тој што со искористување на своето реално или претпоставено влијание, службена или општествена положба и углед, за награда, подарок или друга корист, или ветување за таква корист бара, интервенира, поттикнуваува или на друг начин влијае кај одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице што врши дејност во Република Македонија или лице кое врши работи од јавен интерес, да изврши или да не изврши дејствие што е спротивно на неговата должност, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.“

Во ставот (5) зборовите: „три месеци до три години“ се заменуваат со зборовите: „една до пет години“.

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Ако делото од овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна.“

Ставовите (6) и (7) стануваат ставови (7) и (8).

Член 27

Во членот 383 став (2) по зборот „сторителот“ се додаваат зборовите: „се заканува“, а по зборот “орудие” се става запирка.

Член 28

Во членот 394-б став (1) зборовите: „објекти во општа употреба“ се менуваат со зборовите: „објекти за општа употреба“.

Член 29

Во членовите 394-г став (2), 417 став (1) и 418-а ставови (2) и (3) зборот „којшто“ се заменува со зборот „што“.

Член 30

Во членот 86 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 19/2004) се додава нов став (4), кој гласи:

„Ставот (3) станува став (5).“

Член 31

Во членот 7 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 114/2009 ) ставот (2) се менува и гласи:

„Точките 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 стануваат точки 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10.“

Член 32

Во членот 20 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 114//2009) зборовите: „157 став (6)“ се заменуваат со зборовите: „157 став (7)“.

Член 33

Во членот 44 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 114/2009) зборовите „по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:“ се заменуваат со зборовите: „ставот (3) се менува и гласи:“.

Член 34

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Кривичниот законик.

Член 35

Одредбата од членот 3 на овој закон ќе започне да се применува со денот на влегувањето во сила на одредбите од Законот за малолетничка правда со кој ќе се уреди постапката за водење на посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела против половата слобода и половиот морал и кривичното дело од членот 418-г, сторени против малолетни лица.

Член 36

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E KODIT PENAL

Neni 1

Në Kodin penal ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise", numer 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 87/2007, 7/2008, 139/2008 dhe 114/2009), në nenin 96-b pas pikes 4 shtohet pike e re 5, si vijon:

"5) ndalim për shfrytezimin e mjeteve për financimin e partive politike nga Buxheti i Republikes së Maqedonise;".

Pikat 5, 6, 7 dhe 8 behen pika 6, 7, 8 dhe 9.

Neni 2

Në nenin 96-v paragrafi (1) numri "deri në 4" zevendesohen me numrin "deri në 5".

Neni 3

Pas nenit 106 shtohet titull i ri dhe nen i ri 106-a, si vijojne:

Neni 106-a
Regjistri i vecante

(1) Të dhena për vendimin e plotfuqishem gjyqesor për masen e shqiptuar të sigurise, gjykata dorezon në organin e administrates shteterore kompetent për punet nga sfera e shendetesise, për regjistrim në evidencen shendetesore, si dhe në organin e administrates shteterore kompetent për punet nga sfera e punes dhe politikes sociale, për regjistrim në regjistrin e vecante.

(2) Gjykata në organin e administrates shteterore kompetent për punet nga sfera e punes dhe politikes sociale, dorezon të dhena edhe për personat e gjykuar me aktgjykim të plotfuqishem për vepra penale kunder lirise gjinore dhe moralit gjinor dhe vepren penale nga neni 418-g i ketij kodi, të kryera kunder personave të mitur, për të cilet mbahet regjister i vecante.

(3) Të dhenat nga paragrafet (1) dhe (2) të ketij kodi, mund të shfrytezohen vecanerisht për mbrojtjen e shendetit të personave të cileve u jane shqiptuar masa të sigurise apo për mbrojtjen e të drejtave të të miturve, me kushte dhe procedure të percaktuara me ligj."

Neni 4

Në titullin e nenit 110 pas fjales "sigurise" vihet presje, ndersa fjalet: "konfiskimi i prones dhe marrja e sendeve" zevendesohen me fjalet: "konfiskimit të prones dhe marrjes së sendeve".

Neni 5

Neni 117 ndryshohet si vijon:

"Legjislacioni penal vlen për cdonjerin, i cili në vend të huaj do të kryeje veper penale nga neni 268 i ketij kodi, nese falsifikimi ka të beje me para vendore dhe nga nenet 305 deri në 326, 357 deri në 359-a dhe 403 deri në 422 të ketij kodi."

Neni 6

Në nenin 120 paragrafi (2) pika 2, në fund të fjalise vihet presje.

Neni 7

Në nenin 122 paragrafi (4) pika v) pas presjes në fund të fjalise shtohen fjalet: "si dhe personi i autorizuar për perfaqesimin e shoqatave, fondacioneve, lidhjeve dhe formave organizative të organizatave të huaja, shoqatave sportive dhe persona tjere juridike në sferen e sportit."

Paragrafi (6) ndryshohet si vijon:

"Si person juridik nenkuptohen: Republika e Maqedonise, njesite e vetadministrimit lokal, partite politike, ndermarrjet publike, shoqerite tregtare, institucionet, shoqatat, fondacionet, lidhjet dhe format organizative të organizatave të huaja, shoqatat sportive dhe personat tjere juridike në sferen e sportit, fondacioneve, organizatave financiare dhe organizata tjera të percaktuara me ligj të regjistruara si persona juridike dhe bashkesi dhe organizata tjera të cilave u

pranohet cilesia e personit juridik. Si person i huaj juridik nenkuptohet ndermarrja publike, institucioni, fondi, banka, shoqeria tregtare apo forma tjeter e organizimit sipas ligjeve të shtetit të huaj në kryerjen e veprimtarive ekonomike, financiare, bankare, tregtare, sherbyese apo veprimtarive tjera, që ka seli në shtet tjeter, apo perfaqesi në Republiken e Maqedonise, apo eshte themeluar si shoqeri nderkombetare, fond, banke apo institucion."

Në paragrafin (23) fjalet: "që jane bashkuar për kryerjen e veprave penale" shlyhen.

Paragrafi (24) ndryshohet si vijon:

"Si pornografi të femijeve nenkuptohet materiali pornografik që në menyre vizuale paraqet veprime evidente seksuale me të mitur apo person të rritur që duket si i mitur, apo e paraqesin të miturin apo personin e rritur që duket si i mitur në pozite evidente seksuale, apo fotografi reale të cilat paraqesin veprime evidente seksuale me të mitur apo e paraqesin të miturin apo personin e rritur që duket si i mitur në pozite evidente seksuale."

Neni 8

Në nenin 123 paragrafi (2) pika 2 pas fjales "dhune" vihet presje.

Neni 9

Në nenin 130 paragrafi (4) pas fjales "padise" vihet presje.

Neni 10

Neni 165-a paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Me denim nga paragrafi (1) i ketij neni, do të denohet personi pergjegjes në personin juridik i cili nuk do t'i paraqese donacionet dhe mjetet tjera për financimin e fushates zgjedhore, do ta pengoje mbikeqyrjen mbi financimin apo ndihmen në menyre tjeter të fushates zgjedhore, nuk do të parashtroje raport financiar apo do të jape të dhena të rrejshme apo të dhena të paplota për donacionet e dhena dhe mjetet tjera, do t'i tejkaloje kufizimet ligjore të mjeteve të lejuara për fushate zgjedhore, do të siguroje mjete të palejuara për fushate zgjedhore, do të paguaje mjete në kundershtim me dedikimin për financimin e fushates apo në menyre tjeter do ta keqperdore autorizimin e vet të percaktuar me ligj."

Neni 11

Pas nenit 165-b shtohet titull i ri dhe nen i ri 165-v, si vijojne:

"Shqiptimi i detyrueshem i denimit
ndalim për shfrytezimin e mjeteve për financimin
e partive politike

Neni 165 -v

Për veprat penale nga nenet 158 deri në165-a të ketij kodi, gjykata do t'i shqiptoje kryeresit ndalim për shfrytezimin e mjeteve për financimin e partive politike në kushtet nga neni 96-v paragrafi (1) i ketij kodi."

Neni 12

Në nenet 166 paragrafi (1), 167 paragrafi (1), 171 paragrafi (1), 206 paragrafi (1), 248 paragrafi (1), 249 paragrafi (1), 255, 380 dhe 393 para fjales "Ai" shtohet numri (1).

Neni 13

Në nenin 193 paragrafi (3) pas fjaleve: "ose për shfaqje pornografike" vihet presje.

Neni 14

Në Kapitullin e njezete "Vepra penale kunder marteses, familjes dhe rinise" para nenit 195 shtohet titull i ri dhe nen i ri 194-a, si vijojne:

"Shpallja e aktgjykimit gjyqesor

Neni 194-a

Gjate gjykimit për veper penale nga ky kapitull, të kryer kunder personit të mitur i cili nuk i ka mbushur 14 vjec, gjykata me kerkese të prokurorit publik do të vendose që në llogari të të gjykuarit të shpallet aktgjykim i plotfuqishem gjyqesor ose ekstrakt i tij nepermjet mjeteve për informim publik, me mbrojtjen e të dhenave personale të viktimes."

Neni 15

Në nenin 205 paragrafi (5) fjala "i cili" zevendesohet me fjalen "që".

Neni 16

Në nenin 229 paragrafi (1) fjala "cili" zevendesohet me fjalen "që".

Neni 17

Neni 236 paragrafi (1) pika 6 ndryshohet si vijon:

"6) me shfrytezimin e pafuqise apo fatkeqesise së tjetrit, kryeresi do të denohet me burg prej një deri në pese vjet."

Pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2), si vijon:

"(2) "Për vjedhje të sendeve me vlere të konsiderueshme,kryeresi do të denohet me burg prej një deri në dhjete vjet."

Paragrafi (2) i cili behet paragraf (3) ndryshohet si vijon:

"(3) Për vjedhje të sendeve me vlere me permasa të medha, kryeresi do të denohet me burg prej tre deri në dhjete vjet."

Paragrafet (3) dhe (4), behen paragrafe (4) dhe (5).

Neni 18

Neni 237 paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

"Nese vlera e sendit të marre eshte më e vogel dhe kryeresi ka synuar që të pervetesoje send me vlere të atille,

do të denohet me burg prej një deri në pese vjet."

Në paragrafin (4) numri "1" zevendesohet me numrin "(1)" dhe shtohen fjalet: "deri në 3 të ketij neni", ndersa pas fjaleve "ose mjet i rrezikshem" shtohen fjalet: "ose nese gjate kryerjes së vepres në banke, kembimore, poste ose në vend publik rrezikohet jeta ose trupi i dy a më teper personave".

Në nenin (5) numri "1" zevendesohet me numrin "(1)".

Neni 19

Neni 238 paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

"(3) Nese vlera e sendit të marre eshte më e vogel dhe kryeresi ka synuar që të pervetesoje send me vlere të atille,

do të denohet me burg prej një deri në pese vjet."

Në paragrafin (4) numri "1" zevendesohet me numrin "(1)" dhe shtohen fjalet: "deri në (3) të ketij neni", ndersa pas fjaleve "mjet i rrezikshem" shtohen fjalet: "ose nese gjate kryerjes së vepres në banke, kembimore, poste ose në vend publik rrezikohet jeta ose trupi i dy a më teper personave".

Në nenin (5) numri "1" zevendesohet me numrin "(1)".

Neni 20

Neni 253 ndryshohet si vijon:

"(1) Ai që në kryerjen e veprimtarise ekonomike, financiare, tregtare, sherbyese ose veprimtarise tjeter ekonomike në menyre të drejtperdrejte apo të terthorte do të kerkoje apo do të pajtohet që të pranoje për vete ose për tjeter dhurate ose dobi ose premtim tjeter të drejtperdrejte apo të terthorte ose oferte për dobi të tille, që t'i lë anesh interesat e personit juridik ose fizik gjate lidhjes ose vazhdimit të marreveshje ose ndermarrjes së veprimit tjeter ose që të realizoje dobi të paarsyeshme ose të shkaktoje dëm me vlere më të madhe për personin juridik ose fizik ose për person të trete,

do të denohet me burg prej një deri në pese vjet.

(2) Me denimin nga paragrafi (1) i ketij neni, do të denohet ai që do të kerkoje ose do të pajtohet që të pranoje dhurate më menyre të paautorizuar ose dobi tjeter për vete ose për person të trete ose premtim për oferte për dobi të tille që të mos lidhet ose vazhdohet marreveshja ose të mos ndermerret veprim tjeter në dobi të personit juridik ose fizik interesat e të cilit i perfaqeson.

(3) Nese kryeresi pajtohet që të pranoje në menyre të paautorizuar dhurate ose dobi tjeter pas lidhjes së marreveshjes ose ndermarrjes ose mosndermarrjes së veprimit tjeter,do të denohet me denim me para ose me burg deri në tri vjet.

(4) Dhurata e pranuar ose dobia tjeter merren."

Neni 21

Pas nenit 253 shtohet titulli i ri dhe nen i ri 253-a, si vijon:

"Dhenia e paautorizuar e dhuratave

Neni 253-a

(1) Ai që në menyre të drejtperdrejte apo të terthorte do të premtoje, do të ofroje apo do t'i jape tjetrit dhurate ose dobi tjeter ose premtim ose oferte për dobi të atille, që në kryerjen e

veprimtarise ekonomike, financiare, tregtare, sherbyese ose veprimtarise tjeter ekonomike, t'i lë anash interesat e personit juridik ose fizik gjate lidhjes ose vazhdimit të marreveshjes ose ndermarrjes së veprimit tjeter ose që të autorizoje dobi të paarsyeshme ose të shkaktoje dëm me vlere më të madhe për personin juridik ose fizik ose për person të trete,

do të denohet me burg prej një deri në pese vjet.

(2) Me denim nga paragrafi (1) i ketij neni, do të denohet ai që do të premtoje, ofroje apo do t'i jape tjetrit dhurate ose dobi tjeter ose premtim ose oferte për dobi të atille, që në kryerjen e veprimtarise ekonomike, financiare, tregtare, sherbyese ose veprimtarise tjeter ekonomike në menyre të paautorizuar të realizoje për vete ose për tjeter interes dobi të paarsyeshme ose të shkaktoje dëm me vlere më të madhe me moslidhjen apo mosvazhdimin e marreveshjes ose mosndermarrjen e veprimit tjeter, që ka qene i detyruar ta ndermarre në dobi të personit juridik ose fizik interesat e të cilit i perfaqeson.

(3) Nese kryeresi i vepres nga paragrafet (1) dhe (2) të ketij neni, e paraqet vepren para se të zbulohet ose të kuptoje se eshte zbuluar, mund të lirohet nga denimi.

(4) Dhurata e dhene ose dobia tjeter merren."

Neni 22

Në nenin 278-a paragrafi (3) shlyhet.

Paragrafi (4) behet paragraf (3).

Në paragrafin (5) i cili behet paragraf (4) numri "1" zevendesohet me numrin "(1)".

Paragrafi (6) behet paragraf (5).

Neni 23

Neni 357 paragrafet (1), (2), (3) dhe (6), ndryshohen si vijojne:

"(1) Personi zyrtar i cili në menyre të drejtperdrejte apo të terthorte do të kerkoje ose pranoje dhurate ose dobi tjeter ose do të pranoje premtim për dhurate ose dobi tjeter për vete ose për tjeter, që të kryeje veprim zyrtar që nuk guxon ta kryeje ose të mos kryeje veprim zyrtar që doemos duhet ta kryeje,

do të denohet me burg prej kater deri në dhjete vjet.

(2) Personi zyrtar i cili në menyre të drejtperdrejte apo të terthorte do të kerkoje ose do të pranoje dhurate ose dobi tjeter ose do të pranoje premtim për dhurate ose dobi tjeter për vete ose për tjeter, që të kryeje veprim zyrtar që doemos duhet ta kryeje, ose të mos kryeje veprim zyrtar që nuk guxon ta kryeje,

do të denohet me burg prej një deri në pese vjet.

(3) Personi zyrtar i cili pas kryerjes ose moskryerjes së veprimit zyrtar, të shenuar në paragrafet (1) dhe (2) të ketij neni, lidhur me atë, do të kerkoje, do të pranoje ose do të pajtohet që të pranoje dhurate ose dobi tjeter,

do të denohet me burg prej tre muaj deri në tri vjet.

(6) Me denim nga paragrafet (1), (2), (3), (4) dhe (5) të ketij neni, do të denohet edhe personi pergjegjes, personi i cili kryen pune me interes publik, si dhe personi i huaj zyrtar."

Neni 24

Në nenin 358 paragrafet (1), (2) dhe (3) ndryshohen si vijojne:

"(1) Ai që në menyre të drejtperdrejte apo të terthorte personit zyrtar do t'i jape, premtoje ose do t'i ofroje dhurate ose dobi tjeter për atë ose për tjeter, që të kryeje veprim zyrtar që nuk guxon ta kryeje ose të mos kryeje veprim zyrtar që doemos duhet ta kryeje ose ai që ndermjeteson me kete rast,

do të denohet me burg prej një deri në pese vjet.

(2) Ai që në menyre të drejtperdrejte apo të terthorte personit zyrtar do t'i jape, premtoje ose do t'i ofroje dhurate ose dobi tjeter për atë ose për tjeter që të kryeje veprim zyrtar që doemos duhet ta kryeje, ose të mos kryeje veprim zyrtar që nuk guxon ta kryeje ose ai që ndermjeteson me kete rast,

do të denohet me burg prej një deri në tri vjet.

(3) Për vepren nga paragrafet (1) dhe (2) të ketij neni, gjykata mund ta liroje nga denimi kryeresin i cili ka dhene ose ka premtuar ryshfet me kerkese të personit zyrtar dhe kete e paraqet para se të kuptoje se vepra eshte zbuluar."

Në paragrafin (6) numri "3" zevendesohet me numrin "(3)", ndersa fjala "do" zevendesohet me fjalet: "kur eshte liruar nga denimi mund t'i".

Neni 25

Pas nenit 358 shtohet titull i ri dhe nen i ri 358-a,si vijojne:

"Neni 358-a

Dhenia e shperblimit për ndikim të kunderligjshem

(1) Ai që tjetrit në menyre të drejtperdrejte apo të terthorte do t'i jape shperblim, dhurate ose dobi tjeter ose premtim ose oferte për dobi të tille, për atë ose për person të trete, që me shfrytezimin e ndikimit, pozites zyrtare ose shoqerore dhe prestigjit të tij real ose të supozuar, të kerkoje, intervenoje, nxite ose në menyre tjeter të ndikoje që të kryhet veprim i caktuar zyrtar që doemos duhet të kryhet ose të mos kryhet veprim zyrtar që nuk guxon të kryhet,

do të denohet me burg prej një deri në tri vjet.

(2) Ai që shperblimin, dhuraten ose dobine tjeter, premtimin ose oferten për dobi të tille, në menyre të drejtperdrejte apo të terthorte do t'ia jape tjetrit, që me shfrytezimin e ndikimit, pozites zyrtare ose shoqerore dhe prestigjit të tij real ose të supozuar, të kerkoje, intervenoje, nxite ose në menyre tjeter të ndikoje që të kryhet veprim i caktuar zyrtar që nuk guxon të kryhet ose të mos kryhet veprim zyrtar që doemos duhet të kryhet,

do të denohet me burg prej një deri në pese vjet.

(3) Nese vepra nga paragrafi (2) i ketij neni eshte kryer lidhur me ngritjen ose udheheqjen e procedures penale kunder personit të caktuar, kryeresi do të denohet me burg prej një deri në pese vjet.

(4) Ai që tjetrit në menyre të drejtperdrejte apo të terthorte do t'i jape shperblim, dhurate ose dobi tjeter ose premtim ose oferte për dobi të tille, për atë ose për person të trete, që me shfrytezimin e ndikimit, pozites zyrtare ose shoqerore dhe prestigjit të tij real ose të supozuar, të kerkoje, intervenoje, nxite ose në menyre tjeter të ndikoje te personi pergjegjes, personi pergjegjes në personin e huaj juridik që kryen veprimtari në Republiken e Maqedonise ose te personi i cili kryen pune me interes publik që të kryeje ose të mos kryeje veprim që eshte në kundershtim me detyren tij,

do të denohet me denim në para ose me burg deri në tri vjet.

(5) Nese vepra nga paragrafet (1), (2), (3) dhe (4) eshte kryer me kerkese të personit i cili duhet në menyre të kunderligjshme të ndermjetesoje, ndersa kryeresi e paraqet para se të zbulohet ose para se të kuptoje se eshte zbuluar mund të lirohet nga denimi.

(6) Shperblimi, dhurata ose dobia tjeter do të merren."

Neni 26

Titulli i nenit 359 ndryshohet si vijon: "Pranimi i shperblimit për ndikim kunderligjor".

Në nenin 359 paragrafet (1), (2) dhe (4) ndryshohen si vijojne:

"(1) Ai që në menyre të drejtperdrejte ose të terthorte do të pranoje shperblim, dhurate ose dobi tjeter ose premtim ose oferte për dobi të tille për vete ose për person të trete, që me shfrytezimin e ndikimit, pozites zyrtare ose shoqerore dhe prestigjit të tij real ose të supozuar, të kerkoje, intervenoje, nxite ose në menyre tjeter të ndikoje që të kryhet veprim zyrtar që doemos duhet të kryhet ose të mos kryhet veprim zyrtar që nuk guxon të kryhet,

do të denohet me burg prej një deri në tri vjet.

(2) Me denimin nga paragrafi (1) i ketij neni do të denohet ai që me shfrytezimin e ndikimit, pozites zyrtare ose shoqerore dhe prestigjit të vet real ose të supozuar, do të kerkoje, intervenoje, nxite ose në menyre tjeter do të ndikoje që të kryhet veprim zyrtar që nuk duhet të kryhet ose të mos kryhet veprim zyrtar që doemos duhet të kryhet.

(4) Ai që me shfrytezimin e ndikimit, pozites zyrtare ose shoqerore dhe prestigjit të vet real ose të supozuar, për shperblim, dhurate ose dobi tjeter, ose premtim për dobi të

tille, kerkon, intervenon, nxite ose në menyre tjeter ndikon te personi pergjegjes, personi pergjegjes në personin e huaj juridik që kryen veprimtari në Republiken e Maqedonise ose te personi i cili kryen pune me interes publik, të kryeje ose të mos kryeje veprim që eshte në kundershtim me detyren e tij, do të denohet me denim me para ose me burg deri në një vit."

Në paragrafin (5) fjalet: "tre muaj deri në tre vjet" zevendesohet me fjalet: "një deri në pese vite".

Pas paragrafit (5) shtohet paragraf i ri (6), si vijon:

"(6) Nese vepren nga ky nen e kryen personi juridik do të denohet me denim me para."

Paragrafet (6) dhe (7) behen paragrafe (7) dhe (8).

Neni 27

Në nenin 383 paragrafi (2) pas fjales "kryeresi" shtohet fjala "kercenohet", kurse pas fjales "vegel" vihet presje.

Neni 28

Në nenin 394-b paragrafi (1) fjalet: "objekte në perdorim të pergjithshem" ndryshohen si vijojne: "objekte për perdorim të pergjithshem".

Neni 29

Në nenet 394-g paragrafi (2), 417 paragrafi (1) dhe 418-a paragrafet (2) dhe (3) fjalet: "i cili" zevendesohen me fjalen: "që".

Neni 30

Në nenin 86 të Ligjit për ndryshimin dhe plotesimin e Kodit penal ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 19/2004) shtohet paragraf i ri (4), si vijon:

"Paragrafi (3) behet paragraf (5)."

Neni 31

Në nenin 7 të Ligjit për ndryshimin dhe plotesimin e Kodit penal ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise", numer 114/2009) paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Pikat 3, 4, 5, 6, 7, 8 dhe 9 behet pika 4, 5, 6, 7, 8, 9 dhe 10."

Neni 32

Në nenin 20 të Ligjit për ndryshimin dhe plotesimin e Kodit penal ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 114/2009) fjalet: "157 paragrafi (6)" zevendesohet me fjalet: "157 paragrafi (7)".

Neni 33

Në nenin 44 të Ligjit për ndryshimin dhe plotesimin e Kodit penal ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 114/2009) fjalet: "pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3), si vijon:" zevendesohet me fjalet: "paragrafi (3) ndryshohet si vijon:".

Neni 34

Autorizohet Komisioni Juridiko-Ligjvenes i Kuvendit të Republikes së Maqedonise që të percaktoje tekst të spastruar të Kodit penal.

Neni 35

Dispozita nga neni 3 i ketij ligj do filloje të zbatohet me diten e hyrjes në fuqi të dispozitave të Ligjit për të drejten e të miturve me të cilin do të rregullohet procedura për mbajtjen e regjistrit të vecante për persona të denuar me aktgjykim të plotfuqishem për vepra penale kunder lirise gjinore dhe moralit gjinor dhe veper penale nga neni 418-g, të kryera kunder personave të mitur.

Neni 36

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**1379.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАТЕНИЦИТЕ**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за пратениците,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр. 07- 2042/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАТЕНИЦИТЕ**

Член 1

Во Законот за пратениците ("Службен весник на Република Македонија" број 84/2005 и 161/2008), во членот 26 се додаваат три нови става 2, 3 и 4, кои гласат:

"Висината на платата на пратеник кој не учествува во работата на Собранието на Република Македонија (бојкотира) по јавно дадена изјава на пратеничка група чиј член е дека пратеничка група нема да учествува во работата на Собранието (бојкотира) изнесува една третина од платата која му е исплатена во последниот месец.

Висината на платата од ставот 2 на овој член се однесува и на пратеник кој не учествува во работата на Собранието на Република Македонија (бојкотира) по негова јавно дадена изјава дека нема да учествува во работата на Собранието на Република Македонија (бојкотира).

Примената на ставовите 2 и 3 од овој член ја уредува претседателот на Собранието на Република Македонија, а одделни решенија носи Комисијата за прашањата на изборите и именувањата."

Член 2

По членот 34 се додава нов поднаслов 6 и три нови члена 34-а, 34-б и 34-в, кои гласат:

„6 Права и услови за работа на пратениците избрани од државјаните на Република Македонија кои на денот на изборите се на привремена работа или престој во странство.

Член 34-а

Пратеникот избран од државјаните на Република Македонија кои на денот на изборите се на привремена работа или престој во странство ги има правата утврдени со закон и му се обезбедуваат условите за работа утврдени со закон.

На пратеникот од ставот 1 на овој член, на негово барање, во постапка утврдена со закон, за време на траењето на неговиот мандат му се доделува службен стан на користење, и тоа:

- до 70 $м^2$, доколку пратеникот во Република Македонија е без семејство и

- до 100 $м^2$, доколку пратеникот во Република Македонија е со семејство.

Доколку службен стан не може да му се обезбеди, пратеникот од ставот 1 на овој член има право на надоместок за закупнина на стан. Висината на надоместокот за закупнина на стан се определува согласно со закон.

Поединечното определување на надоместокот од ставот 3 на овој член го врши надлежното работно тело на Собранието.

Член 34-б

Пратеникот од членот 34-а став 1 на овој закон има право шестпати во текот на една година службено да ја посети изборната единица од која е избран. Службената посета на изборната единица е во траење од една недела.

Пратеникот за службената посета од ставот 1 на овој член има право на надоместок на патните трошоци и на дневница за службено патување во странство.

Член 34-в

Надлежното работно тело на Собранието ја уредува постапката за остварување на правото од членот 34-б на овој закон."

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од денот на конститутивната седница на Собранието на Република Македонија по првите наредни избори за избор на пратеници.

---

## L I G J
## PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR DEPUTETË

Neni 1

Në Ligjin për deputetë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 84/2005 dhe 161/2008), në nenin 26 shtohen tre paragrafë të rinj 2, 3 dhe 4, si vijojnë:

"Lartesia e rrogës së deputetit që nuk merr pjesë në punen e Kuvendit të Republikës së Maqedonisë (bojkoton) pas deklaratës së dhënë publikisht të grupit parlamentar anetar i të cilit është, se grupi parlamentar nuk do të marrë pjese në punën e Kuvendit (bojkoton) është një e treta e rroges që i është paguar në muajin e fundit.

Lartesia e rrogës nga paragrafi 2 i këtij neni ka të bëjë edhe me deputetin që nuk merr pjesë në punën e Kuvendit të Republikës së Maqedonisë (bojkoton), pas deklaratës së tij të dhënë publikisht se nuk do të marrë pjesë në punën e Kuvendit të Republikës së Maqedonisë (bojkoton).

Zbatimin e paragrafëve 2 dhe 3 të këtij neni e rregullon Kryetari i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë, ndërsa aktvendime të veçanta miraton Komisioni për Çështje të Zgjedhjeve dhe Emërimeve."

Neni 2

Pas nenit 34 shtohet nëntitull i ri 6 dhe tre nene të reja 34 – a, 34 - b dhe 34-v, si vijojnë:

"6 Të drejta dhe kushte për punë të deputetëve të zgjedhur nga shtetasit e Republikës së Maqedonisë të cilët në diten e zgjedhjeve janë në punë ose qëndrim të përkohshëm jashte vendit.

Neni 34-a

Deputeti i zgjedhur nga shtetasit e Republikës së Maqedonise të cilët në ditën e zgjedhjeve janë në punë ose qendrim të përkohshëm jashtë vendit, i ka të drejtat e percaktuara me ligj dhe i sigurohen kushte për punë të percaktuara me ligj.

Deputetit nga paragrafi 1 i këtij neni, me kërkesë të tij në procedurë të përcaktuar me ligj, për kohëzgjatjen e mandatit të tij i ndahet banesë zyrtare në shfrytëzim, si vijon:

- deri në 70 m², nëse deputeti në Republikën e Maqedonise është pa familje dhe
- deri në 100 m², nëse deputeti në Republikën e Maqedonise është me familje.

Nese banesa zyrtare nuk mund t'i sigurohet, deputeti nga paragrafi 1 i këtij neni ka të drejtë kompensimi të qirase së banesës. Lartësia e kompensimit të qirasë së banesës percaktohet në pajtim me ligjin.

Percaktimin veç e veç të kompensimit nga paragrafi 3 i ketij neni e kryen trupi punues kompetent i Kuvendit.

Neni 34-b

Deputeti nga neni 34-a paragrafi 1 të këtij ligji ka të drejte që gjashtë herë gjatë një viti zyrtarisht ta vizitojë njesine zgjedhore nga e cila është zgjedhur. Vizita zyrtare e njesise zgjedhore është në kohëzgjatje prej një jave.

Deputeti për vizitën zyrtare nga paragrafi 1 i këtij neni ka të drejtë kompensimi të shpenzimeve të udhëtimit dhe meditjes për udhëtim zyrtar jashtë vendit.

Neni 34-v

Trupi punues kompetent i Kuvendit e rregullon proceduren e realizimit të së drejtës nga neni 34-b i këtij ligji."

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të zbatohet nga dita e seancës konstituive të Kuvendit të Republikës së Maqedonise pas zgjedhjeve të para të ardhshme për zgjedhje të deputetëve.

---

**1380.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПШТАТА УПРАВНА ПОСТАПКА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 април 2011 година.

Бр. 07-2052/1
12 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПШТАТА УПРАВНА ПОСТАПКА

Член 1

Во Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 38/2005 и 110/-2008), во членот 3 став (2) бројот "129-а" се заменува со зборовите: "221 став (3)".

Член 2

Во членот 4 ставот (1) се менува и гласи:

„Органите од членот (1) од овој закон кога постапуваат во управни работи, решаваат врз основа и во рамките на закон и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот и други прописи на државните органи и на правните и други лица во вршењето на јавни овластувања."

Член 3

Во членот 63 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Органот што е надлежен за прием поднесокот, односно усното соопштение ќе ги користи личните податоци на подносителот за потребите на постапката, во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

(3) Исправите ( уверенијата, сертификатите, потврдите и друго) за факти за кои органот на државна управа, органот на локална самоуправа или друг субјект

надлежен за решавање води службена евиденција, ќе се смета дека странката ги има поднесено со барањето, доколку надлежниот орган истите може да ги прибави по службена должност.“

Ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (4), (5), (6), (7) и (8).

Член 4

Членот 129-а се брише.

Член 5

Во членот 139 ставот (3) се менува и гласи:

„Службеното лице кое ја води постапката е должно по службена должност да ги прибави податоците за фактите за кои службена евиденција води органот надлежен за решавање.“

По ставот (3) се додаваат три нови ставови (4), (5) и (6), кои гласат:

„(4) Службеното лице ќе постапи согласно со ставот (3) од овој член и во случај кога во однос на фактите службена евиденција води друг државен орган, односно друг субјект кој води регистар на податоци. Државниот орган, односно субјектот кој води службена евиденција, е должен бараните податоци да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(5) Службеното лице ќе ги прибави личните податоци за странката која предала поднесок за поведување на постапка, а кои се потребни за решавање на барањето.

(6) Начинот на прибавувањето и размената на податоците од ставот (5) на овој член се врши во согласност со прописите за заштита на личните податоци.“

Член 6

Во членот 221 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, во случаи утврдени со посебен закон, функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице на органот должен е во постапка и под услови пропишани со закон, да одлучи по барањето на странката, ако надлежниот орган не го донесе решението во пропишаниот рок“.

Член 7

Членот 227 се менува и гласи:

„(1) Доколку со закон не е утврдено право на жалба на решение на орган на државна управа, може да се поведе управен спор.

(2) По жалба против првостепено решение на орган во состав на органот на државна управа, со својство на правно лице, решава функционерот кој раководи со органот на државната управа.

(3) Против првостепено решение на орган во состав на органот на државната управа, без својство на правно лице, не може да се изјави жалба, но може да се поведе управен спор.

(4) По жалба против првостепено решение на правно и друго лице со јавни овластувања решава органот на државна управа надлежен за соодветната управна област за кое е донесено решението.

(5) Против решение на Владата на Република Македонија не може да се изјави жалба, но може да се поведе управен спор.

(6) Доколку со закон не е пропишано право на жалба на решение од орган над кој органот на државната управа не врши надзор (самостојни државни органи), може да се поведе управен спор.

(7) Во сите случаи во управната постапка кога не е предвиден орган за решавање во втор степен, странката против првостепеното решение може да поведе управен спор.“

Член 8

Во членот 235 став (1) зборот „може“ се заменува со зборовите: „е должен“.

Член 9

Во членот 236 став (1) зборовите: „тој може“ се заменуваат со зборовите: „е должен“.

Член 10

Во членовите 273 став (1) 274 став (1), 276, 284, 285, 286 и 288 зборот „извршителот”, односно „извршител” се заменува со зборот „извршеникот“, односно „извршеник”.

Член 11

Во насловот на Главата XVIII–а бројот “129-а” се заменува со зборовите: “221 став (3)”.

Член 12

Членот 293-а се брише.

Член 13

Членот 293-б станува член 293-а, кој гласи:

“Член 293-а

(1) Доколку надлежниот орган не донесе решение во рокот пропишан со материјалниот закон, подносителот има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок, да поднесе барање до писарницата на функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице на органот кој постапува по поднесокот, за донесување на решение по поднесеното барање.

(2) Функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице на органот, кој постапува по поднесокот од членот 293-а став (1) на овој закон е должен да донесе решение најдоцна во рок од пет работни дена од приемот на барањето со кое ќе го уважи или одбие барањето.

(3) Доколку функционерот кој раководи со органот не донесе решение во рокот од ставот (2) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(4) Државниот управен инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (3) на овој член да изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со законот и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(5) Инспекторот од државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува функционерот кој раководи со органот во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копие од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(6) Доколку функционерот кој раководи со органот не одлучи во рокот од ставот (5) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој функционерот кој раководи со органот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(7) Доколку функционерот кој раководи со органот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (6) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(8) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе

приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(9) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (8) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (4) и (5) и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (6) и (7) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со законот и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за презеемите мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(11) Во случајот од ставот (10) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат, веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(12) Во случаите од ставот (11) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира поддносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (9) од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(14) Доколку функционерот кој раководи со органот не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(15) Постапката пред Управниот суд е итна.“

Член 14

Во членот 296-а став (2) зборовите: “Министерството за правда” се заменуваат со зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“.

Во ставот (3) зборовите: “Министерот за правда“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за информатичко општество и администрација“.

Член 15

Започнатите постапки пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со прописите кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 16

Законите со кои се уредуваат прашањата во врска со управната постапка ќе се усогласат со овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 17

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за општата управна постапка.

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

# L I GJ
# PER NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PROCEDURË TË PËRGJITHSHME ADMINISTRATIVE

Neni 1

Në Ligjin për procedurë të përgjithshme administrative ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë", numër 38/2005, 110/2008), në nenin 3 paragrafi (2) numri "129-a" zevendesohen me fjalët: "221 paragrafi (3)".

Neni 2

Neni 4 paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

"Organet nga neni (1) i këtij ligji kur veprojnë në punë administrative, vendosin në bazë dhe në kuadër të ligjit dhe marreveshjeve ndërkombëtare të ratifikuara në pajtim me Kushtetuten dhe rregullat tjera të organeve shtetërore dhe të personave juridikë dhe personave tjerë në kryerjen e autorizimeve publike.”

Neni 3

Në nenin 63 pas paragrafit (1) shtohen dy paragrafë të rinj (2) dhe (3), si vijojnë:

"(2) Organi që është kompetent për pranimin e parashtreses, përkatësisht njoftimit me gojë, do t'i shfrytëzojë të dhenat personale të parashtruesit për nevojat e procedurës, në pajtim me rregullat për mbrojtjen e të dhënave personale.

(3) Dokumentet (certifikatat, dëftesat, vërtetimet etj.) për fakte për të cilat organi i administratës shtetërore, organi i vetadministrimit lokal apo subjekti tjetër kompetent për vendimmarrje mban evidencë zyrtare, do të konsiderohen se pala i ka parashtruar me kërkesën, nëse organi kompetent mund t'i marrë ato me detyrë zyrtare."

Paragrafet (2), (3), (4), (5) dhe (6) bëhen paragrafë (4), (5), (6), (7) dhe (8).

Neni 4

Neni 129-a shlyhet.

Neni 5

Neni 139 paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

"Personi zyrtar i cili e udhëheq procedurën me detyrë zyrtare detyrohet që t'i marrë të dhënat për faktet për të cilat evidencë zyrtare mban organi kompetent për vendimmarrje."

Pas paragrafit (3) shtohen tre paragrafë të rinj (4), (5) dhe (6), si vijojnë:

"(4) Personi zyrtar do të veprojë në pajtim me paragrafin (3) të këtij neni edhe në rast kur lidhur me faktet evidence zyrtare mban organi tjetër shtetëror, përkatësisht subjekti tjetër i cili mban regjistër të të dhënave. Organi shteteror, përkatësisht subjekti i cili mban evidencë zyrtare, detyrohet që të dhënat e kërkuara t'i dorëzojë në afat prej tri ditesh nga dita e pranimit të kërkesës.

(5) Personi zyrtar do t'i marrë të dhënat personale për palen që e ka parashtruar parashtresën për ngritjen e procedures, e të cilat nevojiten për zgjidhjen e kërkesës.

(6) Menyra e marrjes dhe shkëmbimit të të dhënave nga paragrafi (5) i këtij neni, bëhet në pajtim me rregullat për mbrojtjen e të dhënave personale.”

Neni 6

Në nenin 221 pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3), si vijon:

“(3) Me përjashtim nga paragrafi (2) i këtij neni, në rastet e përcaktuara me ligj të veçantë, funksionari i cili udheheq organin, përkatësisht personi udhëheqës i organit detyrohet që në procedurë dhe në kushte të përcaktuara me ligj, të vendos për kërkesën e palës, nëse organi kompetent nuk e miraton aktvendimin në afatin e përcaktuar".

Neni 7

Neni 227 ndryshohet si vijon:

"(1) Nese me ligj nuk është përcaktuar e drejta e ankeses kundër aktvendimit të organit të administratës shteterore, mund të ngritet kontest administrativ.

(2) Për ankesë kundër aktvendimit të shkallës së pare të organit në përbërje të administratës shtetërore, në cilesi të personit juridik, vendos funksionari i cili udhëheq organin e administratës shtetërore.

(3) Kunder aktvendimit të shkallës së parë të organit në perberje të administratës shtetërore, pa cilësi të personit juridik, nuk mund të parashtrohet ankesë, por mund të ngritet kontest administrativ.

(4) Për ankesë kundër aktvendimit të shkallës së parë të personit juridik dhe personit tjetër me autorizime publike, vendos organi i administratës shtetërore kompetent për sferen administrative përkatëse për të cilën është miratuar aktvendimi.

(5) Kunder aktvendimit të Qeverisë të Republikës së Maqedonise nuk mund të parashtrohet ankesë, por mund të ngritet kontest administrativ.

(6) Nese me ligj nuk është përcaktuar e drejta e ankesës kunder aktvendimit të organit mbi të cilin organi i administrates shtetërore nuk kryen mbikëqyrje (organe të pavarura shteterore), mund të ngritet kontest administrativ.

(7) Në të gjitha rastet në procedurën administrative kur nuk është paraparë organ për vendimmarrje në shkallë të dyte, pala kundër aktvendimit të shkallës së parë mund të ngrite kontest administrativ."

Neni 8

Në nenin 235 paragrafi (1) fjala "mund" zëvendësohet me fjalën: "detyrohet".

Neni 9

Në nenin 236 paragrafi (1) fjalët: "ai mund" zevendesohen me fjalën: "detyrohet".

Neni 10

Në nenet 273 paragrafi (1), 274 paragrafi (1), 276, 284, 285, 286 dhe 288 fjala "përmbaruesi", përkatësisht "permbarues", zëvendësohet me fjalën "realizuesi", përkatësisht "realizues".

Neni 11

Në titullin e Kreut XVIII-a numri "129-a" zevendesohen me fjalët: "221 paragrafi (3)".

Neni 12

Neni 293-a shlyhet:

Neni 13

Neni 293-b bëhet neni 293-a, si vijon:

"Neni 293-a

(1) Nese organi kompetent nuk miraton aktvendim në afatin e përcaktuar me ligjin material, parashtruesi ka të drejte që në afat prej tri ditëve të punës nga kalimi i ketij afati, të parashtrojë kërkesë në sekretarinë e funksionarit i cili udhëheq me organin, përkatësisht personit udheheqes të organit i cili vepron për parashtresën, për miratimin e aktvendimit për kërkesën e parashtruar.

(2) Funksionari i cili udhëheq organin, perkatesisht personi udhëheqës i organit, i cili vepron për parashtresen nga neni 293-a paragrafi (1) i këtij ligji, detyrohet që të miratoje aktvendim në afat prej pesë ditëve të punes nga pranimi i kerkeses me të cilën do ta pranojë apo refuzoje kërkesën.

(3) Nese funksionari i cili udhëheq organin nuk miraton aktvendim në afatin nga paragrafi (2) i ketij neni, parashtruesi i kërkesës mund ta njoftojë Inspektoratin Shtetëror Administrativ në afat prej pesë ditëve të punes.

(4) Inspektorati Shtetëror Administrativ në afat prej dhjete ditësh nga dita e pranimit të njoftimit nga paragrafi (3) i këtij neni detyrohet që të kryejë mbikeqyrje në organin kompetent nëse është zbatuar procedura në pajtim me ligjin dhe në afat prej tri ditëve të punës nga dita e mbikeqyrjes së kryer e informon parashtruesin e kërkesës për masat e ndërmarra.

(5) Inspektori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ pas mbikëqyrjes së kryer në pajtim me ligjin miraton aktvendim me të cilin e ngarkon funksionarin i cili udheheq organin që në afat prej dhjetë ditësh të vendosë për kerkesen e parashtruar, përkatësisht ta miratojë apo refuzoje kerkesen dhe ta njoftojë inspektorin për aktin e miratuar. Me njoftimin dorëzohet edhe kopje nga akti me të cilin ka vendosur për kërkesën e parashtruar.

(6) Nese funksionari i cili udhëheq organin nuk vendos në afatin nga paragrafi (5) i këtij neni, inspektori do të parashtroje kërkesë për ngritjen e procedurës kundërvajtëse për kundërvajtje të përcaktuar në Ligjin për inspeksionin administrativ dhe do të përcaktojë afat plotësues prej pesë diteve të punës, në të cilin funksionari i cili udhëheq organin do të vendosë për kërkesën e parashtruar, për çfarë në atë afat do ta njoftojë inspektorin për aktin e miratuar. Me njoftimin dorëzohet edhe kopje nga akti me të cilin ka vendosur për kërkesën e parashtruar. Inspektori në afat prej tri diteve të punës e informon parashtruesin e kërkesës për masat e ndërmarra.

(7) Nese funksionari i cili udhëheq organin nuk vendos edhe në afatin plotësues nga paragrafi (6) i këtij neni, inspektori në afat prej tri ditëve të punës, do të parashtroje kallezim te prokurori publik kompetent dhe në atë afat e informon parashtruesin e kërkesës për masat e ndërmarra.

(8) Nese inspektori nuk vepron për njoftimin nga paragrafi (4) i këtij neni, parashtruesi i kërkesës në afat prej pese ditëve të punës ka të drejtë që të parashtrojë kundershtim në sekretarinë e drejtorit të Inspektoratit Shtetëror Administrativ. Nëse drejtori nuk ka sekretari, kërkesa parashtrohet në sekretarinë e selisë së Inspektoratit Shtetëror Administrativ.

(9) Drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ detyrohet që në afat prej tri ditëve të punës ta shqyrtojë kundershtimin nga paragrafi (8) i këtij neni dhe nëse konstaton se inspektori nuk ka vepruar për njoftimin e parashtruesit të kerkeses nga paragrafët (4) dhe (5) të këtij neni dhe/ose nuk parashtron kallëzim në pajtim me paragrafët (6) dhe (7) të këtij neni, drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ do të parashtrojë kërkesë për ngritjen e procedurës kundervajtese për kundërvajtje të përcaktuar në Ligjin për inspeksionin administrativ për inspektorin dhe do të percaktoje afat plotësues prej pesë ditëve të punës në të cilin inspektori do të kryejë mbikëqyrje në organin kompetent nëse eshte zbatuar procedura në pajtim me ligjin dhe në afat prej tri ditëve të punës nga dita e mbikëqyrjes së kryer ta informoje parashtruesin e kërkesës për masat e ndërmarra.

(10) Nese inspektori nuk vepron edhe në afatin plotesues nga paragrafi (9) i këtij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ do të parashtrojë kallëzim te prokurori publik kompetent kundër inspektorit dhe në afat prej tri ditëve të punës, do ta informojë parashtruesin e kërkesës për masat e ndërmarra.

(11) Në rastin nga paragrafi (10) i këtij neni, drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ menjëherë, e më së voni në afat prej një ditë pune, do të autorizojë inspektor tjeter që ta kryejë mbikëqyrjen menjëherë.

(12) Në rastet nga paragrafi (11) i këtij neni, drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ në afat prej tri ditëve të punës, e informon parashtruesin e kërkesës për masat e ndermarra.

(13) Nese drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ nuk vepron në pajtim me paragrafin (9) të këtij neni, parashtruesi i kërkesës mund të parashtrojë kallëzim te prokurori publik kompetent në afat prej tetë ditëve të punes.

(14) Nese funksionari i cili udhëheq organin nuk vendos në afatin nga paragrafi (7) i këtij neni, parashtruesi i kerkeses mund të ngritë kontest administrativ në gjykatën kompetente.

(15) Procedura në Gjykatën Administrative është urgjente.

Neni 14

Në nenin 296-a paragrafi (2) fjalët: "Ministria e Drejtesise" zëvendësohen me fjalët: "Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës".

Në paragrafin (3) fjalët: "Ministri i Drejtësisë" zevendesohen me fjalët: "ministri i Shoqërisë Informatike dhe Administrates".

Neni 15

Procedurat e filluara para ditës së hyrjes në fuqi të këtij ligji do të përfundohen në pajtim me rregullat në fuqi deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 16

Ligjet me të cilat rregullohen çështjet lidhur me proceduren administrative do të harmonizohen me këtë ligj në afat prej gjashtë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 17

Autorizohet Komisioni Juridiko-Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë që të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative.

Neni 18

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në „Gazeten Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**1381.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за кривичната постапка,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 април 2011 година.

Бр. 07-2053/1
12 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА**

Член 1

Во Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" број 15/97, 44/2002, 74/2004, 83/2008 и 67/2009), во членот 142-б став (1) воведната реченица се менува и гласи: "Кога постојат основи на сомневање дека се подготвува, во тек е извршување или е сторено кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години, како и за кривични и дела за кои постојат основи на сомневање дека се подготвуваат, во тек е извршување или е сторено кривично дело од страна на организирана група, банди или друго злосторничко здружение, заради обезбедување податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, кои на друг начин не можат да се обезбедат или нивното обезбедување би било сврзано со поголеми тешкотии, може да се нареди преземање на посебните истражни мерки:".

Во ставот (1) точката 3 се менува и гласи:

"3) тајно набљудување, следење и снимање на лица и предмети со технички средства, надвор од домот и други простории;".

Во ставот (2) зборовите: "судот може да нареди" се заменуваат со зборовите: "може да се нареди".

Член 2

Во членот 142-г став (3) бројот "3" се заменува со бројот "4".

Член 3

Во членот 200 ставовите (3) и (4) се менуваат и гласат:

"(3) Лицето на кое се однесува наредбата за претресување ќе се поучи дека има право на бранител, кој може да присуствува на претресувањето. Кога лицето на кое се однесува наредбата за претресување бара присуство на бранител, почетокот на претресот ќе се одложи до неговото доаѓање, но најдолго два часа. Ако лицето не земе бранител, или повиканиот бранител во тој рок не дојде, претресот може да се изврши и без присуство на бранител.

(4) Претресувањето на женско лице го врши само женско лице."

Член 4

Во членот 202 став (2) зборовите: "и без присуство на сведоци" се бришат.

Член 5

Одредбите на овој закон престануваат да важат со денот на започнувањето со примена на Законот за кривичната постапка ("Службен весник на Република Македонија" број 150/10).

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR PROCEDURE PENALE**

Neni 1

Në Ligjin për procedure penale ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 15/97, 44/2002, 74/2004, 83/2008 dhe 67/2009), në nenin 142-b, paragrafi (1), fjalia hyrese ndryshohet si vijon: "Kur ekzistojne baza të dyshimit se pergatitet, kryhet ose eshte kryer veper penale për të cilen eshte percaktuar denim me burg prej së paku kater vitesh, si dhe vepra penale dhe vepra për të cilat ekzistojne dyshime se pergatiten, kryhet ose eshte kryer veper penale nga grupi, banda ose shoqeria kriminale e organizuar, për sigurimin e të dhenave dhe provave të domosdoshme për udheheqje me sukses të procedures penale, të cilat në menyre tjeter nuk mund të sigurohen ose sigurimi i tyre do të lidhej me veshtiresi të medha, mund të urdherohet marrja e masave të posacme hetuese:" .

Në paragrafin (1) pika 3 ndryshohet si vijon:

"3) vezhgim, percjellje dhe incizimi i fshehte i personave dhe sendeve me mjete teknike, jashte shtepise dhe hapesirave tjera;".

Në paragrafin (2), fjalet: "gjykata mund të urdheroje" zevendesohen me fjalet: "mund të urdherohet".

Neni 2

Në nenin 142-g paragrafi (3) numri "3" zevendesohet me numrin "4".

Neni 3

Në nenin 200 paragrafet (3) dhe (4) ndryshohen si vijojne:

"(3) Personi për të cilin ka të beje urdheresa për bastisje do të keshillohet se ka të drejte për mbrojtes, i cili mund të marre pjese në bastisje. Kur personi për të cilin eshte urdheresa për bastisje e kerkon pranine e mbrojtesit, fillimi i bastisjes do të shtyhet deri në ardhjen e tij, por më së shumti dy orë. Nese personi nuk merr mbrojtes, ose mbrojtesi i thirrur në atë afat nuk vjen, bastisja mund të kryhet edhe pa pranine e mbrojtesit.

(4) Bastisjen e personit të gjinise femerore e kryen vetem personi i gjinise femerore."

Neni 4

Në nenin 202 paragrafi (2) fjalet: "edhe pa pranine e deshmitareve" shlyhen.

Neni 5

Dispozitat e ketij ligji shfuqizohen në diten e fillimit të zbatimit të Ligjit për procedure penale ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 150/10).

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**1382.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН**

Се прогласува Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 април 2011 година.

Бр. 07-2054/1
12 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН**

Член 1

(1) Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (во натамошниот текст: Државната комисија) е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи.

(2) Државната комисија е надлежна да одлучува и за прашања од областа на работните односи во втор степен (кои не се во надлежност на Агенцијата за администрација), за прашањата од областа на работните односи за државните службеници од Агенцијата за администрација, како и против решенијата на Министерството за внатрешни работи со кои се поништени решенијата за доделување на награди.

(3) Во постапката за решавање по жалби Државната комисија ќе ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со овој или друг закон поинаку не е уредено.

(4) Надлежноста на Државната комисија да решава по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи се утврдува со посебните закони.

Член 2

(1) Државната комисија е државен орган кој е самостоен во својата работа и има својство на правно лице.

(2) Државната комисија има стручна служба. На вработените во стручната служба ќе се применуваат одредбите од Законот за државните службеници.

(3) Државната комисија се финансира од Буџетот на Република Македонија.

Член 3

(1) Државната комисија е составена од претседател и шест члена кои функцијата ја извршуваат професионално.

(2) Претседателот и членовите на Државната комисија ги именува по пат на јавен конкурс и ги разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

(3) Претседателот и членовите на Државната комисија се именуваат за период од пет години со право на повторен избор.

(4) За претседател на Државната комисија се именува лице кое е државјанин на Република Македонија, дипломиран правник и има најмалку шест години работно искуство на управни работи.

(5) За член на Државната комисија се именува лице кое е државјанин на Република Македонија, има завршено високо образование и има најмалку четири години работно искуство на управни работи.

(6) Членовите на Државната комисија од своите редови избираат заменик-претседател.

(7) Претседателот и членовите на Државната комисија не можат да бидат членови во органи и тела кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија или Владата на Република Македонија.

Член 4

(1) Собранието на Република Македонија го разрешува претседателот или член на Државната комисија пред истекот на мандатот, ако:

- тоа сам го побара,
- трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата, што го утврдува Собранието на Република Македонија,
- е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци,
- ги исполни условите за старосна пензија,
- врши работи кои се неспојливи со функцијата член или претседател на Државната комисија или
- настапи смрт на претседателот или членот.

(2) Предлог за разрешување на претседателот и член на Државната комисија може да поднесе и Владата на Република Македонија.

(3) За постоењето на причини за разрешување на претседателот или член на Државната комисија пред истекот на мандатот, претседателот (или заменикот во случај на разрешување на претседателот) е должен да го извести Собранието на Република Македонија.

(4) Собранието на Република Македонија започнува постапка за утврдување на предлог за именување на претседател и членови на Државната комисија најмалку три месеци пред истекот на нивниот мандат. Постапката за именување треба да заврши најмалку 30 дена пред редовниот истек на мандатот на претседателот и членовите.

Член 5

Со деловник се уредува начинот на работењето и одлучувањето на Државната комисија.

Член 6

(1) Државната комисија за своето работење поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.

(2) На барање на Собранието на Република Македонија Државната комисија е должна да поднесе извештај и за период пократок од една година.

(3) Годишниот извештај особено содржи:

- број на примени предмети,
- број на решени предмети (отфрлени,одбиени и прифатени жалби),
- број на нерешени предмети,
- број на предмети за кои е покренат управен спор (одбиени и прифатени предмети) и
- статистичка анализа на постапките на правна заштита.

Член 7

Се забранува секој облик на влијание врз донесувањето на одлуките на Државната комисија, а особено секоја злоупотреба на јавните овластувања, заради влијаење на текот и исходот на постапката.

Член 8

(1) По жалбените предмети Државната комисија одлучува на седница со мнозинство од вкупниот број членови.

(2) Државната комисија може да работи само доколку на седницата се присутни најмалку пет члена. На седниците на Државната комисија задолжително присуствува претседателот и/или неговиот заменик.

(3) Член на Државната комисија не може да биде воздржан при гласање.

(4) Седниците на Државната комисија не се јавни.

(5) За постапката за советување и гласање се води посебен записник. Записникот го потпишуваат сите присутни членови на Државната комисија и записничарот.

(6) Државната комисија одлучува во рок од два месеца од денот на предавањето на жалбата, ако со посебен пропис не е определен пократок рок.

(7) Кога Државната комисија постапува по изјавена жалба против решение кое еднаш било поништено и вратено на повторно решавање, постапувајќи по жалбата, Државната комисија сама ќе го реши предметот.

(8) Доколку Државната комисија не донесе решение во рокот од ставот (6) на овој член, подносителот на жалбата може да го извести државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(9) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (8) на овој член да изврши надзор во Државната комисија дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор го известува подносителот на жалбата.

(10) Инспекторот од државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое ги задолжува претседателот и членовите на Државната комисија во рок од десет дена да одлучат по поднесената жалба и да го известат инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучиле по поднесената жалба.

(11) Доколку, претседателот и членовите на Државната комисија не одлучат во рокот од ставот (10) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција против претседателот и членовите на Државната комисија и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој претседателот и членовите на Државната комисија ќе одлучат по поднесената жалба за што во истиот рок ќе го известат инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој претседателот и членовите на Државната комисија одлучиле по поднесената жалба. Инспекторот во рок од три работни дена го информира поднесителот на жалбата.

(12) Доколку претседателот и членовите на Државната комисија не одлучат и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го извести подносителот на жалбата.

(13) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (9) на овој член, подносителот на жалбата во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, приговорот се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(14) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (13) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на жалбата согласно со ставовите (9) и (10) и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (11) и (12) од овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Државната комисија дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор ќе го информира подносителот на жалбата.

(15) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (14) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го извести подносителот на жалбата.

(16) Во случајот од ставот (15) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат, веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(17) Во случајот од ставот (16) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го известува подносителот на жалбата.

(18) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (14) од овој член, подносителот на жалбата може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(19) Доколку претседателот и членовите на Државната комисија не одлучат во рокот од ставот (12) на овој член, подносителот на жалбата може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(20) Постапката пред Управниот суд е итна."

Член 9

При решавање по жалбите Државната комисија води записник.

Записникот треба да содржи битни податоци за преземените дејствија, односно одлуките донесени на расправата.

Записникот го потпишува претседателот, присутните членови и записничарот и е составен дел на предметот.

Член 10

Против решението на Државната комисија за работите од членот 1 став 1 на овој закон може да се покрене управен спор пред судот надлежен за водење на управни спорови.

Против решението на Државната комисија за работите од членот 1 став 2 на овој закон може со тужба да се покрене спор пред надлежен суд.

Член 11

Започнатите постапки и постапките кои ќе започнат пред комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен за одделни управни работи до започнувањето на примената на овој закон ќе се завршат од страна на комисиите во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Решавањето на предметите започнати пред влегувањето во сила на овој закон по кои е поведен управен спор ќе продолжи согласно со одредбите на овој закон.

Законите со кои е утврдено правото на жалба пред комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен за одделни управни работи ќе се усогласат со одредбите на овој закон до денот на започнувањето со примена на овој закон.

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

# L I GJ
# PËR THEMELIMIN E KOMISIONIT SHTETEROR PËR VENDIMMARRJE NË PROCEDURE ADMINISTRATIVE DHE PROCEDURE NGA MARREDHENIA E PUNES NË SHKALLE TË DYTE

Neni 1

(1) Komisioni Shteteror për Vendimmarrje në Procedure Administrative dhe Procedure nga Marredhenia e Punes në Shkalle të Dyte ( në tekstin e më poshtem: Komisioni Shteteror) eshte kompetent për zgjidhjen e ankesave kunder aktvendimeve të miratuara në procedure administrative në shkalle të pare nga ana e ministrive, organeve tjera të administrates shteterore, organizatave të percaktuara me ligj dhe organeve tjera shteterore.

(2) Komisioni Shteteror eshte kompetent të vendose dhe për ceshtje nga sfera e marredhenieve të punes në shkalle të dyte (të cilat nuk jane në kompetence të Agjencise për Administrate), për ceshtje nga sfera e marredhenies së punes për nepunesit shteterore nga Agjencia për Administrate, si dhe kunder aktvendimeve të Ministrise së Puneve të Brendshme me të cilat jane anuluar aktvendimet për ndarjen e cmimeve.

(3) Në procedure për zgjidhjen e ankesave Komisioni Shteteror do t'i zbatoje dispozitat e Ligjit për procedure të pergjithshme administrative, nese me kete ligj ose me ligj tjeter nuk eshte rregulluar ndryshe.

(4) Kompetenca e Komisioni Shteteror eshte të vendose për ankesat kunder aktvendimeve të miratuara në procedure administrative në shkalle të pare nga ministrite, organet tjera të administrates shteterore, organizatat percaktuara me ligj dhe organet tjera shteteror, percaktohet me ligje të vecanta.

Neni 2

(1) Komisioni Shteteror eshte organ shteteror i cili eshte i pavarur dhe në punen e tij e ka cilesine e personit juridik.

(2) Komisioni Shteteror ka sherbim profesional. Për të punesuarit në sherbimin profesional do të zbatohen dispozitat e ligjit për nepunes shteterore.

(3) Komisioni Shteteror financohet nga Buxheti i Republikes së Maqedonise.

Neni 3

(1) Komisioni Shteteror perbehet nga kryetari dhe gjashte anetar të cilet funksionin e kryejne profesionalisht.

(2) Kryetari dhe anetaret e Komisionit Shteteror i emeron nepermjet konkursit publik dhe i shkarkon Kuvendi i Republikes së Maqedonise me propozim të Komisionit për Ceshtje të Zgjedhjeve dhe Emerimeve të Kuvendit të Republikes së Maqedonise.

(3) Kryetari dhe anetaret e Komisionit Shteteror emerohen për periudhen prej pese vitesh me të drejte të zgjedhjes së serishme.

(4) Për kryetar të Komisionit Shteteror emerohet personi i cili eshte shtetas i Republikes së Maqedonise, jurist i diplomuar dhe ka së paku gjashte vite pervoje pune në pune administrative.

(5) Për anetar të Komisionit Shteteror emerohet person i cili eshte shtetas i Republikes së Maqedonise, ka mbaruar arsim të larte dhe ka së paku kater vite pervoje pune në pune administrative.

(6) Anetaret e Komisionit Shteteror nga radhet e tyre zgjedhin zevendeskryetar.

(7) Kryetari dhe anetaret e Komisionit Shteteror nuk mund të jene anetare në organe dhe trupa të cilat i zgjedh ose emeron Kuvendi i Republikes së Maqedonise ose Qeveria e Republikes së Maqedonise.

Neni 4

(1) Kuvendi i Republikes së Maqedonise e shkarkon kryetarin ose anetarin e Komisionit Shteteror para perfundimit të mandatit, nese:

- kete vete e kerkon,
- pergjithmone e humb aftesine për kryerjen e funksionit, që e percakton Kuvendi i Republikes së Maqedonise,
- eshte denuar me aktgjykim gjyqesor të plotfuqishem për veper penale denim me burg pa kusht prej së paku gjashte muajsh,
- ii ploteson kushtet për pension sipas pleqerise,
- kryen pune që nuk jane në perputhje me funksionin anetar ose kryetar i Komisionit Shteteror ose
- vdes kryetari ose anetari.

(2) Propozim për shkarkim të kryetarit dhe anetarit të Komisionit Shteteror mund të paraqese edhe Qeveria e Republikes së Maqedonise.

(3) Për ekzistimin e arsyeve për shkarkim të kryetarit ose anetarit të Komisionit Shteteror para kalimit të mandatit, kryetari ( ose zevendesi në rast të shkarkimit të kryetarit) eshte i obliguar që ta njoftoje Kuvendin e Republikes së Maqedonise.

(4) Kuvendi i Republikes së Maqedonise e fillon proceduren për percaktimin e propozimit për emerim të kryetarit dhe anetareve të Komisionit Shteteror së paku tre muaj para skadimit të mandatit të tyre. Procedura për emerim duhet të mbaroje më së paku 30 dite para mbarimit të rregullt të mandatit të kryetarit dhe anetareve.

Neni 5

Me Rregullore rregullohet menyra e punes dhe vendimmarrjes së Komisionit Shteteror.

Neni 6

Komisioni Shteteror për punen e vet paraqet raport vjetor në Kuvendin e Republikes së Maqedonise deri në fund të marsit në vitin vijues për vitin paraprak.

(2) Me kerkese të Kuvendi të Republikes së Maqedonise Komisioni Shteteror eshte obligohet që të paraqese raport edhe për periudhe më të shkurter se një vit.

(3) Raporti vjetor në vecanti i permban:

- numrin e lendeve të pranuara,
- numrin e lendeve të zgjidhura (ankesa të hedhura poshte, të refuzuara dhe të pranuara),
- numrin e lendeve të zgjidhura,
- numrin e lendeve për të cilat eshte ngritur kontest administrativ (lende të refuzuara dhe pranuara) dhe
- analize statistikore të procedurave për mbrojtje juridike.

Neni 7

Ndalohet çdo forme e ndikimit mbi miratimin e vendimeve të Komisionit Shteteror, e vecanerisht çdo keqperdorim për autorizime publike, për ndikimin në rrjedhen dhe rezultatet e procedures.

Neni 8

(1) Për lendet e ankesave Komisioni Shteteror vendos në mbledhje me shumice nga numri i pergjithshem i anetareve.

(2) Komisioni Shteteror mund të punoje vetem nese në mbledhje jane prezent së paku pese anetare. Në mbledhjen e Komisionit Shteteror merr pjese detyrimisht kryetari dhe/ose zevendesi i tij.

(3) Anetari i Komisionit Shteteror nuk mund të jete i permbajtur gjate votimit.

(4) Mbledhjet e Komisionit Shteteror nuk jane publike.

(5) Për proceduren e keshillimit dhe votimit mbahet procesverbal i vecante. Procesverbalin e nenshkruajne të gjithe të pranishmit në Komisionin Shteteror dhe mbajtesi i procesverbalit.

(6) Komisioni Shteteror vendos në afat prej dy muajsh nga dita e dorezimit të ankeses, nese me dispozite të vecante nuk eshte percaktuar afat më i shkurter.

(7) Kur Komisioni Shteteror vepron sipas ankeses së parashtruar kunder vendimit që një here eshte anuluar dhe kthyer në zgjidhje të serishme, duke vepruar për ankesen, Komisioni Shteteror vete do ta zgjidhe lenden.

(8) Nese Komisioni Shteteror nuk merr vendim në afatin nga paragrafi (6) i ketij neni, parashtruesi i ankeses mund ta njoftoje Inspektoratin Shteteror Administrativ në afat prej pese ditesh pune.

(9) Inspektorati Shteteror Administrativ eshte i obliguar që në afat prej dhjete ditesh nga dita e pranimit të njoftimit nga paragrafi (8) i ketij neni, të kryeje mbikeqyrje në Komisionin

Shteteror nese eshte zbatuar procedura në pajtim me ligjin dhe në afat prej tri ditesh pune nga dita e mbikeqyrjes së kryer e informon parashtruesin e ankeses për masat e marra.

(10) Inspektori nga Inspektoratit Shteteror Administrativ pas mbikeqyrjes së kryer në pajtim me ligjin merr vendim me të cilin i ngarkon kryetarin dhe anetaret e Komisionit Shteteror në afat prej dhjete ditesh të vendosin për ankesen së parashtruar dhe ta njoftojne inspektorin për aktin e miratuar. Me njoftim dorezohet kopje nga akti me të cilin kane vendosur për kerkesen e paraqitur.

(11) Nese, kryetari dhe anetaret e Komisionit Shteteror nuk vendosin në afatin nga paragrafi (10) i ketij neni, inspektori do të parashtroje kerkese për ngritjen e procedures kundervajtese për kundervajtje të percaktuar në Ligjin për inspeksion administrativ kunder kryetarit dhe anetareve të Komisionit Shteteror, dhe do të percaktoje afat plotesues prej pese ditesh pune, në të cilin kryetari dhe anetaret e Komisionit Shteteror do të vendosin sipas ankeses së paraqitur për cfare në afatin e njejte e njofton inspektorin për aktin e miratuar. Me njoftim dorezohet kopje nga akti me të cilin kryetari dhe anetaret e Komisionit Shteteror kane vendosur për kerkesen e paraqitur. Inspektori në afat prej tri ditesh pune e informon parashtruesin e ankeses.

(12) Nese kryetari dhe anetaret e Komisionit Shteteror nuk vendosin edhe në afatin plotesues nga paragrafi (11) i ketij neni, inspektori në afat prej tri ditesh pune do të paraqese kallezim te prokurori publik kompetent dhe në atë afat e informon parashtruesin e ankeses për masat e marra.

(13) Nese inspektori nuk vepron sipas njoftimit nga paragrafi (9) i ketij neni, parashtruesi i kerkeses në afat prej pese ditesh ka të drejte të parashtroje ankese te sekretaria e drejtorit të Inspektoratit Shteteror Administrativ. Nese drejtori nuk ka sekretari, ankesa parashtrohet në sekretari në seline e Inspektoratit Shteteror Administrativ.

(14) Drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ eshte i obliguar që në afat prej tri ditesh pune ta shqyrtoje ankesen nga paragrafi (13) i ketij neni, dhe nese verteton se inspektori nuk ka vepruar sipas njoftimit nga parashtruesi i kerkeses nga paragrafet (9) dhe (10) të ketij neni dhe/ose nuk parashtron kallezim në pajtim me paragrafet (11) dhe (12), drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ do të paraqese kerkese për ngritjen e procedures kundervajtese për inspektorin, dhe do të percaktoje afat prej pese ditesh pune në të cilin inspektori do të kryeje mbikeqyrje në Komisionin Shteteror nese eshte zbatuar procedura në pajtim me ligjin dhe në afat prej tri ditesh pune nga dita e mbikeqyrjes së kryer ta informoje parashtruesin e kerkeses.

(15) Nese inspektori nuk vepron edhe në afatin plotesues nga paragrafi (14) të ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ do të paraqese kallezim te prokurori publik kompetent kunder inspektorit dhe në afat prej tri ditesh pune do ta informoje parashtruesin e ankeses.

(16) Në rast nga paragrafi (15) i ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ menjehere, e më së voni në afat prej një dite pune, do të autorizoje inspektor tjeter ta zbatoje mbikeqyrjen menjehere.

(17) Në rastin nga paragrafi (16) i ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ në afat prej tri ditesh pune e informon parashtruesin e ankeses.

(18) Nese drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ nuk vepron në pajtim me paragrafin (14) të ketij neni, parashtruesi i kerkeses mund të parashtroje kallezim te prokurori publik kompetent në afat prej tete ditesh pune.

(19) Nese kryetari dhe anetaret e Komisionit Shteteror nuk vendosin në afatin nga paragrafit (12) i ketij neni, parashtruesi i ankeses mund të ngrite kontest administrativ para gjykates kompetente.

(20) Procedura para Gjykates Administrative eshte urgjente."

Neni 9

Gjate zgjidhjes së ankesave Komisioni Shteteror mban procesverbal.

Procesverbali duhet të permbaje të dhena të rendesishme për veprimet e marra, respektivisht vendimet e marra në debat.

Procesverbalin e nenshkruajne kryetari, anetaret prezent dhe mbajtesi i procesverbalit dhe eshte pjese perberese e lendes.

Neni 10

Kunder aktvendimit të Komisionit Shteteror për punet nga neni 1 paragrafi 1 të ketij ligji, mund të ngritet kontest administrativ në gjykaten kompetente për mbajtjen e kontesteve administrative.

Kunder aktvendimit të Komisionit Shteteror për punet nga neni 1 paragrafi 2 të ketij ligji mundet me padi të ngritet kontest para gjykates kompetente.

Neni 11

Procedurat e filluara dhe procedurat të cilat do të fillojne para komisioneve të Qeverise së Republikes së Maqedonise për vendosje në procedure administrative në shkalle të dyte për pune të caktuara administrative deri në fillimin e zbatimit të ketij ligji, do të mbarojne nga komisionet në afat prej gjashte muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji.

Zgjidhja e lendeve të filluara para hyrjes në fuqi të ketij ligji për të cilat eshte ngritur kontest administrativ do vazhdoje në pajtim me dispozitat e ketij ligji.

Ligjet me të cilat eshte percaktuar e drejta e ankeses para komisioneve të Qeverise së Republikes së Maqedonise për vendimmarrje në procedure administrative në shkalle të dyte për pune të caktuara administrative, do të harmonizohen me dispozitat e ketij ligji deri në diten e fillimit të zbatimit të ketij ligji.

Neni 12

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise", ndersa do të filloje të zbatohet pas gjashte muajsh nga dita e hyrjes së tij në fuqi.

---

**1383.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 април 2011 година.

Бр. 07-2060/1
12 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Член 1

Во Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/2005, 81/2005, 24/2007,159/2008, 83/2009, 48/10 и 124/10), во членот 1 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„Во постапките при вршење на инспекцискиот надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор доколку со овој закон поинаку не е уредено.“

Член 2

Во членот 5 став (1) точката 4 се менува и гласи:

"„Загадувачи" се загадувачки материи и супстанции кои ја загадуваат животната средина и кои се наведени во Регистарот за испуштање и пренесување на загадувачи;".

По точката 22 се додава нова точка 22-а, која гласи:

„22-а) "Дифузни извори" се сите помали и расфрлени поединечни извори коишто можат да ослободат загадувачки материи и супстанции во земјата, воздухот или водата, а чиешто заедничко влијание во тие медиуми може да биде значително и за коишто е неизводливо да се собираат извештаи за секој поединечен извор;".

Во точката 34 алинеја 1 сврзникот „и„ се заменува со запирка и се додава нова алинеја 2, која гласи:

„- финансирани или кофинансирани од Европската унија и".

По точката 34-б се додава нова точка 34-в, која гласи:

„34-в) "Засегнати органи" се оние органи на државната и локалната власт кои во согласност со своите надлежности имаат интерес за донесување на одлуки кои се поврзани со заштита на животната средина и здравјето на луѓето."

Член 3

Во членот 22-а по ставот (1) се додадаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Правното и физичкото лице од ставот (1) на овој член еднаш годишно, најдоцна до 1 март во тековната година, доставува извештај за претходната година за увезените и/или извезените супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или производи кои содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го пропишува начинот на доставување на извештаи од ставот (2) на овој член."

Ставовите (2), (3), (4) и (5) стануваат ставови (4), (5), (6) и (7).

Член 4

Во членот 24 ставовите (13), (14), (15) и (16) се менуваат и гласат:

„(13) Доколку надлежниот орган за одобрување на елаборатот не донесе решение со кое го одобрува или не го одобрува елаборатот во рокот припишан со ставот (11) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно до писарницата на градоначалникот на општината, на општината во градот Скопје и на градот Скопје да донесе решение со кое се одобрува елаборатот. Доколку министерот, односно градоначалникот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно до седиштето на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје.

(14) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (13) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(15) Кон барањето од ставот (13) на овој член, подносителот на барањето поднесува копија од елаборатот од ставот (1) на овој.

(16) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината, на општината во градот Скопје и на градот Скопје е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (13) на овој член до писарницата да поднесе решение за одобрување или неодобрување на елаборатот."

По ставот (16) се додаваат 27 нови става (17), (18), (19), (20), (21), (22), (23), (24), (25), (26), (27), (28), (29), (30), (31), (32), (33), (34), (35), (36), (37), (38), (39), (40), (41), (42) и (43), кои гласат:

„(17) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината, на општината во градот Скопје и на градот Скопје не го поднесе решението од ставот (16) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(18) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (17) на овој член да изврши надзор кај надлежниот орган за одобрување на елаборатот дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(19) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината, на општината во градот Скопје и на градот Скопје во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање од ставот (13) на овој член, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(20) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината, на општината во градот Скопје и на градот Скопје не одлучи во рокот од ставот (19) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот, односно градоначалникот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(21) Доколку министерот, односно градоначалникот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (20) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(22) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (17) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(23) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (22) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил согласно со ставовите (18) и (19) на овој член и/или не поднесол пријава согласно со ставовите (20) и (21) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за инспекторот за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно општината, општината во градот Скопје и градот Скопје дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(24) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (23) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(25) Во случаите од ставот (24) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(26) Во случаите од ставот (25) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(27) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (22) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(28) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината, на општината во градот Скопје и на градот Скопје не одлучи во рокот од ставот (21) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(29) Подзаконскиот акт од ставот 14 на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на овој закон.

(30) Со донесувањето на подзаконскиот акт од ставот (2) на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(31) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не го донесе решението од ставот (10) на овој член во рок од 30 дена, подносителот на жалбата може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(32) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (31) на овој член да изврши надзор кај органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор ќе го информира подносителот на жалбата за утврдената состојба при извршениот надзор.

(33) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од десет дена да одлучи по поднесената жалба од ставот (10) на овој член и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(34) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина не одлучи во рокот од ставот (33) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(35) Доколку министерот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (34) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(36) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (31) на овој член, подносителот на жалбата во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(37) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (36) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на жалбата согласно со ставовите (32) и (33) на овој член и/или не поднесол пријава согласно со ставовите (34) и (35) на овој член, Директорот на државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(38) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (37) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(39) Во случаите од ставот (38) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(40) Во случаите од ставот (18) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(41) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (37) на овој член, подносителот на жалбата може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(42) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не одлучи во рокот од ставот (35) на овој член, подносителот на жалбата може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(43) Постапката пред Управниот суд е итна.“

Член 5

Во членот 60 став (1) по зборовите: „оцената на состојбите“ се брише запирката и се додаваат зборовите: „дадени во Извештајот за состојбата со животната средина од членот 45 став (2) на овој закон“.

Член 6

Во членот 61 став (2) зборовите: „членот 69 од овој закон“ се заменуваат со зборовите: „ставот (8) на овој член“.

Член 7

Членот 65 се менува и гласи:

“(1) На предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, Владата на Република Македонија ги пропишува стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми (во натамошниот текст: плански документи), за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето (во натамошниот текст: стратегиска оцена).

(2) Стратегиска оцена се спроведува на плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето и со кои се создава основа за изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина или на сите плански документи со кои се уредува управувањето со заштитените подрачја прогласени согласно со закон или пак можат да влијаат врз тие подрачја.

(3) По исклучок за плански документи од ставот (2) на овој член, со кои се одредува користење на мали области од локално значење и со кои се предвидуваат мали измени на планските документи од ставот (2) на овој член, стратегиска оцена ќе се врши само кога органот кој го подготвува планскиот документ ќе утврди дека има значајни влијанија врз животната средина и врз здравјето на луѓето согласно со прописот од став (4) на овој член.

(4) Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

(5) За планските документи кои не се определени со прописот од ставот (1) на овој член, а со кои се создава основа за изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина, стратегиска оцена се врши само тогаш кога е веројатно дека тие би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето согласно со прописот од ставот (4) на овој член.

(6) Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе одлука за спроведување или одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите утврдени во прописот од ставот (4) на овој член.

(7) Во случаите од ставот (6) на овој член кога е потребно спроведување на стратешка оцена на влијанието врз животната средина, со одлуката од ставот (6) на овој член се определува и обемот на стратегиската оцена.

(8) Одлуката од ставот (6) на овој член ја донесува лицето кое раководи со органот што го подготвува планскиот документ, односно градоначалникот на општината, општината во градот Скопје или градоначалникот на градот Скопје, тогаш кога планскиот документ го подготвува општината, општината во градот Скопје или градот Скопје.

(9) Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да ги определи органите засегнати од имплементацијата на планскиот документ на начин пропишан со актот донесен согласно со членот 61 став (8) од овој закон, како и да ги консултира истите при донесувањето на одлуката за спроведување, односно не спроведување на стратегиската оцена, како и во текот на спроведувањето на стратегиската оцена.

(10) Органот што го подготвува планскиот документ во рок од пет дена од денот на донесувањето на одлуката од ставот (6) на овој член, заедно со формуларите од ставот (20) на овој член е должен да ги објави на својата веб страница на начин пропишан со актот донесен согласно со членот 61 став (8) од овој закон.

(11) Против одлуката од ставот (6) на овој член, јавноста има право на жалба во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување на веб страницата на органот кој го подготвува планскиот документ, до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина кога одлуката ја носи градоначалникот на општината, општината во градот Скопје или градоначалникот на градот Скопје, односно до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен кога одлуката ја носи орган на државната управа.

(12) Органот што го подготвува планскиот документ во рок од пет дена од денот на донесувањето на одлуката од ставот (6) на овој член, заедно со формуларите од ставот (20) на овој член, како и другите придружни документи е должен да ги достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(13) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, формуларите и другите придружни документи од ставот (12) на овој член, со која е одлучено да не се спроведува стратегиска оцена, доколку оцени дека се исполнети условите за спроведување на стратегиската оцена на планскиот документ или истиот има значителни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето ќе донесе решение со кое го задолжува органот што го подготвува планскиот документ да спроведе стратегиска оцена на истиот.

(14) Со решението од ставот (13) на овој член ќе се определи и обемот на стратегиската оцена.

(15) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, формуларите и другите придружни документи од ставот (12) на овој член, со која е одлучено да се спроведува стратегиска оцена ќе издаде решение со кое го определува обемот на стратегиската оцена доколку утврди дека истиот не е целосно определен од страна на органот што го подготвува планскиот документ.

(16) Решението од ставовите (13) и (15) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да ги објави на својата веб страница.

(17) Против решението од ставовите (13) и (15) на овој член засегнатата јавност, како и органот што го подготвува документот имаат право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(18) Во случај кога органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ќе утврди дека одлуката, формуларите, како и другата доставена документација од ставот (12) на овој член, не ги содржат потребните информации за оцена на потребата, односно непостоење потреба од спроведување на стратегиска оцена е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на истите да побара од органот што го подготвува планскиот документ да ги достави бараните информации.

(19) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не донесе решение од ставовите (13) и (15) на овој член во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката од ставот (6) на овој член, ќе се смета дека нема забелешки по истата.

(20) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата, содржината и образецот на одлуката од ставот (6) на овој член и на формуларите за потребата од спроведување, односно не спроведување на стратешка оцена од ставот (12) на овој член.“

Член 8

По членот 66 се додава нов член 66-а, кој гласи:

„Член 66-а

(1) Во случај кога со планскиот документ се предвидува изведување на проект, за кој истовремено се спроведува постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина согласно со членот 77 од овој закон, органот кој го подготвува планскиот документ може да донесе одлука за спроведување на постапката за стратегиската оцена заедно со постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член органот кој го подготвува планскиот документ е должен во одлуката од членот 65 став (6) на овој закон да ги изнесе причините за заедничко спроведување на двете постапки и да го образложи начинот на консултација на јавноста и органите засегнати од спроведувањето на планскиот документ во постапката на донесувањето на планскиот документ.

(3) Во случаите од ставот (1) на овој член извештајот за стратегиска оцена на животната средина од членот 67 на овој закон ќе биде составен дел на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина од членот 83 на овој закон.

(4) Субјектот што ја спроведува постапката за оцена на влијанието на проектите врз животната средина е должен да ги земе предвид сите аспекти на постапката за стратегиска оцена.

(5) Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од ставот (3) на овој член треба да биде потпишан од лице кое е вклучено во листата на експерти за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина од членот 68 на овој закон."

Член 9

Во членот 67 став (1) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „во текот на изработката на планскиот документ, односно пред да биде истиот доставен на усвојување од надлежниот орган".

Во ставот (2) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „во кој се идентификуваат, опишуваат и оценуваат можните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето од имплементацијата на планскиот документ и изводливите алтернативи земајќи ги предвид целите и географскиот опсег на планскиот документ".

Ставот (6) се брише.

Ставовите (7), (8) и (9) стануваат ставови (6), (7) и (8).

По ставот (10) кој станува став (9) се додава нов став (10), кој гласи:

„(10) Во извештајот за животната средина од ставот (1) на овој член е потребно да се вклучат релевантни информации за влијанието врз животната средина и здравјето на луѓето од спроведувањето на планскиот документ кои се содржани во правни акти или одлуки донесени од други органи."

Член 10

Во членот 69 став (4) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „од консултацијата со јавноста".

Ставот (5) се менува и гласи:

„Извештајот од консултацијата со јавноста од ставот (4) на овој член се подготвува согласно со прописот од членот 61 на овој закон."

Член 11

Во членот 72 ставот (1) се менува и гласи:

„Органот кој го подготвува планскиот документ е должен во извештајот за животната средина да ги вгради мислењата добиени во постапката за консултација со јавноста согласно со членот 69 од овој закон и во постапката за прекуграничната консултација согласно со членот 70 од овој закон и заедно со планскиот документ и извештајот за консултација со јавноста од членот 69 став (4) на овој закон, да ги достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина."

Член 12

Во членот 74 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Органот кој го усвојува планскиот документ е должен да ја објави одлуката за усвојувањето и за тоа да ги извести засегнатите органи и јавноста, како и земјата која е консултирана во согласност со членот 70 од овој закон.

(2) Органот кој го усвоил планскиот документ од ставот (1) на овој член на својата веб страница ги објавува усвоениот плански документ и известувањето од ставот (1) на овој член."

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Во случај на прекугранична консултација известувањето од ставот (1) на овој член на другата држава го доставува органот на државната управа надлежен за работите од областа на надворешните работи.

(4) Во известувањето од ставот (3) на овој член коешто се доставува до другата држава се вклучуваат и:

- изјава во која се сумира како се интегрирани влијанијата врз животната средина на планскиот документ и како подготвениот извештај за стратегиска оцена на животната средина ги земал предвид мислењата од учеството на јавноста согласно со членот 69 од овој закон и резултатите од постапката за прекуграничната консултација согласно со членот 70 од овој закон, како и причините за изборот на алтернативата усвоена во планскиот документ во однос на други алтернативи кои постоеле,

- усвоениот плански документ и

- мерките кои се однесуваат на следење на ефектите од спроведувањето на планскиот документ согласно со членот 75 од овој закон."

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (5) и (6).

Член 13

Во членот 75 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Следењето на ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето од спроведувањето на планскиот документ, кога е тоа соодветно, може да се врши преку постојните државни и локални мониторинг мрежи на животната средина во Република Македонија."

Ставот (2) станува став (3).

Член 14

Во членот 81 став (6) зборовите: „Комисијата на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на управни работи во втор степен од областа на животната средина" се заменуваат со зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен".

Член 15

Во членот 87 по ставот (5) се додаваат 18 нови става (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20), (21), (22) и (23), кои гласат:

„(6) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина од ставот (1) на овој член не донесе решение со кое се дава согласност, односно не донесе решение за одбивање на барањето за спроведување на проектот, во рокот пропишан со ставот (1) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање, до писарницата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, да донесе решение со кое се дава согласност за спроведување на проектот. Доколку министерот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(7) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (6) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(8) Кон барањето од ставот (6) на овој член, подносителот на барањето поднесува копија од барањето од членот 83 став (1) на овој член за донесување на решение со кое се дава согласност за спроведување на проектот.

(9) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (6) на овој член до писарницата, да донесе решение со кое барањето за спроведување на проектот е уважено или одбиено.

(10) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не го донесе решението од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(11) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (10) на овој член да изврши надзор во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор го информира подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(12) Инспекторот од државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање од ставот (6) на овој член, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(13) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина не одлучи во рокот од ставот (12) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(14) Доколку министерот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (13) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (10) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(16) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (15) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (11) и (12) на овој член и/или не поднесол пријава согласно со ставовите (13) и (14) на овој член, Директорот на државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(17) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (16) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторатот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(18) Во случаите од ставот (17) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(19) Во случаите од ставот (18) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(20) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (15) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(21) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не одлучи во рокот од ставот (14) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(22) Постапката пред Управниот суд е итна.

(23) Подзаконскиот акт од ставот (7) на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на овој закон.

(24) По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот (7) на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина."

Член 16

Во членот 89 ставови (1) и (2) зборовите: „Комисијата на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на управни работи во втор степен од областа на животната средина" се заменуваат со зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен".

Член 17

Во членот 97 ставот (2) се менува и гласи:

„Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесе заклучок за дополнување на барањето, рокот потребен за издавање на А - интегрирана еколошка дозвола започнува да тече од денот на приемот на дополнетото барање со податоците наведени во заклучокот од ставот (1) на овој член."

Во ставот (4) зборовите: „Комисијата на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на управни работи во втор степен од областа на животната средина" се заменуваат со зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен".

Член 18

Во членот 99 став (1) во првиот ред зборот „барањето" се заменува со зборовите: „комплетното барање".

Член 19

Во членот 100 став (4) зборовите: „на начин и во постапка утврдени во статутот и со другите акти на општината и статутот на градот Скопје" се заменуваат со зборовите: „согласно со членот 103 став (5) од овој закон".

Член 20

Во членот 105 по ставот (3) се додаваат 18 нови става (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20) и (21), кои гласат:

„(4) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина од ставот (1) на овој член не донесе решение со кое се издава А - интегрирана еколошка дозвола, односно не донесе решение со кое се одбива барањето за издавање на А - интегрирана еколошка дозвола, во рокот пропишан со ставовите (1), (2) и (3) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена по истекот на тој рок, да поднесе барање до писарницата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за донесување на решение со кое ќе констатира дека барањето од членот 96 став (1) на овој закон е уважено. Доколку министерот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(5) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (4) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(6) Кон барањето од ставот (4) на овој член подносителот на барањето поднесува копија од барањето од членот 96 став (1) на овој закон.

(7) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (4) на овој член до писарницата, да донесе решение за издавање или одбивање на издавање на А - интегрирана еколошка дозвола.

(8) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не го донесе решението од ставот (7) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(9) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (8) на овој член да изврши надзор во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(10) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање од ставот (4) на овој член, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(11) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина не одлучи во рокот од ставот (10) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку министерот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (10) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(14) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (13) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (9) и (10) на овој член и/или не поднесол пријава согласно со ставовите (11) и (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (16) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторатот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Во случаите од ставот (17) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(17) Во случаите од ставот (16) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето.

(18) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (14) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(19) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не одлучи во рокот од ставот (12) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(20) Постапката пред Управниот суд е итна.

(21) Подзаконскиот акт од ставот (5) на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на овој закон.

(22) По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот (5) на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.“

Член 21

Во членот 106 став (2) зборовите: „Комисијата на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на управни работи во втор степен од областа на животната средина“ се заменуваат со зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 22

Во членот 108 став (2) по точката на крајот од реченицата се додаваат зборовите: „Примерок од А - интегрираната еколошка дозвола се доставува до Државниот инспекторат за животна средина и до општината на чија територија се наоѓа инсталацијата и до градот Скопје кога инсталацијата е на територијата на градот Скопје.“

Во ставот (4) по зборот „решение“ се додаваат зборовите: „со кое се дава согласност на студијата за оцена на влијанието на проектот“.

Во ставовите (5) и (6) зборовите: „Комисијата на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на управни работи во втор степен од областа на животната средина“ се заменуваат со зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 23

Во членот 113 став (1) по точката се додаваат зборовите: „Објавата во дневниот весник е на трошок на барателот на дозволата.“

Член 24

Во членот 115 став (1) алинеја 3 по зборот „емисии“ се додаваат зборовите: „односно условите“.

"(6) Për sendet e marra nga paragrafi (2) pika 19 e ketij neni, Inspektorati Shteteror për mjedis jetesor leshon vertetim për marrje të perkohshme të reres, zhavorrit dhe gurit.

(7) Marrjen e sendeve dhe veprimin e të njejtat behet në pajtim me Ligjin për menaxhim me pronen e konfiskuar, dobine pronesore dhe sendet e marra në proceduren penale dhe kundervajtese".

Neni 9

Në nenin 234 paragrafi (1) pika në fund të fjalise shlyhet dhe shtohen fjalet: ’’dhe Ligji për mbikeqyrje inspektuese.’’

Neni 10

Neni 240 ndryshohet, si vijon:

(1) Ankese kunder aktvendimit të inspektorit shteteror për mjedis jetesor nga neni 232 i ketij ligji dhe inspektorit të ekonomise së ujerave nga neni 234 i ketij ligji, mund të parashtrohet në afat prej tete diteve nga pranimi i aktvendimit në Komisionin për Vendosje për Ankese në organin e administrates shteterore kompetente për punet nga sfera e mjedisit jetesor, të formuar në pajtim me Ligjin për mjedis jetesor.

(2) Ankese kunder aktvendimit të inspektorit të autorizuar për mjedis jetesor të komunave, komunave në qytetin e Shkupit dhe të Qytetit të Shkupit nga neni 233 i ketij ligji, mund të parashtrohet në afat prej tete ditesh nga pranimi i aktvendimit në Komisionin për Vendosje për Ankese të komunes, komunave të qytetit të Shkupit dhe qytetit të Shkupit, të formuar nga kryetari i komunes, komunave të qytetit të Shkupit dhe qytetit të Shkupit.

(3) Ankese kunder aktvendimit të inspektoreve shteterore sanitare shendetesore mund të parashtrohet në afat prej tete ditesh nga dita e pranimit të aktvendimit në Komisionin për Vendosje për Ankesa, formuar në pajtim me Ligin për inspeksion sanitar dhe shendetesor.

(4) Ankese kunder aktvendimit të inspektoreve shteterore të ushqimit, mund të parashtrohet në afat prej tete ditesh nga dita e pranimit të aktvendimit në Komisionin për Vendosje për Ankese, të formuar në pajtim me Ligin për siguri të ushqimit.

(5) Ankese kunder aktvendimit të inspektoreve shteteror të bujqesise, mund të parashtrohet në afat prej tete ditesh nga dita e pranimit të aktvendimit në Komisionin për Vendosje për Ankese, të formuar në pajtim me Ligin për Inspektoratin Shteteror të Bujqesise.

(6) Ankesa nga paragrafet (1), (2), (3), (4) dhe (5) të ketij neni, nuk e prolongon zbatimin e aktvendimit."

Neni 11

Pas nenit 242 shtohen dy nene të reja 242-a dhe 242-b, si vijon:

"Neni 242-a

Procedura për edukim

(1) Nese gjate kryerjes së mbikeqyrjes inspektuese inspektori shteteror për mjedis jetesor perkatesisht inspektori i ekonomise së ujerave, konstaton se eshte kryer parregullsi nga nenet 244 paragrafi (1) pikat 2, 20, 26 dhe 36 dhe 246 paragrafi (1) pikat 1, 4, 6 dhe 11 të ketij ligji, eshte i detyruar që të perpiloje procesverbal në të cilen do të vertetoje parregullsine e kryer me sugjerim për menjanimin e parregullsise së percaktuar në afat pre tete ditesh dhe dorezim të njekohshem të fteses për zbatimin e edukimit të personit ose subjektit ku eshte konstatuar parregullsia gjate kryerjes së mbikeqyrjes inspektuese.

(2) Formen dhe permbajtjen e fteses për edukim si dhe menyren e zbatimit të edukimit, i percakton ministri i cili udheheq me organin e administrates shteterore kompetent për kryerjen e puneve nga sfera e mjedisit jetesor.

(3) Edukimin e organizon dhe zbaton inspektori shteteror për mjedis jetesor perkatesisht inspektori i ekonomise së ujerave, në afat jo më shume se tete dite nga dita e zbatimit të mbikeqyrjes inspektuese.

(4) Edukimi mund të zbatohet për më shume parregullsi konstatuara të njejta të ose të njellojta për një ose më teper subjekte.

(5) Nese në terminin e caktuar personi ose subjekti për të cilin zbatohet edukimi nuk paraqitet në edukim, do të konsiderohet se edukimi eshte zbatuar.

(6) Nese personi ose subjekti për të cilin zbatohet edukimi paraqitet në edukimin e caktuar dhe të njejten e kryen, do të konsiderohet se eshte edukuar lidhur me parregullsine e percaktuar.

(7) Nese inspektori shteteror i mjedis jetesor perkatesisht inspektori i ekonomise së ujerave i cili e ka kryer mbikeqyrjen inspektuese gjate zbatimit të mbikeqyrjes kontrolluese verteton se jane menjanuar parregullsite e percaktuara nga paragrafi (1) i ketij neni, miraton konkluzion me të cilin nderpritet procedura e mbikeqyrjes inspektuese.

(8) Nese inspektori shteteror i mjedis jetesor perkatesisht inspektori i ekonomise së ujerave i cili e ka kryer mbikeqyrjen inspektuese gjate zbatimit të mbikeqyrjes kontrolluese verteton se nuk jane menjanuar parregullsite e percaktuara nga paragrafi (1) i ketij neni, parashtron kerkese për ngritjen e procedures kundervajtese para Komisionit për Kundervajtje.

(9) Inspektori shteteror për mjedis jetesor perkatesisht inspektori i ekonomise së ujerave i cili e ka kryer mbikeqyrjen inspektuese mban evidence unike, për edukimin e realizuar në menyre të percaktuar nga ministri i cili udheheq me organin e administrates shteterore kompetent për kryerjen e puneve nga sfera e mjedisit jetesor.

Neni 242-b
Veprim pas fleteparaqitjes nga personi fizik ose juridik

(1) Inspektoret kompetente jane të detyruar që në afat prej shtate ditesh të veprojne ndaj iniciativave ose fleteparaqitjeve, për ngritjen e procedures inspektuese.

(2) Në rastet nga paragrafi (1) i ketij neni, inspektoret kompetente jane të detyruar që ta njoftojne parashtruesin e iniciatives ose fleteparaqitjes për ngritjen e procedures inspektuese në afat prej tete ditesh nga dita e zbatimit të mbikeqyrjes inspektuese."

Neni 12

Në nenin 255 në piken 1 fjalet: "dhe pastrim perkates i ujerave të ndotura para leshimit në ujerat recipiente deri në nivelin që ploteson qellimet e kualitetit" shlyhen.

Në piken 2 lidheza "dhe" në fund të fjalise zevendesohet me pikepresje.

Në piken 3 fjalet: "në rast se ujerat e ndotura leshohen në zona të ndjeshme të leshimit të ujerave të ndotura urbane" shlyhen. Pika në fund të fjalise zevendesohet me presje dhe shtohet lidheza "dhe".

Pas pikes 3 shtohet pike e re 4, si vijon:

"4) ujerat e ndotura të cilat leshohen në zona të ndjeshme të leshimit të ujerave të ndotura urbane, do t'i nenshtrohen në pastrim më rigoroz nga ajo që eshte percaktuar në piken 3 të ketij paragrafi, për aglomeracione më të medha se 10.000 e.b.".

Neni 13

Në nenin 263 paragrafi (4) pika në fund të fjalise shlyhet dhe shtohen fjalet: "dhe ekonomite e ujerave."

Neni 14

Dispozitat më të peraferta nga nenet 2, 4, 7 dhe 11 të ketij ligji do të miratohen në afat prej tre muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji.

Neni 15

Dispozitat e neneve 1, 2 paragrafi (1), 4 paragrafi (1) dhe 7 paragrafi (1) të ketij ligji, do të zbatohen me fillimin e zbatimit të Ligjit për themelim të Komisionit Shteteror për Vendosje në Procedure Administrative dhe Procedure të Marredhenies së Punes në Shkalle të Dyte.

Dispozitat e nenit 10 të ketij ligji do të zbatohen me fillimin e zbatimit të Ligjit për mbikeqyrje inspektuese.

Neni 16

Ky ligj hyn në fuqi diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**1386.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО ЗА СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА**

Се прогласува Законот за прогласување на Преспанското Езеро за споменик на природата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 април 2011 година.

Бр. 07-2063/1
12 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО ЗА СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА**

Член 1

Преспанското Езеро со крајбрежниот појас заради природните убавини, геоморфолошките, хидролошките и хидробиолошките и други научни вредности се прогласува за споменик на природата.

Член 2

Називот на споменикот на природата е Преспанско Езеро.

Член 3

Категоријата на заштитеното подрачје Преспанско Езеро е споменик на природата.

Член 4

(1) Границата на споменикот на природата Преспанско Езеро како водна граница започнува од тромеѓата меѓу Република Македонија, Република Грција и Република Албанија југозападно од островот Голем Град од каде што се протега на исток во напоредннчки правец по граничната линија со Република Грција и избива на југозападните падини на Пелистер кај месноста Маркова Нога. Одовде границата има меридијански правец на протегање и води по брегот на Преспанското Езеро сé до селото Асамати, при што го опфаќа и појасот со трска. Од селото Асамати границата води низ водите на Преспанското Езеро - изобата од 10 метри и избива на брегот на Преспанското Езеро на кота од 851,2 метри, јужно од месноста Миовица. Оттука границата продолжува да води повторно по брегот на Преспанското Езеро спрема одморалиштето Отешево. Одовде границата води во југозападен правец по брегот на Преспанското Езеро кон одморалиштето во Царина од каде што свртува на југоисток, минува покрај крајбрежјето на Стење, потоа води по бреговата линија на северните падини на Пречна Планина до селото Коњско од каде што продолжува да води во јужен правец се до котата од 866 метри кај граничниот столб Ф 20 на југоисточните падини на Пречна. Оттука границата се движи на југ по воден пат по граничната линија со Република Албанија и завршува на почетната точка на тромеѓата меѓу Македонија, Грција и Албанија.

(2) Вкупната површина на споменикот на природата Преспанско Езеро изнесува 17. 788,61 хектари.

Член 5

Со споменикот на природата Преспанско Езеро управува општината Ресен, а во име на општината Ресен, со споменикот на природата Преспанско Езеро управува градоначалникот на општината Ресен.

Член 6

(1) Заради остварување на заштита на споменикот на природата Преспанско Езеро, субјектот задолжен за управување со споменикот на природата од членот 5 на овој закон, донесува план за управување и годишни програми за заштита на природата во кои се утврдени мерките и активностите за заштита на природата.

(2) Планот за управување и годишните програми за заштита на природата од ставот (1) на овој член ги донесува субјектот задолжен за управување со споменикот на природата Преспанско Езеро по претходна согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.

(3) Непосредната заштита на споменикот на природата Преспанско Езеро ја спроведува чуварска служба основана од општината Ресен.

(4) Чуварската служба врши мониторинг на состојбата со природните вредности на споменикот на природата Преспанско Езеро, како и надзор врз спроведувањето на дозволените активности во споменикот на природата и други работи кои ќе му ги довери, односно овласти градоначалникот задолжен за управување со споменикот на природата.

Член 7

Градоначалникот задолжен за управување со Преспанското Езеро е должен да го чува, да се грижи и да го одржува споменикот на природата и навремено да презема заштитни и други мерки со кои се обезбедува:

- зачувување на Езерото во природна состојба,
- создавање на поволни услови за одржување и развој на живиот свет во Езерото,
- спречување на дејствија кои можат да предизвикаат деградација на природните вредности на Езерото заради кои истото е прогласено за заштитено подрачје,
- интегрална заштита на природните живеалишта и видовите од национално и меѓународно значење,
- одрживо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој без оштетување на деловите на природата,
- одржување на еколошката рамнотежа преку трајно зачувување на биотските карактеристики на Езерото,
- создавање на услови за развој на туризмот во согласност со принципот на одржлив развој и
- вршење на други работи кои придонесуваат за заштита и управување на споменикот на природата.

Член 8

Заради заштитата на природните вредности на Преспанското Езеро се утврдува следниов режим на заштита:

- се забранува внесување на алохотни (туѓи) растителни и животински видови во Езерото,
- се забранува внесување на штетни материи во Езерото кои би можеле да предизвикаат хемиски, физички, биолошки, микробиолошки и други промени на водата и живиот свет,
- се забранува испуштање на нафта и отпадни масла од пловните објекти,
- се забранува внесување на непречистени отпадни води од населените места и индустриските капацитети,
- се забранува сечење на стебла, трска и палење оган во крајбрежниот појас на Езерото,
- се забранува деградирање и уништување на природните живеалишта, особено на местата каде што животните се размножуваат или престојуваат во границите на споменикот на природата,
- се забранува поставување на капацитети за одгледување на риби за комерцијални цели во крајбрежниот појас и во водите на Езерото,
- се забранува отворање на позајмишта за црпење на песок и поставување на објекти и инсталации во крајбрежниот појас на Езерото, кои можат да го нарушат природниот амбиент или да имаат негативни влијанија врз развојот на природните процеси на Езерото,
- се забрануваат антропогени зафати во литоралниот појас на Езерото како што се тампонирање со крупен или ситен тампон и насипување на песок,
- се забранува преземање на активности со кои се прекинува природната комуникација меѓу Езерото и крајбрежниот појас (изградба на бетонски и камени ѕидови и слично) и
- се забранува изградба на објекти од траен карактер во крајбрежниот појас во широчина од 50 метри од котата на највисокиот утврден водостој на Езерото.

Член 9

(1) Заради заштита на заедницата со трска се забранува отстранување на трската во водата и крајбрежниот појас.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член може да се дозволи отстранување на делови на појаси на трска по добиено согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.

Член 10

(1) Уредувањето на крајбрежниот појас на Езерото може да се врши на начин со којшто предвидените плански решенија нема да бидат спротивни на режимот на заштита утврден во членот 8 на овој закон и нема да претставуваат потенцијална опасност за деградација на природните живеалишта, биолошката и пределската разновидност на езерскиот екосистем.

(2) Градежни, хидромелиоративни, хортикултурни и други работи во крајбржниот појас на Езерото можат да се изведуваат врз основа на урбанистики план или урбанистичка планска документација утврдена со закон.

(3) Планската документација се донесува по претходно прибавена согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата, во рок утврден со Законот за општата управна постапка.

(4) Согласноста од ставот (3) на овој член органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата, ја издава во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(5) Доколку уредувањето на крајбрежниот појас на Езерото се врши спротивно на режимот на заштита на Езерото, по барање на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата, ќе се запрат натамошните работи до обезбедување на услови за нивно правилно изведување.

Член 11

Согласно со Законот за заштита на природата во споменикот на природата Преспанско Езеро се воспоставуваат следниве зони на заштита:

- зона за строга заштита,
- зона за активно управување и
- зона за одржливо користење.

Член 12

(1) Во зоната за строга заштита дозволено е вршење мониторинг и спроведување научни истражувања.

(2) Заради одржување на карактеристиките на зоната за строга заштита, градоначалникот задолжен за управување со споменикот на природата Преспанско Езеро е должен да обезбеди постојан мониторинг.

Член 13

Во зоната за активно управување дозволени се активности кои се во функција на заштитата на природните вредности на езерските екосистеми, типови живеалишта и видовите. Во оваа зона можат да се вршат рекреативни активности и еколошки езерски туризам.

Член 14

Во зоната за одржливо користење дозволени се активности на традиционален, рекреативен и стопански риболов, езерски туризам, рекреативни активности, користење на инфраструктурни објекти, објекти на културно наследство и одржливо користење на природните ресурси.

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR SHPALLJEN E LIQENIT TË PRESPES MONUMENT NATYROR**

Neni 1

Liqeni i Prespes me bregliqenin e tij për shkak të bukurive natyrore, vlerave gjeomorfologjike, hidrologjike, hidrobiologjike, rajonale dhe vlerave tjera shkencore, shpallet monument natyror.

Neni 2

Emri i monumentit natyror eshte Liqeni i Prespes.

Neni 3

Kategoria e zones së mbrojtur Liqeni i Prespes eshte monument natyror.

Neni 4

(1) Kufiri i monumentit natyror Liqeni i Prespes si kufi ujor fillon nga trekendeshi kufitar ndermjet Republikes së Maqedonise, Republikes së Greqise dhe Republikes së Shqiperise në jugperendim të ishullit Qyteti i Madh, prej ku shtrihet në lindje në drejtim paralel pergjate vijes kufitare me Republiken e Greqise dhe del në shpatet jugperendimore të Pelisterit në vendin Markova Noga. Nga ketu kufiri ka drejtim meridian të shtrirjes dhe shpie pergjate bregut të Liqenit të Prespes deri në fshatin Asamati, me ç'rast e perfshin edhe brezin me kallam. Nga fshati Asamati, kufiri shpie neper ujerat e Liqenit të Prespes-izobate prej 10 metra dhe del në bregun e Liqenit të Prespes në kuoten prej 851,2 metra, në jug të vendit Miovice. Nga ketu kufiri vazhdon të shpie serish pergjate bregut të Liqenit të Prespes kundruall pushimores Otesheve. Nga ketu kufiri shpie në drejtim jugperendimor pergjate bregut të Liqenit të Prespes drejt pushimores në Carine prej ku kthen në juglindje, kalon afer bregliqenit në Stenje, pastaj shpie pergjate vijes bregore në shpatet veriore të Malit Precna deri në fshatin Konjsko, prej ku vazhdon të shpie në drejtim jugor deri në kuoten prej 866 metra tek shtylla kufitare F 20 në shpatet juglindore të Precnes. Nga ketu kufiri vazhdon në jug në vije ujore pergjate vijes kufitare me Republiken e Shqiperise dhe perfundon në piken fillestare, në trekendeshin kufitar ndermjet Maqedonise, Greqise dhe Shqiperise.

(2) Siperfaqja e pergjithshme e monumentit natyror Liqeni i Prespes eshte 17.788,61 hektare.

Neni 5

Me monumentin natyror Liqeni i Prespes menaxhon komuna e Resnjes, e në emer të komunes së Resnjes, me monumentin natyror Liqeni i Prespes menaxhon kryetari i komunes së Resnjes.

Neni 6

(1) Për mbrojtjen e monumentit natyror Liqeni i Prespes, subjekti i ngarkuar për menaxhim me monumentin natyror nga neni 5 i ketij ligji, miraton Plan për menaxhim dhe programe vjetore për mbrojtjen e natyres në të cilat jane percaktuar masat dhe aktivitetet për mbrojtjen e natyres.

(2) Planin për menaxhim dhe programet vjetore për mbrojtjen e natyres nga paragrafi (1) i ketij neni, i miraton subjekti i ngarkuar për menaxhim me monumentin natyror Liqeni i Prespes, pas pelqimit paraprak nga organi i administrates shteterore kompetent për kryerjen e puneve nga sfera e mbrojtjes së natyres.

(3) Mbrojtjen e drejtperdrejte të monumentit natyror Liqeni i Prespes e realizon sherbimi i rojtareve, i themeluar nga Komuna e Resnjes.

(4) Sherbimi i rojtareve kryen monitorim mbi gjendjen me vlerat natyrore të monumentit natyror Liqeni i Prespes, si dhe mbikeqyrje mbi realizimin e aktiviteteve të lejuara në monumentin natyror dhe pune tjera që do t'ia ngarkoje perkatesisht, autorizoje kryetari i komunes i ngarkuar për menaxhim me monumentin natyror.

Neni 7

Kryetari i komunes i ngarkuar për menaxhim me Liqenin e Prespes detyrohet që ta ruaje, të kujdeset dhe ta mirembaje monumentin natyror dhe me kohe të ndermerr masa mbrojtese dhe masa tjera me të cilat sigurohet:

- ruajtja e Liqenit në gjendje natyrore,
- krijimi i kushteve të volitshme për mirembajtjen dhe zhvillimin e botes së gjalle në Liqen,
- pengimi i veprimeve që mund të shkaktojne degradim të vlerave natyrore të Liqenit për shkak të të cilave ai eshte shpallur zone e mbrojtur,
- mbrojtja integrale e vendbanimeve natyrore dhe llojeve me rendesi nacionale dhe nderkombetare,
- shfrytezimi i qendrueshem i trashegimise natyrore në interes të zhvillimit të tanishem dhe të ardhshem pa demtimin e pjeseve të natyres,
- ruajtja e baraspeshes ekologjike, nepermjet të ruajtjes së perhershme të karakteristikave biotike të Liqenit,
- krijimi i kushteve për zhvillimin e turizmit në pajtim me principin e zhvillimit të qendrueshem dhe
- kryerja e puneve të tjera të cilat kontribuojne në mbrojtjen dhe menaxhimin me monumentin natyror.

Neni 8

Për mbrojtjen e vlerave natyrore të Liqenit të Prespes percaktohet regjimi për mbrojtje, si vijon:

- ndalohet futja e llojeve aloktone (të huaja) bimore dhe shtazore në Liqen,
- ndalohet derdhja e materieve të rrezikshme dhe të demshme, me të cilat do mund të shkaktohen ndryshime kimike, fizike, biologjike, mikrobiologjike dhe ndryshime tjera të ujit dhe botes së gjalle,
- ndalohet leshimi i naftes dhe vajrave të hedhura nga objektet lundruese,
- ndalohet derdhja e ujerave të zeza të papastruara nga vendbanimet dhe kapacitetet industriale,
- ndalohet prerja e pemeve, kallamishteve dhe ndezja e zjarrit në zonen bregujore të Liqenit,
- ndalohet degradimi dhe shkaterrimi i vendbanimeve natyrore, vecanerisht i vendeve ku kafshet shumohen apo qendrojne në kufijte e monumentit natyror,
- ndalohet vendosja e kapaciteteve për kultivimin e peshqve për qellime komerciale në brezin e bregliqenit dhe në ujerat e Liqenit,
- ndalohet hapja e vendeve me qira për nxjerrjen e reres dhe vendosjes së objekteve dhe instalimeve në brezin e bregliqenit, që mund ta shkaterrojne ambientin natyror ose mund të kene ndikime negative mbi zhvillimin e proceseve natyrore të Liqenit,
- ndalohen nderhyrjet antropogjene në brezin litoral të Liqenit siç jane tamponimi me tampon të madh ose të imet dhe shtrimi me rere,
- ndalohet ndermarrja e aktiviteteve me të cilat nderpritet komunikimi natyror ndermjet Liqenit dhe brezit të bregliqenit (ndertimi i mureve të betonit dhe të gurit dhe të ngjashme) dhe
- ndalohet ndertimi i objekteve me karakter të perhershem në brezin e bregliqenit në gjeresi prej 50 metra nga kuota e nivelit më të larte të ujit të Liqenit.

Neni 9

(1) Për shkak të mbrojtjes së bashkesise me kallam ndalohet menjanimi i kallamit nga uji dhe brezi i bregliqenit.

(2) Me perjashtim nga paragrafi (1) i ketij neni, mund të lejohet menjanimi i pjeseve të brezave me kallam pas pelqimit të marre nga organi i administrates shteterore kompetent për kryerjen e puneve nga sfera e mbrojtjes së natyres.

Neni 10

(1) Rregullimi i brezit të bregliqenit mund të kryhet në menyre me të cilen zgjidhjet e parapara të planit nuk do të jene në kundershtim me regjimin e mbrojtjes, të percaktuar në nenin 8 të ketij ligji, dhe nuk do të paraqesin rrezik potencial për degradimin e vendbanimeve natyrore, diverzitetit biologjik dhe rajonal të ekosistemit të liqenit.

(2) Punet ndertimore, hidromeliorative, holtikulturore dhe punet tjera në brezin e bregliqenit mund të realizohen në baze të planit urbanistik ose dokumentacionit të planit urbanistik, të percaktuar me ligj.

(3) Dokumentacioni i planit miratohet pas pelqimit të marre paraprakisht nga organi i administrates shteterore kompetent për kryerjen e puneve nga sfera e mbrojtjes së natyres, në afatin e percaktuar me Ligjin për procedure të pergjithshme dhe administrative.

(4) Pelqimin nga paragrafi (3) i ketij neni, organi i administrates shteterore kompetent për kryerjen e puneve nga sfera e mbrojtjes së natyres, e leshon në afat prej 15 ditesh nga dita e pranimit të kerkeses.

(5) Nese rregullimi i brezit të bregliqenit behet në kundershtim me regjimin e mbrojtjes së Liqenit, me kerkese të organit të administrates shteterore kompetent për kryerjen e puneve nga sfera e mbrojtjes së natyres, do të nderpriten punet e metutjeshme deri në sigurimin e kushteve për realizimin e tyre të drejte.

Neni 11

Në pajtim me Ligjin për mbrojtjen e natyres në monumentin natyror Liqeni i Prespes, themelohen zonat e mbrojtjes si vijojne:

- zona për mbrojtje rigoroze,
- zona për menaxhim aktiv dhe
- zona për shfrytezim të qendrueshem

Neni 12

(1) Në zonen për mbrojtje rigoroze lejohet kryerja e monitorimit dhe realizimi i hulumtimeve shkencore.

(2) Për ruajtjen e karakteristikave të zones për mbrojtje rigoroze, kryetari i komunes i ngarkuar për menaxhim me monumentin natyror Liqeni i Prespes, eshte i detyruar që të siguroje monitorim të perhershem.

Neni 13

Në zonen për menaxhim aktiv lejohen aktivitete që jane në funksion të mbrojtjes së vlerave natyrore të ekosistemeve të liqenit, llojeve të vendbanimeve dhe llojeve. Në kete zone mund të realizohen aktivitete rekreative dhe turizem ekologjik liqenor.

Neni 14

Në zonen për shfrytezim të qendrueshem lejohen aktivitete të peshkimit tradicional, rekreativ dhe ekonomik, turizmit liqenor, aktivitete rekreative, shfrytezimi i objekteve infrastrukturore, objekteve të trashegimise kulturore dhe shfrytezimi i qendrueshem i resurseve natyrore.

Neni 15

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**1387.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО ЗА СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА

Се прогласува Законот за прогласување на Дојранското Езеро за споменик на природата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 април 2011 година.

Бр. 07-2064/1
12 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО ЗА СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА

Член 1

Дојранското Езеро со неговото крајбрежје поради природните убавини, хидролошките, хидробиолошките, геоморфолошките, пределските и други научни вредности, посебно вредностите на живиот свет во Езерото, се прогласува за споменик на природата.

Член 2

Назив на спомеников на природата е Дојранско Езеро.

Член 3

Категорија на заштитеното подрачје Дојранско Езеро е споменик на природата.

Член 4

(1) Границата на спомеников на природата Дојранско Езеро започнува од котата со надморска висина од 149,5 метри кај граничниот премин Дојран - Дојрани, меѓу Република Македонија и Република Грција. Оттука границата се протега на север по воден пат по должината на границата со Република Грција, до котата од 148,4 метри надморска висина. Оттука границата води во лачен облик на северозапад, а потоа на југозапад по брегова линија до Нов Дојран, при што го опфаќа и појасот со трска којашто ги зафаќа крајбрежните делови на Езерото. Одовде границата се протега на југоисток по западниот брег на Дојранското Езеро, при што го опфаќа и појасот со трска којшто го зафаќа крајбрежјето меѓу населените места Нов и Стар Дојран и завршува на почетната точка кај котата од 149,5 метри надморска висина на граничната линија со Република Грција.

(2) Во овие граници вкупната површина на дел од Дојранското Езеро на територијата на Република Македонија изнесува 27,2 км².

Член 5

Со спомеников на природа Дојранско Езеро управува општината Дојран, а во име на општината Дојран со спомеников на природа Дојранско Езеро управува градоначалникот на општината Дојран.

Член 6

(1) Заради остварување на заштита на спомеников на природата Дојранско Езеро, субјектот задолжен за управување со спомеников на природата од членот 5 на овој закон, донесува план за управување и годишни програми за заштита на природата во кои се утврдени мерките и активностите за заштита на природните вредности.

(2) Планот за управување и годишните програми за заштита на природата од ставот (1) на овој член ги донесува субјектот задолжен за вршење на работите на управување и заштита на спомеников на природата Дојранско Езеро, односно општината Дојран, по претходна согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на заштита на природата.

(3) Непосредната заштита на спомеников на природата Дојранско Езеро ја спроведува чуварска служба, основана од општината Дојран.

(4) Чуварската служба врши мониторинг на состојбата со природните вредности на спомеников на природата Дојранско Езеро, како и надзор врз спроведувањето на дозволените активности во спомеников на природата и други работи кои ќе му ги довери, односно овласти градоначалникот задолжен за управување со спомеников на природата.

Член 7

Градоначалникот задолжен за управување со заштитеното подрачје споменик на природата Дојранско Езеро е должен да го чува, да се грижи и да го одржува и да презема превентивни и други заштитни мерки со кои се обезбедува:

- зачувување на Езерото во природна состојба,
- создавање поволни услови за одржување и развој на живиот свет во Езерото,
- интегрална заштита на природни живеалишта и видовите од национално и меѓународно значење,
- воспоставување стабилност на еколошките процеси, биолошката и пределната разновидност преку трајно зачувување на репрезентативните природно-греографски карактеристики во автентична состојба,
- проучување, истражување и со научни методи обработување на прашањата од интерес за заштитата на спомеников на природата,
- креирање и одржување на база со податоци, како и водење евиденција за природните вредности во спомеников на природата,
- преземање мерки за интегрална заштита на природните вредности во спомеников на природата,

- обезбедување поттик и поддршка на активности за заштита на споменикот на природата преку подигање на јавната свест, а посебно на воспитно-образовниот процес,
- создавање услови за развој на еколошкиот езерски туризам во согласност со принципот на одржлив развој,
- спречување на штетни активности и влијанија од физички и правни лица и обезбедување поволни услови за заштита на живеалиштата во поволна состојба на зачуваност,
- поттикнување на научноистражувачка работа, презентација и интегрално зачувување на природното наследство и
- вршење на други работи кои придонесуваат за заштита и унапредување на споменикот на природата.

Член 8

Заради заштита на споменикот на природата Дојранско Езеро се утврдува следниов режим на заштита:
- спречување на дејствија кои би го измениле водниот режим, растителниот состав на заедниците и типовите на живеалишта во споменикот на природата,
- спречување на сечење на стебла, трска, палење оган и деградирање на природните живеалишта,
- спречување нелегален лов и риболов и уништување или оштетувања на природните мрестилишта, природните живеалишта, посебно на гнездата или местата каде што животните се размножуваат или престојуваат на поширокиот простор на споменикот на природата,
- се забранува внесување на нови речни водотеци во Дојранско Езеро,
- се забранува внесување на опасни и штетни материи со кои би можело да се предизвика хемиски, физички, биолошки, микробиолошки и други промени на водата и живиот свет,
- се забранува внесување материи и предмети што можат да предизвикаат морфолошки промени на Дојранското Езеро,
- се забранува внесување на непречистени отпадни води од населените места и индустриските капацитети,
- се забранува испуштање на нафта и масло од бродовите и од други пловни објекти во Езерото,
- се забрануваат антропогени зафати во литоралниот појас на Езерото како што се тампонирање со крупен или ситен тампон и насипување на песок,
- се забранува менување на пределот на Дојранскиот екосистемски комплекс во границите определени со членот 4 од овој закон,
- се забранува преземање на активности со кои се прекинува природната комуникација меѓу Езерото и крајбрежниот појас (изградба на бетонски и камени ѕидови и слично),
- се забранува внесување на алохтони (туѓи) растителни и животински видови во Езерото и
- се забранува изградба на објекти од траен карактер во крајбрежниот појас во широчина од 50 метри од котата на највисокиот утврден водостој на Езерото.

Член 9

(1) Заради заштита на заедницата со трска се забранува отстранување на трската од водата и крајбрежниот појас.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член може да се дозволи отстранување на делови од трската од крајбрежното земјиште по добиена согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.

Член 10

(1) Уредувањето на крајбрежниот појас на Езерото може да се врши на начин со којшто предвидените плански решенија нема да бидат спротивни на режимот на заштита утврден во членот 8 на овој закон и нема да претставуваат потенцијална опасност за деградација на природните живеалишта, биолошката и пределската разновидност на езерскиот екосистем.

(2) Градежни, хидромелиоративни, хортикултурни и други работи во крајбрежниот појас на Езерото може да се изведуваат врз основа на урбанистики план или урбанистичка планска документација утврдена со закон.

(3) Планската документација се донесува по претходно прибавена согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата.

(4) Согласноста од ставот (3) на овој член органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата, ја издава во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(5) Доколку уредувањето на крајбрежниот појас на Езерото се врши спротивно на режимот на заштита на Езерото, утврден во членот 8 од овој закон, по барање на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата ќе се запрат натамошните работи до обезбедување на услови за нивно правилно изведување.

Член 11

Согласно со Законот за заштита на природата во споменикот на природата Дојранско Езеро се воспоставуваат следниве зони на заштита:
- зона за строга заштита,
- зона за активно управување,
- зона за одржливо користење и
- заштитен појас.

Член 12

(1) Во зоната за строга заштита дозволено е вршење мониторинг и спроведување научни истражувања.

(2) Заради одржување на карактеристиките на зоната за строга заштита, градоначалникот задолжен за управување со споменикот на природата Дојранско Езеро е должен да обезбеди постојан мониторинг.

Член 13

(1) Во зоната за активно управување дозволени се активности кои се во функција на заштитата на природните вредности на езерските екосистеми, типови живеалишта и видовите.

(2) Доколку е тоа предвидено со планот за управување во посебно определени подрачја од оваа зона може да се вршат рекреативни активности и еколошки езерски туризам.

Член 14

Во зоната за одржливо користење дозволени се активности на традиционален, рекреативен и стопански риболов, езерски туризам, рекреативни активности, користење на инфраструктурни објекти, објекти на културно наследство и одржливо користење на природните ресурси.

Член 15

(1) Заради превентивно спречување на негативни влијанија од страна на сопственици и корисници на крајбрежно земјиште околу границите на заштитеното подрачје споменик на природата Дојранско Езеро може да се оформи заштитен појас во широчина од 10 до 50 метри.

(2) По потреба заштитен појас може да се воспостави и во границите на споменикот на природата Дојранско Езеро со цел да се намали негативното влијание од зоната за активно управување и зоната за одржливо користење врз зоната за строга заштита.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

# L I GJ
# PËR SHPALLJEN E LIQENIT TË DOJRANIT MONUMENT NATYROR

Neni 1

Liqeni i Dojranit me bregliqenin e tij për shkak të bukurive natyrore, vlerave hidrologjike, hidrobiologjike, gjeomorfologjike, rajonale dhe vlerave tjera shkencore, sidomos vlerave të botes së gjalle në Liqen, shpallet monument natyror.

Neni 2

Emri i monumentit natyror eshte Liqeni i Dojranit.

Neni 3

Kategoria e zones së mbrojtur Liqeni i Dojranit eshte monument natyror.

Neni 4

(1) Kufiri i monumentit natyror Liqeni i Dojranit fillon nga kuota me lartesi mbidetare prej 149,5 metra te pika kufitare Dojran–Dojrani, ndermjet Republikes së Maqedonise dhe Republikes së Greqise. Nga ketu shtrihet në veri neper vije ujore pergjate kufirit me Republiken e Greqise, deri në kuoten prej 148,4 metra lartesi mbidetare. Nga ketu kufiri shpie në forme harkore në veriperendim, e pastaj në jugperendim neper linjen bregore deri në Dojranin e Ri, me ç'rast e perfshin edhe brezin me kallam që i perfshin pjeset e bregliqenit. Prej ketu kufiri shtrihet në juglindje neper bregun perendimor të Liqenit të Dojranit, me ç'rast e perfshin edhe brezin me kallam që e perfshin bregliqenin ndermjet vendbanimeve Dojran i Ri dhe i Vjeter dhe perfundon në piken fillestare tek kuota prej 149,5 metra lartesi mbidetare në vijen kufitare me Republiken e Greqise.

(2) Në keto kufij siperfaqja e pergjithshme e pjeses së Liqenit të Dojranit në territorin e Republikes së Maqedonise eshte 27,2 km².

Neni 5

Me monumentin natyror Liqeni i Dojranit menaxhon komuna e Dojranit, ndersa në emer të komunes së Dojranit me monumentin natyror Liqeni i Dojranit menaxhon kryetari i Komunes së Dojranit.

Neni 6

(1) Për mbrojtjen e monumentit natyror Liqeni i Dojranit, subjekti i ngarkuar për menaxhim me monumentin natyror nga neni 5 i ketij ligji, miraton Plan për menaxhim dhe programe vjetore për mbrojtjen e natyres në të cilat jane percaktuar masat dhe aktivitetet për mbrojtjen e vlerave natyrore.

(2) Planin për menaxhim dhe programet vjetore për mbrojtjen e natyres nga paragrafi (1) i ketij neni, i miraton subjekti i ngarkuar për kryerjen e puneve të menaxhimit dhe mbrojtjes së monumentit natyror Liqeni i Dojranit, perkatesisht Komuna e Dojranit, me pelqim paraprak nga organi i administrates shteterore kompetent për kryerjen e puneve nga sfera e mbrojtjes së natyres.

(3) Mbrojtjen e drejtperdrejte të monumentit natyror Liqeni i Dojranit e realizon sherbimi i rojtareve, i themeluar nga Komuna e Dojranit.

(4) Sherbimi i rojtareve kryen monitorim mbi gjendjen me vlerat natyrore të monumentit natyror Liqeni i Dojranit, si dhe mbikeqyrje mbi realizimin e aktiviteteve të lejuara në monumentin natyror dhe pune tjera që do t'ia ngarkoje perkatesisht, autorizoje kryetari i komunes i ngarkuar për menaxhim me monumentin natyror.

Neni 7

Kryetari i komunes i ngarkuar për menaxhim me zonen e mbrojtur monumentin natyror Liqeni i Dojranit detyrohet që ta ruaje, të kujdeset dhe ta mirembaje dhe të ndermerr masa preventive dhe masa tjera mbrojtese me të cilat sigurohet:

- ruajtja e Liqenit në gjendje natyrore,
- krijimi i kushteve të volitshme për mirembajtjen dhe zhvillimin e botes së gjalle në Liqen,
- mbrojtja integrale e vendbanimeve natyrore dhe llojeve me rendesi nacionale dhe nderkombetare,
- vendosja e stabilitetit në proceset ekologjike, diverzitetit biologjik dhe rajonal nepermjet ruajtjes së perhershme të karakteristikave reprezentative natyrore-gjeografike në gjendje autentike,
- studimi, hulumtimi dhe me metoda shkencore perpunimi i ceshtjeve me interes për mbrojtjen e monumentit natyror,
- krijimi dhe mirembajtja e bazes së të dhenave, si dhe mbajtja e evidences për vlerat natyrore në monumentin natyror,
- ndermarrja e masave për mbrojtje integrale të vlerave natyrore në monumentin natyror,
- sigurimi i nxitjes dhe mbeshtetjes së aktiviteteve për mbrojtjen e monumentit natyror nepermjet ngritjes së vetedijes publike, e sidomos në procesin edukativo-arsimor,
- krijimi i kushteve për zhvillimin e turizmit ekologjik liqenor në pajtim me parimin e zhvillimit të qendrueshem,
- pengimi i aktiviteteve të demshme dhe ndikimeve të personave fizike dhe juridike dhe sigurimi i kushteve të volitshme për mbrojtjen e vendbanimeve në gjendje të volitshme të ruajtjes,
- nxitja e punes shkencore-hulumtuese, prezantimi dhe ruajtja integrale e trashegimise natyrore dhe
- kryerja e puneve tjera që kontribuojne në mbrojtjen dhe avancimin e monumentit natyror.

Neni 8

Për mbrojtjen e monumentit natyror Liqeni i Dojranit, percaktohet regjimi i mbrojtjes, si në vijim:

- pengimi i veprimeve që do ta ndryshonin regjimin ujor, perberjen bimore të bashkesive dhe llojet e vendbanimeve në monumentin natyror,
- pengimi i prerjes së trungjeve, kallamit, ndezja e zjarrit dhe degradimi i vendbanimeve natyrore,
- pengimi i gjuetise dhe peshkimit ilegal ose demtimi i baseneve natyrore për pllenimin e peshqve, vendbanimeve natyrore, sidomos të cerdheve ose vendeve ku shumohen kafshet ose qendrojne në hapesiren më të gjere të monumentit natyror,
- ndalohet derdhja e rrjedhave ujore lumore në Liqenin e Dojranit,
- ndalohet derdhja e materieve të rrezikshme dhe të demshme, me të cilat do mund të shkaktohen ndryshime kimike, fizike, biologjike, mikrobiologjike dhe ndryshime tjera të ujit dhe botes së gjalle,
- ndalohet derdhja e materieve dhe lendeve që mund të shkaktojne ndryshime morfologjike të Liqenit të Dojranit,
- ndalohet derdhja e ujerave të zeza të papastruara nga vendbanimet dhe kapacitetet industriale,
- ndalohet leshimi i naftes dhe vajit të anijeve dhe objekteve tjera lundruese në Liqen,
- ndalohen nderhyrjet antropogjene në brezin litoral të Liqenit siç jane tamponimi me tampon të madh ose të imet dhe shtrimi me rere,
- ndalohet ndryshimi i rajonit të Kompleksit të ekosistemit të Dojranit në kufijte e percaktuara me nenin 4 të ketij ligji,
- ndalohet ndermarrja e aktiviteteve me të cilat nderpritet komunikimi natyror ndermjet Liqenit dhe brezit të bregliqenit (ndertimi i mureve të betonit dhe të gurit dhe të ngjashme),
- ndalohet futja e llojeve aloktone (të huaja) bimore dhe shtazore në liqen dhe
- ndalohet ndertimi i objekteve me karakter të perhershem në brezin e bregliqenit në gjeresi prej 50 metra nga kuota e nivelit më të larte të ujit të Liqenit.

Neni 9

(1) Për mbrojtjen e bashkesise me kallam ndalohet menjanimi i kallamit nga uji dhe brezi i bregliqenit.

(2) Me perjashtim nga paragrafi (1) i ketij neni, mund të lejohet menjanimi i pjeseve të kallamit nga toka e bregliqenit pas pelqimit të marre nga organi i administrates shteterore kompetent për kryerjen e puneve nga sfera e mbrojtjes së natyres.

Neni 10

(1) Rregullimi i brezit të bregliqenit mund të kryhet në menyre me të cilen zgjidhjet e parapara të planit nuk do të jene në kundershtim me regjimin e mbrojtjes, të percaktuar në nenin 8 të ketij ligji, dhe nuk do të paraqesin rrezik potencial për degradimin e vendbanimeve natyrore, diverzitetit biologjik dhe rajonal të ekosistemit të liqenit.

(2) Punet ndertimore, hidromeliorative, holtikulturore dhe punet tjera në brezin e bregliqenit mund të realizohen në baze të planit urbanistik ose dokumentacionit të planit urbanistik, të percaktuar me ligj.

(3) Dokumentacioni i planit miratohet pas pelqimit të marre paraprakisht nga organi i administrates shteterore kompetent për kryerjen e puneve nga sfera e mbrojtjes së natyres.

(4) Pelqimin nga paragrafi (3) i ketij neni, organi i administrates shteterore kompetent për kryerjen e puneve nga sfera e mbrojtjes së natyres, e leshon në afat prej 15 ditesh nga dita e pranimit të kerkeses.

(5) Nese rregullimi i brezit të bregliqenit behet në kundershtim me regjimin e mbrojtjes së liqenit, të percaktuar në nenin 8 të ketij ligji, me kerkese të organit të administrates shteterore kompetent për kryerjen e puneve nga sfera e mbrojtjes së natyres, do të nderpriten punet e metutjeshme deri në sigurimin e kushteve për realizimin e tyre të drejte.

Neni 11

Në pajtim me Ligjin për mbrojtjen e natyres në monumentin natyror Liqeni i Dojranit themelohen zonat e mbrojtjes si në vijim:

- zona për mbrojtje rigoroze,
- zona për menaxhim aktiv,
- zona për shfrytezim të qendrueshem dhe
- brezi mbrojtes.

Neni 12

(1) Në zonen për mbrojtje rigoroze lejohet kryerja e monitorimit dhe realizimi i hulumtimeve shkencore.

(2) Për ruajtjen e karakteristikave të zones për mbrojtje rigoroze, kryetari i komunes i ngarkuar për menaxhim me monumentin natyror Liqeni i Dojranit, eshte i detyruar që të siguroje monitorim të perhershem.

Neni 13

(1) Në zonen për menaxhim aktiv lejohen aktivitete që jane në funksion të mbrojtjes së vlerave natyrore të ekosistemeve të liqenit, llojeve të vendbanimeve dhe llojeve.

(2) Nese kjo eshte e parapare me Planin për menaxhim në rajone të percaktuara të vecanta të kesaj zone, mund të realizohen aktivitete rekreative dhe turizem ekologjik liqenor.

Neni 14

Në zonen për shfrytezim të qendrueshem lejohen aktivitete të peshkimit tradicional, rekreativ dhe ekonomik, turizmit liqenor, aktivitete rekreative, shfrytezimi i objekteve infrastrukturore, objekteve të trashegimise kulturore dhe shfrytezimi i qendrueshem i resurseve natyrore.

Neni 15

(1) Për pengimin preventiv të ndikimeve negative nga pronaret dhe shfrytezuesit e tokes së bregliqenit rreth kufijve të rajonit të mbrojtur monument natyror Liqeni i Dojranit mund të formohet brez mbrojtes në gjeresi prej 10 deri në 50 metra.

(2) Sipas nevojes brez mbrojtes mund të themelohet edhe në kufijte e monumentit natyror Liqeni i Dojranit me qellim që të zvogelohet ndikimi negativ nga zona për menaxhim aktiv dhe zona për shfrytezim të qendrueshem mbi zonen për mbrojtje rigoroze.

Neni 16

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

**1388.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 април 2011 година.

Бр. 07- 2051/1
12 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ

Член 1

Во Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" број 62/2006), членот 31 се менува и гласи:

„Кога прекршокот е сторен под особено олеснувачки околности, а со закон е пропишана минимум глоба, глобата може да се ублажи за една третина од минимум пропишаната глоба."

Член 2

Во членот 42 став (1) зборовите: „помине една година" се заменуваат со зборовите: „поминат три години".

Член 3

Државните органи, законите во кои е уредена застареноста за поведувањето и водењето на прекршочната постапка, да ги усогласат со овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон".

Член 4

Одредбите од овој закон ќе се применуваат за прекршоците сторени од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR KUNDËRVAJTJE

Neni 1

Në Ligjin për kundërvajtje ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 62/2006), neni 31 ndryshohet si vijon:

"Kur kundërvajtja është kryer në rrethana të veçanta lehtësuese, ndërsa me ligj është përcaktuar gjobë minimale, gjoba mund të zvogëlohet për një të tretën e gjobës së përcaktuar minimale "

Neni 2

Në nenin 42 paragrafi (1) fjalët: "kalon një vit" zëvendësohen me fjalët: "kalojnë tre vite".

Neni 3

Organet shtetërore, ligjet në të cilat është rregulluar parashkrimi për ngritjen dhe mbajtjen e procedurës për kundërvajtje, t'i harmonizojnë me këtë ligj në afat prej gjashtë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 4

Dispozitat e këtij ligji do të zbatohen për kundërvajtjet e kryera nga dita hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**1389.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОДБРАНА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за одбрана,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 април 2011 година.

Бр. 07 - 2057/1
12 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОДБРАНА**

Член 1

Во Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" број 42/2001, 5/2003, 58/2006 и 110/2008), членот 3 се менува и гласи:

"Воена служба може да извршуваат сите граѓани на Републиката на возраст од 18 до 60 години живот, доколку ги исполнуваат условите утврдени со овој закон."

Член 2

Членот 4 се менува и гласи:

„Воената служба на граѓаните се состои од:

1) доброволно служење на воениот рок и

2) служба во резервните сили на Армијата.

Граѓаните имаат право доброволно да го служат воениот рок на начин и под услови утврдени со овој закон.

Служба во резервните сили на Армијата се извршува во мир и во војна, на начин утврден со овој закон."

Член 3

По членот 4 се додаваат два нови члена 4-а и 4-б, кои гласат:

„Член 4-а

Граѓанинот за време на извршувањето на воената служба е:

1) војник - за време на доброволното служење на воениот рок и

2) припадник на резервните сили на Армијата за време на служба во резервните сили на Армијата.

Член 4-б

Службата во резервните сили на Армијата се состои од:

1) служба во општата резерва и

2) служба во активниот резервен персонал.

Во зависност од потребите на Армијата, на служба во резервните сили на Армијата може да се ангажираат и лица кои не го отслужиле воениот рок, а се експерти во области од особено значење за Армијата."

Член 4

Членот 5 се менува и гласи:

„На припадникот на резервните сили на Армијата му престанува воената служба ако:

1) не ги исполнува условите за служба во резервните сили на Армијата и

2) му престане државјанството на Република Македонија."

Член 5

Членот 6 се менува и гласи:

„Војникот, односно припадникот на резервните сили на Армијата стекнува статус на воено лице со стапувањето во воената служба, а го губи статусот на воено лице со престанокот на воената служба.

Војникот, односно припадникот на резервните сили на Армијата има статус на воено лице и кога се јавува на покана од надлежен орган на државната управа заради извршување на воената служба од моментот на поаѓањето до враќањето во живеалиштето."

Член 6

Во членот 14 став 3 пред зборовите: „трговските друштва" се додава зборот „граѓаните".

Во ставот 5 зборот „давачите" се заменува со зборот „давателите".

Во ставот 6 зборовите: „од став 5 на овој член" се заменуваат со зборовите: „на средствата и добитокот од ставот 1 на овој член."

Член 7

Во Главата III. НАДЛЕЖНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ насловот „а) Раководење со одбраната" се брише.

Член 8

Членот 16 се менува и гласи:

„Надлежностите во одбраната се остваруваат во согласност со Уставот на Република Македонија и закон.

Надлежностите во одбраната ги остваруваат Собранието на Република Македонија, претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија и министерот за одбрана."

Член 9

Во членот 19 точка 10 алинеја 8 зборот „врските" се заменува со зборот „комуникациите".

Во точката 11 алинеја 1 точката и запирката на крајот на реченицата се заменуваат со сврзникот „и".

Алинејата 2 се брише.

Член 10

Во членот 20 став 1 точка 20 по зборовите: „установи и служби" точката и запирката се бришат и се додаваат зборовите: „и други организации од јавен интерес".

Во точката 23 зборот „врски" се заменува со зборот „комуникации".

Точката 27 се менува и гласи:

„води евиденција на граѓаните кои го отслужиле воениот рок и врши пополнување на резервните сили на Армијата;".

По точката 48 се додаваат три нови точки 49, 50 и 51, кои гласат:

„49) организира подготовки на системот на Министерството за одбрана за справување со кризи, како поддршка на системот за кризен менаџмент на Републиката;

50) организира и управува со националниот кодификациски систем за потребите на одбраната и наменската индустрија согласно со стандардите за обезбедување и контрола на квалитет и

51) го организира системот на воено здравство и спроведувањето на здравствената заштита согласно со овој закон и врши здравствена дејност врз основа на дозвола за вршење здравствена дејност согласно со прописите од областа на здравствената заштита. “

Член 11

Во членот 21 став 2 точката 5 се брише.

Точките 6 и 7 стануваат точки 5 и 6.

Член 12

Во членот 29 став 2 по зборовите: „воени старешини“ се става запирка и се додаваат зборовите: „војници на доброволно служење на воениот рок“.

Ставовите 3 и 4 се менуваат и гласат:

„Пополнувањето на Армијата со резервни сили се врши со:

а) лица од активниот резервен персонал;

б) лица од општата резерва и

в) лица кои не го отслужиле воениот рок, а се експерти во области од особено значење за Армијата.

Пополнувањето на резервните сили на Армијата со материјални средства се врши со договор меѓу давателите на средствата и Министерството за одбрана.“

Член 13

Членот 37 се менува и гласи:

„Материјалното обезбедување на Армијата го одобрува и реализира Министерството за одбрана, а го планира Генералштабот на Армијата во согласност со планот за опремување на Армијата.“

Член 14

Во Главата IV. АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА во насловот на точката “8. Учество на Армијата во отстранувањето на последиците во вонредна состојба“ и во членот 40 ставови 1, 2 и 3 по зборот „вонредна“ се додаваат зборовите: „и кризна“.

Член 15

Во членот 41 став 1 зборовите: „единиците на Армијата или нивни делови од постојаниот и резервниот состав, како и воени старешини и цивилни лица“ се заменуваат со зборовите: „активниот воен и цивилниот персонал и припадниците на резервните сили на Армијата“.

Член 16

Во членот 43 ставови 1 и 2 зборовите: „воените обврзници од резервниот состав“ се заменуваат со зборовите: „припадниците во резервните сили на Армијата“.

Член 17

Членот 44 се менува и гласи:

„Правата и обврските на припадниците во резервните сили на Армијата и вработените во Министерството за одбрана испратени надвор од територијата на Републиката во случаите од членот 43 на овој закон, се уредуваат со договор кој се склучува со Министерството за одбрана.“

Член 18

Во членот 45 ставот 1 се менува и гласи:

„Во вршењето на службата и учеството во хуманитарни и мировни операции надвор од територијата на Републиката, воените лица и припадниците на резервниот состав на Армијата носат униформа на Армијата.”

Член 19

Членот 50 се менува и гласи:

„Воена служба извршуваат граѓаните на доброволно служење на воениот рок и припадниците на резервните сили на Армијата.“

Член 20

Во членот 62 ставот 1 се менува и гласи:

„Сите граѓани на Републиката кои ги исполнуваат условите за воена служба можат доброволно да се упатат на служење воен рок по наполнувањето на 18 години, но не подоцна од наполнети 26 години.“

Член 21

Во членот 62-б ставот 1 зборовите: „вршат здравствени установи што ги определува министерот за одбрана во согласност со министерот надлежен за работите на здравството“ се заменуваат со зборовите: „врши воено медицински центар.“

Член 22

Во членот 62-в по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Оцената за способност на граѓанинот за воена служба комисијата од ставот 1 на овој член ја утврдува особено врз основа на здравствената и психофизичката способност на граѓанинот.“

Ставот 3 кој станува став 4 се менува и гласи:

„Поблиските критериуми за оценување на здравствената и психофизичката способност на граѓанинот за воена служба ги пропишува министерот за одбрана.“

Член 23

Членот 62-г се менува и гласи:

„Оцена на комисијата од членот 62-в на овој закон може да биде:

1) исполнува критериуми за воена служба и

2) не исполнува критериуми за воена служба.“

Член 24

Членот 62-д се менува и гласи:

„Оцената за способност на граѓанинот за воена служба комисијата од членот 62-в на овој закон ја запишува во воената книшка на граѓанинот.

Формата и содржината на образецот за воена книшка од ставот 1 на овој член ја пропишува министерот за одбрана.“

Член 25

Во членот 62-ѓ ставот 1 се менува и гласи:

„За оцената за способност на граѓанинот за воена служба, комисијата од членот 62-в на овој закон донесува решение.“

Член 26

Членовите 70 и 71 се бришат.

Член 27

Во членот 73 став 1 воведната реченица и точката 1 се менуваат и гласат: „Доброволното служење на воениот рок во текот на служењето му се прекинува на војник, ако:

1) не исполнува критериуми за воена служба;“.

Во точката 7 зборовите: „два месеци” се заменуваат со зборовите: „еден месец“.

Член 28

Во Главата V. ВОЕНА ОБВРСКА поднасловот “б) Обврска за служење во резервен состав на Армијата“ се менува и гласи: „б) Служба во резервните сили на Армијата“.

Член 29

Членот 81 се менува и гласи:

„Служба во резервните сили на Армијата се извршува во општата резерва и во активниот резервен персонал на Армијата.

Служба во општата резерва извршуваат лица кои го отслужиле воениот рок во Армијата и не се постари од 60 години живот.

Служба во активниот резервен персонал извршуваат лица кои го отслужиле воениот рок во Армијата и не се постари од 50 години живот.

Служба во резервните сили на Армијата можат да извршуваат и лица кои не го отслужиле воениот рок а се експерти во области од особено значење за Армијата и кои склучиле договор со Министерството за одбрана.“

Член 30

Во членот 82 зборовите: „резервниот состав за мажи“ се заменуваат со зборовите: „активниот резервен персонал“.

Член 31

Членот 83 се менува и гласи:

„Припадниците на резервните сили на Армијата службата во резервните сили на Армијата ја извршуваат со учество на воени вежби и други форми на обука, учество во хуманитарни и мировни операции надвор од територијата на Републиката, а во војна со извршување на определени воени должности.“

Член 32

Членот 84 се брише.

Член 33

Членот 85 се менува и гласи:

„Припадникот на резервните сили на Армијата по негово барање, се ослободува од обврската за учество на воена вежба:

1) поради болест на припадникот;

2) поради смрт или тешка болест во семејството;

3) поради полагање испит или колоквиум во време на изведувањето на воената вежба;

4) поради елементарна непогода со која се загрозува имотот на семејството и

5) заради стапување во брак на припадникот или на член на неговото семејство.“

Член 34

Членот 86 се брише.

Член 35

Членот 88 се менува и гласи:

„За потребите на одбраната за служба во резервните сили се води воена евиденција на граѓаните.

Воведувањето во воена евиденција се врши по наполнувањето на 17 години живот.

Евиденцијата на граѓаните ја води Министерството за одбрана.

Граѓаните воведени во воената евиденција се должни за секоја промена на податокот значаен за водење на воената евиденција да го известат Министерството за одбрана во рок од осум дена од денот на настанувањето на промената.

По барање на Министерството за одбрана, органите на државната власт, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и единиците на локалната самоуправа се должни на Министерството за одбрана да му даваат податоци за граѓаните од значење за водење на воената евиденција.

Начинот на водењето на воената евиденција на граѓаните ја пропишува министерот за одбрана.“

Член 36

Во Главата VI. ОБВРСКИ НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА, ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА, УСТАНОВИ И СЛУЖБИ И ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА поднасловот а) се менува и гласи: „а) Трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби“.

Член 37

Членот 90 се менува и гласи:

„За потребите на одбраната во воена состојба, се определуваат трговски друштва и јавни установи и служби, како субјекти од посебно значење за одбраната кои продолжуваат со производството, односно со вршење на услугите, под услови и на начин утврден со меѓусебен договор.

Субјектите од ставот 1 на овој член со уредба ги определува Владата на Република Македонија.“

Член 38

По членот 90 се додава нов член 90-а, кој гласи:

„Член 90-а

Јавните претпријатија продолжуваат со производството, односно вршењето на услугите во воена состојба.“

Член 39

Членот 91 се менува и гласи:

„Јавните претпријатија, трговските друштва и јавните установи и служби од посебно значење за одбраната имаат обврска да се подготвуваат за продолжување на производството и вршење на услугите во воена состојба.“

Член 40

Членот 92 се брише.

Член 41

Во членот 93 ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Јавните претпријатија, јавните установи и служби и трговските друштва од посебно значење за одбраната, можат да учествуваат во изведувањето на вежбовни активности.

За учеството во изведувањето на вежбовните активности, јавните претпријатија, јавните установи и служби и трговските друштва од посебно значење за одбраната, имаат право на надоместок.“

Член 42

Членот 94 се брише.

Член 43

Во членот 95 ставот 2 се менува и гласи:

„Потребите на субјектите од ставот 1 на овој член, поблиску се определуваат и регулираат со меѓусебен договор склучен меѓу производителите, односно давателите на услугите и корисниците на производите и услугите.“

Член 44

Членот 96 се брише.

Член 45

Членот 97 се менува и гласи:

„Јавните установи и служби од областа на здравството, социјалната заштита, предучилишното и основното образование продолжуваат со работа во воена состојба.“

Член 46

Членовите 98 и 99 се бришат.

Член 47

Во називот на Главата VII членови 101 ставови 1 и 2 и 102 зборовите: „врски “ и „врските“ се заменуваат со зборовите: „комуникации“ и „комуникациите.“

Член 48

Членот 128 се менува и гласи:

„Обучувањето на граѓаните за одбрана се организира и спроведува во Армијата и во Центарот за обука за одбрана.“

Член 49

Во членот 130 ставот 1 се менува и гласи:

„Обучувањето во Центарот за обука за одбрана се организира и спроведува заради обучување на кадри за потребите на одбраната и на припадници во резервните сили на Армијата кои не се распоредени во резервниот состав на Армијата.“

Член 50

Членот 131 се брише.

Член 51

Членот 132 се менува и гласи:

„Во остварувањето на обуката за одбрана и во подготовките за упатување на припадниците на резервните сили на Армијата во извршувањето на задачите во мировните операции надвор од територијата на Републиката, Министерството за одбрана може да соработува со Организацијата на резервните офицери на Армијата на Република Македонија.

За време на спроведувањето на активностите од ставот 1 на овој член членовите на Организацијата на резервните офицери на Армијата на Република Македонија носат униформа и ознаки на Армијата.“

Член 52

По членот 136 се додава нов член 136-а, кој гласи:

„Член 136-а

На државните службеници во Министерството за одбрана кои согласно со членовите 133, 134 и 135 од овој закон се определени како овластени службени лица, основната плата и додатокот на плата за звање им се зголемува за 20%.“

Член 53

Во членот 148 зборот „обврска“ се заменува со зборот „служба“, а зборовите: „и обучување за одбрана“ се бришат.

Член 54

Членот 151 се менува и гласи:

„Граѓаните кои склучиле договор за ангажирање во активниот резервен персонал на резервните сили на Армијата, за периодот кога не се ангажирани во извршувањето на правата и обврските од членот 83 на овој закон, остваруваат право на месечен паричен надоместок согласно со закон.

За периодот кога граѓаните распоредени во активниот резервен персонал на резервните сили на Армијата се ангажирани во извршувањето на задачите во хуманитарни и мировни операции, остваруваат право на плата под услови и на начин утврден за воениот и цивилен персонал на служба во Армијата упатен во хуманитарни и мировни операции надвор од територијата на Републиката.“

Член 55

Во членот 154 став 5 зборовите: „и на граѓаните ангажирани за обучување за одбрана“ се бришат.

Член 56

Членот 155 се брише.

Член 57

Членот 159 се менува и гласи:

„Лица ангажирани во обучувањето за одбрана како предавачи, имаат право на надоместок во висина утврдена со договор склучен со Министерството за одбрана.“

Член 58

Членовите 162, 163, 164, 165 и 166 се менуваат и гласат:

„Член 162

Во постапката за вршење на инспекциски надзор во областа на одбраната (во натамошниот текст: инспекциски надзор), ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Член 163

Инспекциски надзор на спроведувањето на овој закон и другите прописи од областа на одбраната се врши во органите на државната власт, Армијата, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби од посебно значење за одбраната и единиците на локалната самоуправа (во натамошниот текст: субјекти на надзорот) .

Инспекцискиот надзор од ставот 1 на овој член го врши Министерството за одбрана преку инспектори за одбрана.

По исклучок од ставот 2 на овој член, во случаи ако тоа е неопходно за отстранување на непосредна опасност по животот или здравјето на луѓето или имотот од поголема вредност, неопходно за преземање на итни мерки кои не трпат одлагање, како и во други случаи утврдени со закон, инспекцискиот надзор се врши во соработка со други инспекциски служби.

Член 164

Инспекторите за одбрана покрај општите услови за вработување, како посебни услови за вршење на инспекциски надзор потребно е да имаат соодветно високо образование или стекнати 180-300 кредити според ЕКТС и најмалку четири години работно искуство, од кои две години во државна служба.

Член 165

Инспекцискиот надзор може да биде редовен, вонреден или контролен.

Редовниот инспекциски надзор го опфаќа надзорот на спроведувањето на овој закон и другите прописи од областа на одбраната и се врши според годишна програма која ја донесува министерот за одбрана најдоцна до 31 декември во тековната, за наредната година.

Вонредниот инспекциски надзор го опфаќа надзорот на спроведувањето на одделни прописи или одредени прашања од областа на одбраната и се врши врз основа на процена на генералниот, односно главниот инспектор за одбрана, по барање на орган на државната власт, правно или физичко лице, како и по пријава на инспекторот за одбрана во случаи на сомневање за повреди на одредбите на овој закон или други прописи од областа на одбраната.

Вонредниот инспекциски надзор по барање на орган на државната власт, правно или физичко лице, како и по пријава на инспекторот за одбрана, се спроведува во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето односно пријавата.

Контролниот инспекциски надзор го опфаќа надзорот во субјектот на надзорот по истекот на рокот определен во решението за отстранување на недостатоците утврдени при извршениот редовен или вонреден инспекциски надзор.

Начинот на вршењето на инспекцискиот надзор го пропишува министерот за одбрана.

Член 166

При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторот за одбрана има право:

- на непречен пристап и целосен увид во просториите во кои се примаат, чуваат, изработуваат или обработуваат документи и други акти во врска со спроведувањето на овој закон и другите прописи од областа на одбраната, материјално техничките средства и опрема со кои се изработуваат или обработуваат и заштитуваат документите и актите од областа на одбраната, како и да ги користи информатичките и комуникациските средства на инспектираниот субјект и

- писмено или усно да бара објаснувања, како и да повикува и испитува лица во врска со спроведувањето на активностите на инспекцискиот надзор.

При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот за одбрана е должен:

- да постапува по барањето за поведување на инспекциска постапка и за тоа да го извести подносителот на иницијативата,

- да го извести одговорното лице на субјектот на надзорот за законскиот основ на вршењето на инспекцискиот надзор, како и за почетокот на вршењето на надзорот, освен во случаите кога со таквото известува-

ње ќе се намали ефикасноста на надзорот, или заради заштита на јавниот интерес, животот и здравјето на луѓето и имотот,

- да се легитимира пред субјектот на надзорот, односно пред одговорното или друго овластено лице на субјектот на надзорот,

- да ги почитува и спроведува мерките за заштита на класифицираните информации добиени или осознаени при вршењето на надзорот,

- да постапува во согласност со законите и правилата за однесување на државните службеници како и правилата за однесување на овластените лица при вршењето на инспекцискиот надзор и

- да состави записник за извршениот инспекциски надзор.“

Член 59

По членот 166 се додаваат пет нови члена 166-а, 166-б, 166-в, 166-г и 166-д, кои гласат:

“Член 166-а

Инспекторот за одбрана може во рамките на вршењето на инспекцискиот надзор привремено да одземе документи, средства и други предмети кои можат да послужат како доказ во соодветна постапка.

Инспекторот за одбрана е должен привремено да одземе предмети во случаите кога е пропишано нивното задолжително одземање, кога со нив е сторен прекршок или кривично дело или ако тоа е потребно заради спречување на потешки последици, во согласност со закон.

За одземените документи, средства и други предмети од ставовите 1 и 2 на овој член, инспекторот за одбрана на субјектот на надзорот му издава соодветна потврда.

Условите за чување на привремено одземените документи, средства и други предмети до нивното предавање на органот надлежен за водење на соодветна постапка, ги обезбедува Министерството за одбрана.

Член 166-б

За извршениот инспекциски надзор, инспекторот за одбрана составува записник со приказ на утврдената фактичка состојба и истиот го потпишува и предава на субјектот на надзорот веднаш по потпишувањето, а најдоцна во рок од осум дена од денот на завршувањето на инспекцискиот надзор.

Записникот од ставот 1 на овој член се доставува и до министерот за одбрана.

По приемот на записникот од ставот 1 на овој член, субјектот на надзорот може да даде забелешки на записникот во рок од осум дена од денот на приемот и истите писмено да ги достави до инспекторот за одбрана кој го извршил инспекцискиот надзор.

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор се утврди повреда на закон или друг пропис од областа на одбраната, во записникот се констатираат утврдените недостатоци и неправилности и со решение се определува рок за нивно отстранување.

Субјектот на надзорот е должен да постапи според записникот и да го извести инспекторот за одбрана за преземените мерки во рокот определен во записникот.

Доколку инспекторот за одбрана при спроведувањето на контролниот инспекциски надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности, донесува заклучок со кој се запира постапката на инспекцискиот надзор.

Доколку инспекторот за одбрана при спроведувањето на контролниот инспекциски надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган.

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор во областа на одбраната инспекторот за одбрана смета дека повредата на прописите претставува прекршок или кривично дело, должен е до надлежниот орган да поднесе барање, односно пријава за покренување соодветна постапка.

Член 166-в

Субјектот на надзорот може да изјави жалба против решението на инспекторот за одбрана во рок од осум дена од денот на приемот на истото.

Жалбата од ставот 1 на овој член се поднесува до комисија која ја формира министерот за одбрана.

Комисијата од ставот 2 на овој член е составена од претседател, двајца членови и нивни заменици.

Претседател на комисијата од ставот 2 на овој член е генералниот или главниот инспектор за одбрана, а членови на комисијата се од редот на раководни државни службеници во Министерството за одбрана.

Член 166-г

Министерството за одбрана за извршените инспекциски надзори изготвува квартални извештаи кои се објавуваат на интернет страницата на Министерството.

Член 166-д

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот за одбрана утврди дека е сторена неправилност од членовите 170 став 2 и 171 на овој закон, инспекторот за одбрана е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност, со укажување за отстранување на неправилноста во рок од осум дена, со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на субјектот на надзорот од членовите 170 став 2 и 171 на овој закон каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за спроведување на едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот за одбрана.

Едукацијата ја организира и спроведува Министерството за одбрана, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

Доколку во закажаниот термин субјектите од членовите 170 став 2 и 171 на овој закон над кои се спроведува едукација не се јават на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку субјектите од членовите 170 став 2 и 171 на овој закон над кои се спроведува едукација се јават на закажаната едукација и истата ја завршат, ќе се смета дека се едуцирани по однос на утврдената неправилност.

Доколку инспекторот за одбрана при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

Доколку инспекторот за одбрана при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен орган.

Министерството за одбрана, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за одбрана.“

Член 60

Во членот 168 став 1 износот „100” се заменува со износ „250”.

Член 61

Членот 169 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на припадникот на Армијата ако организира политичка партија или здружение на граѓани во Армијата, во вршењето на службата во Армијата се раководи од своите политички убедувања и истите ги изразува и застапува или влијае на другите, манифестира партиски обележја, симболи или други знаци на политички партии, или ако на политички собири и манифестации учествува во воена униформа.”

Член 62

Во членот 170 став 1 износот „2.000” се заменува со износот „2.500”.

Точката 2 се менува и гласи:

„не даде податоци за граѓаните од значење за водење на воената евиденција (член 88 став 5);“.

Во точката 3 зборовите: „и член 96“ се бришат:

Точката 4 се менува и гласи:

„не се подготвуваат за продолжување на производството и вршење на услугите во воена состојба (член 91).“

Во ставот 2 износот „100“ се заменува со износот „250“.

Член 63

Во членот 171 износот „100“ се заменува со износот „250“.

Член 64

Во целиот текст на Законот зборот „обврска“ се заменува со зборот „служба“.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 65

Започнатите постапки за инспекциски надзор пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија” број 42/2001, 5/2003, 58/2006 и 110/2008).

Член 66

Одредбите од членовите 58 и 59 на овој закон ќе започнат да се применуваат со започнување на примената на Законот за инспекциски надзор.

Член 67

Одредбите од членовите 60, 61 и 62 на овој закон, ќе се применуваат за прекршоците сторени од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 68

Подзаконските прописи утврдени во овој закон, ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 69

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за одбрана.

Член 70

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MBROJTJE**

Neni 1

Me Ligjin për mbrojtje ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonisë" numër 42/2001, 5/2003, 58/2006 dhe 110/2008), neni 3 ndryshohet si vijon:

"Sherbim ushtarak mund të kryejnë të gjithë qytetarët e Republikes në moshë prej 18 deri në 60 vjet, nëse i plotesojne kushtet e përcaktuara me këtë ligj."

Neni 2

Neni 4 ndryshohet si vijon:

"Sherbimi ushtarak i qytetarëve përbëhet nga:

1) kryerja vullnetare e afatit ushtarak dhe

2) sherbimi në forcat rezerve të Armatës.

Qytetaret kanë të drejtë që vullnetarisht ta kryejnë afatin ushtarak në mënyrë dhe në kushtet të përcaktuara me kete ligj.

Sherbimi në forcat rezerve të Armatës kryhet në paqe dhe në luftë, në mënyrën e përcaktuar me këtë ligj."

Neni 3

Pas paragrafit 4 shtohen dy paragrafë të rinj 4-a dhe 4-b, si vijojnë:

"Neni 4-a

Qytetari gjatë kryerjes së shërbimit ushtarak është:

1) ushtar-gjatë kryerjes vullnetare të afatit ushtarak dhe

2) pjesetar i forcave rezerve të Armatës gjatë sherbimit në forcat rezerve të Armatës.

Neni 4-b

Sherbimi në forcat rezerve të Armatës përbëhet nga:

1) sherbimi në rezervën e përgjithshme dhe

2) sherbimi në personelin aktivë rezervë.

Varesisht prej nevojave të Armatës, në shërbim në forcat rezerve të Armatës mund të angazhohen edhe persona të cilët nuk e kanë kryer afatin ushtarak, e që janë eksperte në sferat me rëndësi të veçantë për Armatën."

Neni 4

Neni 5 ndryshohet si vijon:

"Pjesetarit të forcave rezerve të Armatës i ndërpritet sherbimi ushtarak, nëse:

1) nuk i plotëson kushtet për shërbim në forcat rezerve të Armatës dhe

2) i ndërpritet shtetësia e Republikës së Maqedonisë."

Neni 5

Neni 6 ndryshohet si vijon:

"Ushtari, përkatësisht pjesëtari i forcave rezerve të Armates e merr statusin e personit ushtarak me hyrjen në sherbimin ushtarak, ndërsa e humb statusin e personit ushtarak me ndërprerjen e shërbimit ushtarak.

Ushtari, përkatësisht pjesëtari i forcave rezerve të Armates ka status të personit ushtarak edhe kur paraqitet me ftese të organit kompetent të administratës shtetërore për kryerjen e shërbimit ushtarak, nga momenti i nisjes e deri në kthimin në vendbanim."

Neni 6

Në nenin 14 paragrafi 3 para fjalëve: "shoqëritë tregtare", shtohet fjala "qytetarët".

Në paragrafin 5 fjala "dhënësve" zëvendësohet me fjalen "ofruesve".

Në paragrafin 6 fjalët: "nga paragrafi 5 i këtij neni" zevendesohen me fjalët: "e mjeteve dhe kafshëve nga paragrafi 1 i këtij neni."

Neni 7

Në Kapitullin III. KOMPETENCAT E ORGANEVE TË PUSHTETIT SHTETËROR titulli "a) Udhëheqja e mbrojtjes" shlyhet.

Neni 8

Neni 16 ndryshohet si vijon:

"Kompetencat e mbrojtjes realizohen në pajtim me Kushtetuten e Republikës së Maqedonisë dhe me ligj.

Kompetencat e mbrojtjes i realizojnë Kuvendi i Republikes së Maqedonisë, Presidenti i Republikës së Maqedonise, Qeveria e Republikës së Maqedonisë dhe ministri i Mbrojtjes."

Neni 9

Në nenin 19 pika 10 alineja 8 fjala "lidhjeve" zevendesohet me fjalën "komunikimeve".

Në pikën 11 alineja 1 pikëpresja në fund të fjalisë zevendesohet me lidhëzën "dhe".

Alineja 2 shlyhet.

Neni 10

Në nenin 20 paragrafi 1 pika 20 pas fjalëve: "institucionet dhe shërbimet" pikëpresja shlyhet dhe shtohen fjalët: "dhe organizatat tjera me interes publik".

Në pikën 23 fjala "lidhje" zëvendësohet me fjalën "komunikime".

Pika 27 ndryshohet si vijon:

"mban evidencë për qytetarët që e kanë kryer afatin ushtarak dhe bën plotësimin e forcave rezerve të Armatës."

Pas pikës 48 shtohen tri pika te reja 49, 50 dhe 51, si vijojne:

"49) organizon përgatitje të sistemit të Ministrise së Mbrojtjes për ballafaqim me kriza, si mbështetje të sistemit për menaxhim të krizave të Republikës;

50) organizon dhe menaxhon me sistemin nacional të kodifikimit për nevojat e mbrojtjes dhe industrisë me dedikim në pajtim me standardet për sigurim dhe kontroll të cilësisë dhe

51) e organizon sistemin e shëndetësisë ushtarake dhe realizimin e mbrojtjes shëndetësore, në pajtim me këtë ligj dhe kryen veprimtari shëndetësore në bazë të lejes për kryerjen e veprimtarisë shëndetësore në pajtim me rregullat nga sfera e mbrojtjes shëndetësore."

Neni 11

Në nenin 21 paragrafi 2 pika 5 shlyhet.

Pikat 6 dhe 7 bëhen pika 5 dhe 6.

Neni 12

Në nenin 29 paragrafi 2 pas fjalëve: "eprorë ushtarakë" vihet presje dhe shtohen fjalët: "ushtarë në kryerje vullnetare të afatit ushtarak."

Paragrafet 3 dhe 4 ndryshohen si vijojnë:

"Plotesimi i Armatës me forca rezerve kryhet me:

a) persona nga personeli aktiv rezervë;

b) persona nga rezerva e përgjithshme dhe

v) persona që nuk e kanë kryer afatin ushtarak, e që jane ekspertë në sfera me rëndësi të veçantë për Armatën.

Plotesimi i forcave rezerve të Armatës me mjete materiale bëhet me marrëveshje ndërmjet dhënësve të mjeteve dhe Ministrisë së Mbrojtjes."

Neni 13

Neni 37 ndryshohet si vijon:

"Sigurimin material të Armatës e miraton dhe realizon Ministria e Mbrojtjes, ndërsa e planifikon Shtatmadhoria e Armates, në pajtim me planin për pajisje të Armatës."

Neni 14

Në Kapitullin IV. ARMATA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISE në titullin e pikës 8. "Pjesëmarrja e Armates në mënjanimin e pasojave në gjendje të jashtezakonshme" dhe në nenin 40 paragrafët 1, 2 dhe 3, pas fjalës "të jashtezakonshme" shtohen fjalët: "dhe të krizës".

Neni 15

Në nenin 41 paragrafi 1 fjalët: "njësitë e Armatës ose pjeset e tyre të përbërjes permanente dhe rezerve, si dhe eproret ushtarakë dhe personat civilë" zëvendësohen me fjalet: "personeli aktiv ushtarak dhe civil dhe pjesëtarët e forcave rezerve të Armatës".

Neni 16

Në nenin 43 paragrafët 1 dhe 2 fjalët: "obliguesit ushtarake nga përbërja rezerve" zëvendësohen me fjalët: "pjesetaret e forcave rezerve të Armatës".

Neni 17

Neni 44 ndryshohet si vijon:

"Të drejtat dhe obligimet e pjesëtarëve të forcave rezerve të Armatës dhe të të punësuarve në Ministrinë e Mbrojtjes të dërguar jashtë territorit të Republikës, në rastet nga neni 43 i këtij ligji, rregullohen me marrëveshje që lidhet me Ministrinë e Mbrojtjes."

Neni 18

Neni 45 paragrafi 1 ndryshohet si vijon:

"Në kryerjen e shërbimit dhe pjesëmarrjen në operacione humanitare dhe paqësore jashtë territorit të Republikës, personat ushtarakë dhe pjesëtarët e përbërjes rezerve të Armates mbajnë uniformë të Armatës."

Neni 19

Neni 50 ndryshohet si vijon:

"Sherbim ushtarak kryejnë qytetarët me kryerje vullnetare të afatit ushtarak dhe pjesëtarët e forcave rezerve të Armates."

Neni 20

Neni 62 paragrafi 1 ndryshohet si vijon:

"Të gjithë qytetarët e Republikës të cilët i plotesojne kushtet për shërbim ushtarak mund vullnetarisht të dergohen për kryerje të afatit ushtarak pasi t'i mbushin 18 vjet, por jo më vonë se 26 vjet të plota."

Neni 21

Në nenin 62-b paragrafi 1 fjalët: "kryejnë institucionet shendetesore që i përcakton ministri i Mbrojtjes në pajtim me ministrin kompetent për punët e shëndetësisë" zevendesohen me fjalët: "kryen qendra ushtarake mjekësore."

Neni 22

Në nenin 62-v pas paragrafit 2 shtohet paragraf i ri 3, si vijon:

"Vleresimin për aftësi të qytetarit për shërbim ushtarak, komisioni nga paragrafi 1 i këtij neni, e përcakton vecanerisht në bazë të aftësisë shëndetësore dhe psikofizike të qytetarit."

Paragrafi 3 i cili bëhet paragraf 4 ndryshohet si vijon:

"Kriteret më të përafërta për vlerësimin e aftësisë shendetesore dhe psikofizike të qytetarit për shërbim ushtarak i përcakton ministri i Mbrojtjes."

Neni 23

Neni 62-g ndryshohet si vijon:

"Vleresimi i komisionit nga neni 62-v i këtij ligji, mund të jetë:

1) i plotëson kriteret për shërbim ushtarak dhe

2) nuk i plotëson kriteret për shërbim ushtarak."

Neni 24

Neni 62-d ndryshohet si vijon:

"Vleresimin për aftësi të qytetarit për shërbim ushtarak, komisioni nga neni 62-v i këtij ligji e shënon në librezën ushtarake të qytetarit.

Formen dhe përmbajtjen e formularit të librezës ushtarake nga paragrafi 1 i këtij neni, e përcakton ministri i Mbrojtjes."

Neni 25

Neni 62-gj paragrafi 1 ndryshohet si vijon:

"Për vlerësimin e aftësisë së qytetarit për shërbim ushtarak, komisioni nga neni 62-v i këtij ligji miraton aktvendim."

Neni 26

Nenet 70 dhe 71 shlyhen.

Neni 27

Në nenin 73 paragrafi 1 fjalia hyrëse dhe pika 1, ndryshohen si vijojnë:

"Kryerja vullnetare e afatit ushtarak gjatë shërbimit, i nderpritet ushtarit nëse:

1) nuk i plotëson kriteret për shërbim ushtarak;".

Në pikën 7 fjalët: "dy muaj" zëvendësohen me fjalët: "një muaj."

Neni 28

Në Kapitullin V. OBLIGIMI USHTARAK, nëntitulli: b) "Obligimi për shërbim në përbërjen rezerve të Armatës", ndryshohet si vijon: "b) Shërbimi në forcat rezerve të Armates".

Neni 29

Neni 81 ndryshohet si vijon:

"Sherbimi në forcat rezerve të Armatës kryhet në rezerven e përgjithshme dhe në personelin aktiv rezervë të Armates.

Sherbim në rezervën e përgjithshme kryejnë personat të cilet e kanë mbaruar afatin ushtarak në Armatë dhe nuk jane më të vjetër se 60 vjet.

Sherbim në personelin aktiv rezervë kryejnë personat të cilet e kanë mbaruar afatin ushtarak në Armatë dhe nuk jane më të vjetër se 50 vjet.

Sherbim në forcat rezerve të Armatës mund të kryejnë edhe personat të cilët nuk e kanë mbaruar afatin ushtarak, e që janë ekspertë në sfera me rëndësi të veçantë për Armaten dhe të cilët kanë lidhur marrëveshje me Ministrinë e Mbrojtjes."

Neni 30

Në nenin 82 fjalët: "përbërjen rezerve për meshkuj" zevendesohet me fjalët: "personelin aktiv rezervë".

Neni 31

Neni 83 ndryshohet si vijon:

"Pjesetaret e forcave rezerve të Armatës, shërbimin në forcat rezerve të Armatës e kryejnë me pjesëmarrje në ushtrime ushtarake dhe forma tjera të trajnimit, me pjesëmarrje në operacione humanitare dhe paqësore jashtë territorit të Republikes, ndërsa në luftë me zbatim të detyrave të caktuara ushtarake."

Neni 32

Neni 84 shlyhet.

Neni 33

Neni 85 ndryshohet si vijon:

"Pjesetari i forcave rezerve të Armatës me kërkesë të tij, lirohet nga obligimi për pjesëmarrje në ushtrim ushtarak për shkak të:

1) semundjes së pjesëtarit;

2) vdekjes ose sëmundjes së rëndë në familje;

3) dhenies së provimit ose kolokuiumit gjatë kohës së kryerjes së ushtrimit ushtarak;

4) fatkeqesise elementare me të cilën rrezikohet prona e familjes dhe

5) marteses së anëtarit ose të anëtarit të familjes së tij."

Neni 34

Neni 86 shlyhet.

Neni 35

Neni 88 ndryshohet si vijon:

"Për nevojat e mbrojtjes për shërbim në forcat rezerve mbahet evidencë ushtarake e qytetarëve.

Vendosja e evidencës ushtarake bëhet pas mbushjes së 17 vjeteve.

Evidencen e qytetarëve e mban Ministria e Mbrojtjes.

Qytetaret e regjistruar në evidencën ushtarake detyrohen që për çdo ndryshim të të dhënave të rëndësishme për mbajtjen e evidencës ushtarake, ta njoftojnë Ministrinë e Mbrojtjes në afat prej tetë ditësh nga dita e bërjes së ndryshimit.

Me kërkesë të Ministrisë së Mbrojtjes, organet e pushtetit shtetëror shoqëritë tregtare, ndërmarrjet publike, institucionet dhe shërbimet dhe njësitë e vetadministrimit lokal detyrohen që Ministrisë së Mrojtjes t'i japin të dhëna për qytetaret me rëndësi për mbajtjen e evidencës ushtarake.

Menyren e mbajtjes së evidencës ushtarake të qytetareve e përcakton ministri i mbrojtjes."

Neni 36

Në Kapitullin VI. OBLIGIMET E SHOQËRIVE TREGTARE, NDËRMARRJEVE PUBLIKE, INSTITUCIONEVE DHE SHËRBIMEVE DHE NJËSIVE TË VETADMINISTRIMIT LOKAL nëntitulli a) ndryshohet si vijon: "a) Shoqëritë tregtare, ndërmarrjet publike, institucionet dhe shërbimet."

Neni 37

Neni 90 ndryshohet si vijon:

"Për nevojat e mbrojtjes në gjendje lufte, përcaktohen shoqeri tregtare dhe institucione publike dhe shërbime, si subjekte me rëndësi të posaçme për mbrojtjen, që vazhdojne me prodhimin, përkatësisht me kryerjen e shërbimeve, në kushte dhe mënyrë të përcaktuar me marrëveshje të ndersjelle.

Subjektet nga paragrafi 1 i këtij neni, me dekret i percakton Qeveria e Republikës së Maqedonisë."

Neni 38

Pas nenit 90 shtohet nen i ri 90-a, si vijon:

"Neni 90-a

Ndermarrjet publike vazhdojnë me prodhimin, perkatesisht kryerjen e shërbimeve në gjendje lufte."

Neni 39

Neni 91 ndryshohet si vijon:

"Ndermarrjet publike, shoqëritë tregtare dhe institucionet publike dhe shërbimet me rëndësi të veçantë për mbrojtjen, detyrohen që të përgatiten për vazhdimin e prodhimit dhe kryerjen e shërbimeve në gjende lufte."

Neni 40

Neni 92 shlyhet.

Neni 41

Në nenin 93 paragrafët 1 dhe 2 ndryshohen si vijojnë:

"Ndermarrjet publike, institucionet publike dhe sherbimet dhe shoqëritë tregtare me rëndësi të veçantë për mbrojtjen, munden të marrin pjesë në kryerjen e aktiviteteve ushtruese.

Për pjesëmarrje në kryerjen e aktiviteteve ushtruese, ndermarrjet publike, institucionet publike dhe shërbimet dhe shoqëritë tregtare me rëndësi të veçantë për mbrojtjen, kane të drejtë në kompensim."

Neni 42

Neni 94 shlyhet.

Neni 43

Neni 95 paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Nevojat e subjekteve nga paragrafi 1 i këtij neni, më afersisht përcaktohen dhe rregullohen me marrëveshje të ndersjelle, të lidhur ndërmjet prodhuesve, përkatësisht dhenesve të shërbimeve dhe shfrytëzuesve të prodhimeve dhe sherbimeve."

Neni 44

Neni 96 shlyhet.

Neni 45

Neni 97 ndryshohet si vijon:

"Institucionet dhe shërbimet publike nga sfera e shendetesise, mbrojtjes shëndetësore, arsimit parashkollor dhe fillor vazhdojnë me punë në gjendje lufte".

Neni 46

Nenet 98 dhe 99 shlyhen.

Neni 47

Në titullin e Kapitullit VII në nenet 101 paragrafët 1 dhe 2 dhe 102, fjalët "lidhje" dhe "lidhjet" zëvendësohen me fjalët: "komunikime" dhe "komunikimet".

Neni 48

Neni 128 ndryshohet si vijon:

"Trajnimi i qytetarëve për mbrojtje organizohet dhe realizohet në Armatë dhe në Qendrën për Trajnim për Mbrojtje."

Neni 49

Neni 130 paragrafi 1 ndryshohet si vijon:

"Trajnimi në Qendrën për Trajnim për Mbrojtje organizohet dhe realizohet për trajnimin e kuadrove për nevojat e mbrojtjes dhe të anëtarëve të forcave rezerve të Armatës të cilet nuk janë të sistemuar në përbërjen rezerve të Armates."

Neni 50

Neni 131 shlyhet.

Neni 51

Neni 132 ndryshohet si vijon:

"Në realizimin e trajnimit për mbrojtje dhe në pergatitjet për dërgim të pjesëtarëve të forcave rezerve të Armatës, në zbatimin e detyrave në operacionet paqësore jashtë territorit të Republikës, Ministria e Mbrojtjes mund të bashkepunoje me Organizatën e Oficerëve Rezervë të Armatës së Republikes së Maqedonisë.

Gjate realizimit të aktiviteteve nga paragrafi 1 i këtij neni, anëtarët e Organizatës së Oficerëve Rezervë të Armates së Republikës së Maqedonisë, mbajnë uniformë dhe shenja të Armatës."

Neni 52

Pas nenit 136 shtohet nen i ri 136-a, si vijon:

"Neni 136-a

Nepunesve shtetërorë në Ministrinë e Mbrojtjes të cilet në pajtim me nenet 133, 134 dhe 135 të këtij ligji, janë percaktuar si persona të autorizuar zyrtarë, rroga bazë dhe shtesa e rrogës për titull u rritet për 20 %."

Neni 53

Në nenin 148 fjala "obligim" zëvendësohet me fjalën "sherbim", kurse fjalët: "dhe trajnim për mbrojtje" shlyhen.

Neni 54

Neni 151 ndryshohet si vijon:

"Qytetaret që kanë lidhur marrëveshje për angazhim në personelin aktiv rezervë të forcave rezerve të Armatës, për periudhen kur nuk janë të angazhuar në realizimin e të drejtave dhe detyrave nga neni 83 i këtij ligji, realizojnë të drejte të kompensimit mujor në të holla, në pajtim me ligjin.

Për periudhën kur qytetarët e sistemuar në personelin aktiv rezervë të forcave rezerve të Armatës janë të angazhuar në realizimin e detyrave në operacione humanitare dhe paqësore, realizojnë të drejtën e rrogës në kushte dhe në mënyrë të përcaktuar për personelin ushtarak dhe civil të shërbimit në Armatë, i dërguar në operacionet humanitare dhe paqësore jashtë territorit të Republikës."

Neni 55

Në nenin 154 paragrafi 5 fjalët: "dhe qytetarëve të angazhuar për trajnim për mbrojtje" shlyhen.

Neni 56

Neni 155 shlyhet.

Neni 57

Neni 159 ndryshohet si vijon:

"Personat e angazhuar në trajnimin për mbrojtje si ligjerues, kanë të drejtë kompensimi në lartësi të përcaktuar me marrëveshje të lidhur me Ministrinë e Mbrojtjes."

Neni 58

Nenet 162, 163, 164, 165 dhe 166 ndryshohen si vijojne:

"Neni 162

Në procedurën për kryerjen e mbikëqyrjes inspektuese në sferën e mbrojtjes (në tekstin e mëtejmë: mbikëqyrje inspektuese), do të zbatohen dispozitat e Ligjit për mbikeqyrje inspektuese, nëse me këtë ligj nuk është rregulluar ndryshe."

Neni 163

Mbikeqyrja inspektuese mbi zbatimin e këtij ligji dhe rregullave tjera nga sfera e mbrojtjes, kryhet në organet e pushtetit shtetëror, Armatë, shoqëri tregtare, ndërmarrje publike, institucione dhe shërbime me rëndësi të veçantë për mbrojten dhe njësitë e vetadministrimit lokal (në tekstin e mëtejmë: subjekte të mbikëqyrjes).

Mbikeqyrjen inspektuese nga paragrafi 1 i këtij neni, e kryen Ministria e Mbrojtjes nëpërmjet inspektorëve të mbrojtjes.

Me përjashtim nga paragrafi 2 i këtij neni, në raste nëse kjo është e domosdoshme për mënjanimin e rrezikut të drejtperdrejte për jetën ose shëndetin e njeriut ose pronës me vlerë më të madhe, e domosdoshme për ndërmarrjen e masave urgjente që nuk mund të prolongohen, si dhe në raste tjera të përcaktuara me ligj, mbikëqyrja inspektuese kryhet në bashkëpunim me shërbimet tjera inspektuese.

Neni 164

Inspektoret e mbrojtjes krahas kushteve të përgjithshme për punësim, si kushte të posaçme për kryerjen e mbikeqyrjes inspektuese është e nevojshme që të kenë arsimim të larte përkatës ose 180-300 kredi sipas SETK-ut dhe së paku katër vjet përvojë pune, prej të cilëve dy vjet në shërbim shteteror.

Neni 165

Mbikeqyrja inspektuese mund të jetë e rregullt, e jashtezakonshme ose kontrolluese.

Mbikeqyrja e rregullt inspektuese e përfshinë mbikeqyrjen mbi zbatimin e këtij ligji dhe rregullave tjera nga sfera e mbrojtjes dhe kryhet sipas programit vjetor, që e miraton ministri i Mbrojtjes më së voni deri më 31 dhjetor të vitit rrjedhës, për vitin e ardhshëm.

Mbikeqyrja e jashtëzakonshme inspektuese e përfshinë mbikeqyrjen mbi zbatimin e rregullave të veçanta ose ceshtjeve të caktuara nga sfera e mbrojtjes dhe kryhet në baze të vlerësimit të inspektorit të përgjithshëm, perkatesisht kryesor të mbrojtjes, me kërkesë të organit të pushtetit shteteror, personit juridik ose fizik, si dhe me njoftim të inspektorit të mbrojtjes në raste të dyshimit për shkelje të dispozitave të këtij ligji ose rregullave tjera nga sfera e mbrojtjes.

Mbikeqyrja e jashtëzakonshme inspektuese me kërkesë të organit të pushtetit shtetëror, personit juridik ose fizik, si dhe me njoftim të inspektorit të mbrojtjes, kryhet në afat prej tetë ditësh nga dita e parashtrimit të kërkesës, perkatesisht njoftimit.

Mbikeqyrja inspektuese kontrolluese e përfshinë mbikeqyrjen e subjektit të mbikëqyrjes pas skadimit të afatit të percaktuar në aktvendimin për mënjanimin e mangësive të konstatuara gjatë mbikëqyrjes së kryer inspektuese të rregullt ose të jashtëzakonshme.

Menyren e kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese e percakton ministri i mbrojtjes.

Neni 166

Gjate kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese, inspektori i mbrojtjes ka të drejtë:

- në qasje të papenguar dhe inspektim të plotë në lokalet ku pranohen, ruhen, përpilohen ose përpunohen dokumente dhe akte tjera në lidhje me zbatimin e këtij ligji dhe rregullave tjera nga sfera e mbrojtjes, mjetet materiale teknike dhe pajisja me të cilat përpilohen ose përpunohen dhe mbrohen dokumentet dhe aktet nga sfera e mbrojtjes, si dhe t'i shfrytëzojë mjetet informatike dhe komunikuese të subjektit të inspektuar dhe
- me shkrim ose me gojë të kërkojë sqarime, si dhe të ftoje dhe marrë në pyetje persona në lidhje me realizimin e aktiviteteve të mbikëqyrjes inspektuese.

Gjate kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese, inspektori i mbrojtjes detyrohet që:

- të veprojë sipas kërkesës për ngritje të procedurës inspektuese dhe për këtë ta njoftojë parashtruesin e iniciativës,
- ta njoftojë personin përgjegjës të subjektit të mbikeqyrjes për bazën ligjore të kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese, si dhe për fillimin e kryerjes së mbikëqyrjes, përveç në raste kur me njoftimin e tillë do të zvogëlohet efikasiteti i mbikeqyrjes, ose për shkak të mbrojtjes së interesit publik, jetes dhe shëndetit të njerëzve dhe pronës,
- të legjitimohet para subjektit të mbikëqyrjes, perkatesisht para personit përgjegjës ose personit tjetër të autorizuar të subjektit të mbikëqyrjes,
- t'i respektojë dhe zbatojë masat për mbrojtje të informatave të klasifikuara të marra ose të kuptuara gjatë kryerjes së mbikëqyrjes,
- të veprojë në pajtim me ligjet dhe rregullat e sjelljes të nëpunësve shtetërorë, si dhe rregullat e sjelljes të personave të autorizuar gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese dhe

- të përpilojë procesverbal për mbikëqyrjen e kryer inspektuese."

Neni 59

Pas nenit 166 shtohen pesë nene të reja 166-a, 166-b, 166-v, 166-g dhe 166-d si vijojnë:

"Neni 166-a

Inspektori i mbrojtjes në kuadër të kryerjes së mbikeqyrjes inspektuese përkohësisht mund të konfiskojë dokumente, mjete dhe sende tjera, që mund të shërbejnë si deshmi në procedurën përkatëse.

Inspektori i mbrojtjes detyrohet përkohësisht të konfiskoje sende në rastet kur është përcaktuar konfiskimi i tyre i detyrueshëm, kur me to është kryer kundërvajtje ose veper penale, ose nëse kjo është e nevojshme për pengimin e pasojave më të rënda, në pajtim me ligjin.

Për dokumentet, mjetet dhe sendet tjera të konfiskuara nga paragrafët 1 dhe 2 të këtij neni, inspektori i mbrojtjes subjektit të mbikëqyrjes i jep vërtetim përkatës.

Kushtet për ruajtjen e dokumenteve, mjeteve dhe sendeve tjera të konfiskuara përkohësisht deri në dorëzimin e tyre organit kompetent për udhëheqjen e procedurës perkatese, i siguron Ministria e mbrojtjes.

Neni 166-b

Për mbikëqyrjen e kryer inspektuese, inspektori i mbrojtjes përpilon procesverbal me pasqyrë të gjendjes së konstatuar faktike dhe atë e nënshkruan dhe ia dorëzon subjektit të mbikëqyrjes menjëherë pas nënshkrimit, e më së voni në afat prej tetë ditësh nga dita e mbarimit të mbikeqyrjes inspektuese.

Procesverbali nga paragrafi 1 i këtij neni, i dorëzohet edhe ministrit të mbrojtjes.

Pas pranimit të procesverbalit nga paragrafi 1 i këtij neni, subjekti i mbikëqyrjes mundet të japë vërejtje në procesverbal në afat prej tetë ditësh nga dita e pranimit dhe ato t'ia dorëzojë inspektorit të mbrojtjes, i cili e ka kryer mbikeqyrjen inspektuese.

Nese gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese konstatohet shkelje e ligjit ose e ndonjë rregulle tjetër nga sfera e mbrojtjes, në procesverbal konstatohen mangësitë e percaktuara dhe parregullsitë dhe me aktvendim përcaktohet afat për mënjanimin e tyre.

Subjekti i mbikëqyrjes detyrohet që të veprojë sipas procesverbalit dhe ta njoftojë inspektorin e mbrojtjes për masat e ndërmarra në afatin e përcaktuar në procesverbal.

Nese inspektori i mbrojtjes gjatë kryerjes së mbikeqyrjes inspektuese kontrolluese konstaton se janë mënjanuar parregullsite e konstatuara, miraton konkluzion me të cilin nderpritet procedura e mbikëqyrjes inspektuese.

Nese inspektori i mbrojtjes gjatë kryerjes së mbikeqyrjes inspektuese kontrolluese konstaton se nuk janë menjanuar parregullsitë e konstatuara, paraqet kërkesë për ngritjen e procedurës për kundërvajtje para organit kompetent.

Nese gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese në sferen e mbrojtjes, inspektori i mbrojtjes konsideron se shkelja e rregullave paraqet kundërvajtje ose vepër penale, detyrohet që në organin kompetent të paraqes kërkesë, perkatesisht kallëzim për ngritje të procedurës përkatëse.

Neni 166-v

Subjekti i mbikëqyrjes mund të parashtrojë ankesë kunder aktvendimit të inspektorit të mbrojtjes në afat prej tetë ditesh nga dita e pranimit të tij.

Ankesa nga paragrafi 1 i këtij neni i parashtrohet komisionit që e formon ministri i Mbrojtjes.

Komisioni nga paragrafi 2 i këtij neni, përbëhet prej kryetarit, dy anëtarëve dhe zëvendësve të tyre.

Kryetar i komisionit nga paragrafi 2 i këtij neni është inspektori i përgjithshëm ose kryesor i mbrojtjes, kurse anetaret e komisionit janë nga radhët e nëpunësve shtetëror udheheqes në Ministrinë e Mbrojtjes.

Neni 166-g

Ministria e mbrojtjes për mbikëqyrjen e kryer inspektuese përpilon raporte tremujore të cilat publikohen në faqen e internetit të Ministrisë.

Neni 166-d

Nese gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese inspektori i mbrojtjes konstaton se është kryer parregullsi nga nenet 170 paragrafi 2 dhe 171 të këtij ligji për mbrojtje, inspektori i mbrojtjes detyrohet që të përpilojë procesverbal në të cilin do ta përcaktojë parregullsinë e kryer, me sugjerim për mënjanimin e parregullsisë në afat prej 8 ditesh, me dorëzim të njëkohshëm të ftesës për realizimin e edukimit të subjektit të mbikëqyrjes nga nenet 170 paragrafi 2 dhe 171 ku është konstatuar parregullsia gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese.

Formen dhe përmbajtjen e ftesës për realizimin e edukimit, si dhe mënyrën e realizimit të edukimit, e percakton ministri i Mbrojtjes.

Edukimin e organizon dhe realizon Ministria e Mbrojtjes, në afat jo më të se 8 ditë nga dita e kryerjes së mbikeqyrjes inspektuese.

Edukimi mund të realizohet për më shumë parregullsi të konstatuara të njëjta ose të ngjashme për një ose më tepër subjekte.

Nese terminin e caktuar subjektet nga nenet 170 paragrafi 2 dhe 171, për të cilët realizohet edukimi nuk paraqiten në edukim, do të konsiderohet se edukimi është realizuar.

Nese subjektet nga nenet 170 paragrafi 2 dhe 171 për të cilët realizohet edukimi paraqiten në edukimin e caktuar dhe e mbarojnë atë, do të konsiderohet se janë të edukuar në lidhje me parregullsinë e konstatuar.

Nese inspektori i mbrojtjes gjatë kryerjes së mbikeqyrjes inspektuese kontrolluese konstaton se janë mënjanuar parregullsite e konstatuara nga paragrafi 1 i këtij neni, miraton konkluzion me të cilin e ndërpret procedurën e mbikeqyrjes inspektuese.

Nese inspektori i mbrojtjes gjatë kryerjes së mbikeqyrjes inspektuese kontrolluese konstaton se nuk janë menjanuar parregullsitë e konstatuara nga paragrafi 1 i këtij neni, paraqet kërkesë për ngritje të procedurës për kundërvajtje para organit kompetent.

Ministria e Mbrojtjes, mban evidencë për edukimin e realizuar në mënyrën e përcaktuar nga ministri i Mbrojtjes."

Neni 60

Në nenin 168 paragrafi 1 numri "100" zëvendësohet me numrin "250".

Neni 61

Neni 169 ndryshohet si vijon:

"Gjobe në shumë prej 500 deri në 1 000 euro në kundervlere me denarë do t'i shqiptohet pjesëtarit të Armatës, nese organizon parti politike ose shoqatë të qytetarëve në Armate, në kryerjen e shërbimit në Armatë udhëhiqet nga bindjet e veta politike dhe ato i shpreh dhe përfaqëson ose ndikon tek të tjerët, ose nëse në tubime politike dhe manifestime merr pjesë me uniformë ushtarake."

Neni 62

Në nenin 170 paragrafi 1 shuma "2 000" zëvendësohet me shumën "2 500".

Pika 2 ndryshohet si vijon:

"nuk jep të dhëna për qytetarët me rëndësi për mbajtjen e evidencës ushtarake (neni 88 paragrafi 5);".

Në pikën 3 fjalët: "dhe neni 96" shlyhen:

Pika 4 ndryshohet si vijon:

"nuk përgatiten për vazhdimin e prodhimit dhe kryerjen e shërbimeve në gjendje lufte (neni 91)."

Në paragrafin 2 shuma „100" zëvendësohet me shumen "250".

Neni 63

Në nenin 171 shuma „100" zëvendësohet me shumën "250".

Neni 64

Në tërë tekstin e Ligjit fjala "obligim" zëvendësohet me fjalen "shërbim".

DISPOZITAT KALIMTARE DHE TË FUNDIT

Neni 65

Procedurat e filluara për mbikëqyrje inspektuese para ditës së hyrjes në fuqi të këtij ligji do të përfundohen në pajtim me dispozitat e Ligjit për mbrojtje ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 42/2001, 5/2003, 58/2006 dhe 110/2008).

Neni 66

Dispozitat e neneve 58 dhe 59 të këtij ligji do të fillojnë të zbatohen me fillimin e zbatimit të Ligjit për mbikëqyrje inspektuese.

Neni 67

Dispozitat e neneve 60, 61 dhe 62 të këtij ligji, do të zbatohen për kundërvajtjet e kryera nga dita e hyrjes në fuqi e këtij ligji.

Neni 68

Aktet nënligjore të përcaktuara me këtë ligj, do të miratohen në afat prej 15 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 69

Autorizohet Komisioni Juridiko-Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë që të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për mbrojtje.

Neni 70

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**1390.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за организација и работа на органите на државната управа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 април 2011 година.

Бр. 07- 2058/1
12 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА**

Член 1

Во Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2000, 44/2002, 82/2008 и 167/10), во членот 12 став (1) алинејата 4 се брише.

Член 2

Членот 33 се брише.

Член 3

Вработените во Агенцијата за развој и инвестиции кои ги вршат работите кои се однесуваат на наплатата на побарувањата и намирување на обврските во делот на кредитното портфолио, се преземаат во Министерството за финансии, а вработените кои ги вршат работите кои се однесуваат на извршување на развојните и инвестиционите активности, се преземаат во Министерството за економија. Останатите вработени кои нема да бидат преземени во Министерството за финансии и Министерството за економија се преземаат во Агенцијата за управување со одземен имот.

Со денот на влегувањето во сила на овој закон Министерството за финансии ги презема просториите во кои е сместена Агенцијата за развој и инвестиции.

Опремата, документацијата и другите средства за работа на Агенцијата за развој и инвестиции кои се во врска со вршењето на работите од страна на вработените од ставот (1) на овој член кои се преземаат во Министерството за финансии се преземаат во Министерството за финансии. Побарувањата и намирувањата на обврските во делот на кредитното портфолио од Агенцијата за развој и инвестиции ги презема Министерството за финансии.

Опремата, документацијата и другите средства за работа на Агенцијата за развој и инвестиции кои се во врска со вршењето на работите од страна на вработените од ставот (1) на овој член кои се преземаат во Министерството за економија се преземаат во Министерството за економија.“

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на Законот за дополнување на Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија“ број 36/11) престануваат да важат одредбите на членовите 22 став 2 и 65 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, кои се однесуваат на Бирото за лекови.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR ORGANIZIMIN DHE PUNEN E ORGANEVE TË ADMINISTRATES SHTETERORE**

Neni 1

Në Ligjin për organizimin dhe punen e organeve të administrates shteterore ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 58/2000, 44/2002, 82/2008 dhe 167/10), në nenin 12 paragrafi (1) alineja 4 shlyhet.

Neni 2

Neni 33 shlyhet.

Neni 3

Të punesuarit në Agjenci për Zhvillim dhe Investime, që i kryejne punet që kane të bejne me arketimin e kerkesave dhe permbushjen e detyrimeve në pjesen e portofolit kreditor, merren në Ministrine e Financave, ndersa të punesuarit që i kryejne punet që kane të bejne me realizimin e aktiviteteve zhvillimore dhe investuese merren në Ministrine e Ekonomise. Të punesuarit tjere që nuk do të merren në Ministrine e Financave dhe Ministrine e Ekonomise, merren në Agjencine për Menaxhim me Pronen e Konfiskuar.

Me diten e hyrjes në fuqi të ketij ligji Ministria e Financave i merr lokalet në të cilat eshte vendosur Agjencia për Zhvillim dhe Investime.

Pajisja, dokumentacioni dhe mjetet tjera për pune të Agjencise për Zhvillim dhe Investime që lidhen me kryerjen e puneve të të punesuarve nga paragrafi (1) i ketij neni që merren në Ministrine e Financave, merren në Ministrine e Financave. Kerkesat dhe permbushjet e detyrimeve në pjesen e portofolit kreditor të Agjencise për Zhvillim dhe Investime i merr Ministria e Financave.

Pajisja, dokumentacioni dhe mjetet tjera për pune të Agjencise për Zhvillim dhe Investime që lidhen me kryerjen e puneve të të punesuarve nga paragrafi (1) i ketij neni që merren në Ministrine e Ekonomise, merren në Ministrine e Ekonomise.

Neni 4

Me diten e hyrjes në fuqi të Ligjit për plotesimin e Ligjit për barna dhe vegla ndihmese mjekesore ("Gazeta Zyrtare të Republikes së Maqedonise" numer 36/11) shfuqizohen dispozitat e neneve 22 paragrafi 2 dhe 65 të Ligjit për organizimin dhe punen e organeve të administrates shteterore, që kane të bejne për Byrone e Barnave.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

**1391.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за Владата на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 април 2011 година.

Бр. 07- 2059/1
12 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008 и 10/10), во членот 23 ставовите (2) и (3) се бришат.

Во ставот (4) кој станува став (2) зборовите: „ ставовите (1) и (2)“ се заменува со зборовите: „ставот (1)“.

Член 2

Започнатите постапки и постапките кои ќе се поведат пред комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен за одделни управни работи до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со законите кои важеле до денот на започнувањето на примената на овој закон.

Член 3

Законите со кои е утврдено правото на жалба пред комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен за одделни управни работи ќе се усогласат со одредбите на овој закон до денот на започнувањето со примената на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 септември 2011 година.

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR QEVERINE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

Neni 1

Në Ligjin për Qeverinë e Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008 dhe 10/10), në nenin 23 paragrafët (2) dhe (3) shlyhen.

Në paragrafin (4) që bëhet paragraf (2) fjalët: "paragrafet (1) dhe (2)" zëvendësohet me fjalët: "paragrafi (1)".

Neni 2

Procedurat e filluara dhe procedurat që do të ngritën në komisionet e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë për vendimmarrje në procedurë administrative në shkallë të dyte për çështje të veçanta administrative deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, do të përfundohen në pajtim me ligjet në fuqi deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji.

Neni 3

Ligjet me të cilat përcaktohet e drejta e ankesës në komisionet e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë për vendimmarrje në procedurë administrative në shkallë të dytë për çështje të veçanta administrative, do të harmonizohen me dispozitat e këtij ligji deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të fillojë të zbatohet nga 1 shtatori 2011.

**1392.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на производите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр.07-2041/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕ

Член 1

Во Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија“ број 33/2006, 63/2007 и 24/11), во членот 1 по зборот “документите” се става запирка и се додаваат зборовите: „оцената на сообразност“.

Член 2

Во членот 4 ставот 1 се менува и гласи:

"Податоците кои им се достапни на надлежните органи од членот 33 ставови (2) и (3) на овој закон, а кои се поврзани со ризиците по здравјето и безбедноста на потрошувачите настанати од производите се јавни, во согласност со барањата за транспарентност. Надлежните органи се должни да ги доставaт потребните информации со кои детално се опишува конкретниот производ, видовите на ризикот поврзани со неговата примена, како и донесените мерки во согласност со прописите за пристап до информации."

Член 3

Членот 5 се менува и гласи:

„Владата на Република Македонија поблиску ќе го пропише начинот за разменување на информациите со Европската комисија за донесените мерки од страна на надлежните инспекциски органи со кои се ограничува пазарот на производите за кои е утврдено дека со нивната употреба е загрозено здравјето на потрошувачите."

Член 4

Во членот 6 став 1 по точката в) се додава нова точка г), која гласи:

"г) "надлежни инспекциски органи " се инспекциски органи надлежни за вршење на надзор на пазарот, и тоа : Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот трудов инспекторат, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот инспекторат за животна средина и други органи на државната управа или инспектори кои вршат надзор на пазарот во согласност со закон, како и други органи и организации и независни регулаторни тела што вршат надзор на пазарот."

Во ставот 2 точка г) зборовите: "сериозна опасност" се заменуваат со зборовите: "сериозен ризик".

Точката ѓ) се менува и гласи:

"„враќање" е каква било мерка со цел целосно повлекување на ризичните производи на производителот или дистрибутерот кои им се веќе пласирани или достапни на потрошувачите;".

Во точката е) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот "и" и се додава нова точка ж) која гласи:

"ж) "увозник" е секое правно или физичко лице основано во Република Македонија кое на пазарот во Република Македонија пушта производ од друга земја."

Член 5

Во членот 9 ставот (2) се менува и гласи:

"Производот се смета за безбеден ако ризиците и видовите на ризик се опфатени со соодветни национални стандарди кои се усогласени со соодветните европски стандарди објавени во листата на стандарди од ставот ( 3) на овој член и ако е усогласен со барањата за општа безбедност утврдени во овие стандарди."

Член 6

Во членот 12 став (1) точка 2 зборовите: "целосно повлекување" се заменуваат со зборовите: "враќање на производите од потрошувачите".

Член 7

Во членот 17 ставот (1) се менува и гласи:

"Во случај кога надлежните инспекциски органи ќе го ограничат пуштањето на пазар на производите или ќе преземат мерки со кои ќе наредат повлекување или враќање на производите, согласно со членот 36 од овој закон, се должни да го известат Министерството за економија, наведувајќи ги причините за донесените мерки."

Во ставот (3) зборовите: "нова опасност која што не била опфатена" се заменуваат со зборовите: "нов ризик кој што не бил опфатен".

Ставот 5 се брише.

Член 8

Членот 18 се менува и гласи:

"(1) Контактна точка на системот за брзо информирање за производите кои претставуваат сериозен ризик (во натамошниот текст: RAPEX) во Република Македонија е Министерството за економија - Државен пазарен инспекторат.

(2) Во случај кога надлежните инспекциски органи заради производите кои претставуваат сериозен ризик ќе донесат или планираат да донесат мерки или пак ќе се согласат со производителите и дистрибутерите на задолжителна или доброволна основа за попречување, ограничување или претходно исполнување на условите за пуштање на пазар на производите или ставање во употреба, се должни веднаш за истото да го известат Министерството за економија - Државен пазарен инспекторат .

(3) Надлежниот инспекциски орган е должен да го извести Министерството за економија - Државен пазарен инспекторат навремено, без задоцнување за промените или престанокот на некоја од мерките од ставот (2) на овој член.

(4) Во случај на сериозен ризик надлежниот инспекциски орган е должен да ги проследи информациите согласно со овој член и за доброволните мерки предвидени од Првиот дел во Главата III и Третиот дел од овој закон, преземени од страна на производителите и дистрибутерите.

(5) Владата на Република Македонија подетално ќе ја пропише содржината на известувањето, како и постапката за известување од ставот (6) на овој член.

(6) Министерство за економија - Државниот пазарен инспекторат преку RAPEX ќе ја извести Европската комисија за преземените активности согласно со ставовите (2 )и (3) од овој член."

Член 9

Во членот 19 став 1 алинеја 2 зборовите: "постапка за оцена на сообразност" се заменуваат со зборовите: "оцена на сообразност".

По алинеја 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

"- "нехармонизирана област" е областа за безбедност на производите за која нема хармонизирани прописи во Европската заедница,".

Во алинеја 7 зборовите: "ставање во употреба" се заменуваат со зборовите: "ставање во користење и употреба".

Член 10

Во членот 20 став (1) воведната реченица се менува и гласи: "За одделни производи кои се наменети за потрошувачите или за други корисници се донесуваат технички прописи кои ги содржат следниве барања:"

Точката 5 се менува и гласи:

„обврска и начин за примена на знакот за оцена на сообразност."

Ставот (3) се менува и гласи:

"Постапката за оцена на сообразност ќе се регулира со техничките прописи стандарди и техничките спецификации."

Член 11

Во членот 22 ставот (2) се менува и гласи:

"Производите и група на производи кои не се во согласност со релевантните технички прописи не смеат да бидат обележани со знакот за сообразност."

Член 12

Членот 23 се менува и гласи:

"Со техничките прописи се пропишуваат производите за кои при нивното пуштање на пазар или ставање во употреба производителот е должен да:

1) обезбеди примена на постапките за оцена на сообразност пропишани во релевантните технички прописи;

2) обезбеди документ за сообразност;

3) изработи техничка документација со пропишана форма и содржина и истата ја чува на пропишан начин и времетраење;

4) употребува пропишани знаци за сообразност;

5) на барање на надлежните инспекциски органи ги доставува сите потребни информации за сообразноста на производот, документите за сообразност и техничката документација и

6) ги извршува и другите задачи наведени во техничките прописи.“

Член 13

Во членот 24 ставот (4) се менува и гласи:

“Со решението од ставот (2) на овој член се овластува правното лице за вршење на оцена на сообразност, при што во решението се определува рокот за важење на овластувањето и задачите кои треба да ги извршува телото за оцена на сообразноста.”

Ставот (7) се менува и гласи:

“Во согласност со прописот од ставот (9) на овој член, министерот за економија може да ја информира Европската комисија за телата за оцена на сообразноста, како и земјата членка по нивно барање.”

Ставот (9) се брише.

Ставот (10) кој станува став (9) се менува и гласи:

“Владата на Република Македонија ги пропишува постапката која треба да ја спроведат државни¬те органи и институции за донесување на решението од ставот (2) на овој член, начинот на известување за укинување на решението од членот 25 став (1) на овој закон, формата и содржината на регистарот од ставот (8) на овој член, начинот на известувањето за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност и начинот на информирање за телата за оцена на сообразност во Европската комисија.”

Член 14

Во членот 25 ставот (1) се менува и гласи:

“Ако се утврди дека телото за оцена на сообразноста престанало да исполнува определен услов од членот 24 ставови (1) и (3) на овој закон или кој било услов утврден со релевантниот технички пропис, министерот за економија ќе донесе решение со кое ќе го укине решението за овластување.”

Во ставот (4) по зборот ”назначено” зборот ”(нотифицирано)” се брише.

Член 15

Во членот 26 став (1) зборовите: ”заинтересираните правни и физички лица“ се заменуваат со зборовите: “производителот или застапникот на производителот".

Ставот 3 се менува и гласи:

“Телата за оцена на сообразност склучуваат договор во писмена форма со производителот или застапникот на производителот за да обезбеди документ за оцена на сообразност.”

Член 16

Во членот 29 ставот (1) воведната реченица се менува и гласи: “Министерот за економија, односно министерот надлежен за донесување на техничките прописи, за производите пропишани со техничките прописи кои се во сила во Република Македонија, а кои не се усогласени со хармонизираното законодавство на Европската заедница (во натамошниот текст: не¬хармонизирани прописи), може по исклучок од членот 28 на овој закон да донесе решение со кое ќе ја признае важноста на документите и знаците за сообразност од странско потекло, доколку бидат исполнети следниве услови:”.

Член 17

Во членот 30 ставот (1) се менува и гласи:

“Пропишаните барања за производите утврдени со нехармонизираните прописи не важат за производите кои согласно со закон и друг пропис се произведени, наменети за пуштање на пазар или ставање во употреба во земјите членки на Европската унија и ЕЕП.“

Член 18

Во членот 33 ставот (2) се менува и гласи:

“Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон кои се однесуваат на производите од членовите 6 став (2) и 19 став (1) алинеја 1 на овој закон, техничките прописи и нехармонизираните прописи донесени врз основа на овој закон вршат надлежни инспекциски органи.“

Ставот 3 се брише.

Член 19

Во членот 34 алинеите 4 и 5 зборовите: “од членот 19 став (1) алинеја 1 на овој закон “ се бришат.

Член 20

Во членот 35 ставот (1) се менува и гласи:

“Надлежните инспекциски органи при преземањето на мерките со донесување на решение се должни да постапуваат така што нивните мерки да се сразмерни со сериозноста на ризикот при што во најголема можна мера да се почитува принципот на претпазливост и можните непосредни и посредни ризици по здравјето и безбедноста на потрошувачите и другите корисници на производот.”

Член 21

Во членот 36 став (1) точката 3 се менува и гласи:

“за кој било производ од овој закон кој може да е ризичен , ќе преземе мерки со донесување на решение со кое привремено ќе го забрани неговото добавување, понуда за набавка или неговото пуштање на пазарот, или рекламирање и тоа за периодот неопходен за сите прегледи за неговата безбедност, контроли и процени;“.

Во точката 5 алинејата 2 се менува и гласи:

“- ќе преземе мерки со донесување на решение со кое ќе нареди или ќе координира или, доколку е соодветно, ќе организира заедно со производителите и дистрибутерите негово враќање од потрошувачите и негово уништување во соодветни услови. “

Ставот (2) се менува и гласи:

“Пред преземањето на мерките за повлекување или враќањето на производот со донесување на решението од ставот (1) точки 3, 4 и 5 на овој член, надлежните инспекциски органи се должни да ги поттикнат производителите и дистрибутерите, корисниците и потрошувачите да ги имплементираат овие мерки.“

Член 22

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

---

# L I GJ
# PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR SIGURI TË PRODHIMEVE

Neni 1

Në Ligjin për siguri të prodhimeve ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 33/2006, 63/2007 dhe 24/11), në nenin 1 pas fjales "dokumentet" vihet presje dhe shtohen fjalet: "vleresimi i perputhshmerise".

Neni 2

Në nenin 4 paragrafi 1, ndryshohet si vijon:

"Të dhenat që jane të arritshme për organet kompetente nga neni 33 paragrafet (2) dhe (3) të ketij ligji, e të cilat jane në lidhje me rreziqet për shendetin dhe sigurine e konsumatoreve të shkaktuara nga prodhimet jane publike, në pajtim me kerkesat për transparence. Organet kompetente jane të obliguara që t'i dorezojne informatat e nevojshme me të cilat detalisht pershkruhet prodhimi konkret, llojet e rrezikut në lidhje me perdorimin e tij si dhe masat e miratuara në pajtim me rregullat për qasje te informatat."

Neni 3

Neni 5 ndryshohet si vijon:

"Qeveria e Republikes së Maqedonise në menyre më të perafert do ta percaktoje menyren e shkembimit të informatave me Komisionin Evropian për masat e miratuara nga organet kompetente inspektuese me të cilat kufizohet tregu i prodhimeve për të cilat eshte konstatuar se me perdorimin e tyre eshte rrezikuar shendeti i konsumatoreve. "

Neni 4

Në nenin 6 paragrafi 1 pas pikes v) shtohet pika e re g), si vijon:

"g) "organe kompetente inspektuese" jane organet inspektuese kompetente për kryerjen e mbikeqyrjes në treg si vijojne: Inspektorati Shteteror i Tregut, Inspektorati Shteteror Sanitar dhe Shendetesor, Inspektorati Shteteror i Punes, Inspektorati Shteteror për Inspeksion Teknik, Inspektorati Shteteror për Mjedis Jetesor dhe organe tjera të administrates shteterore ose inspektore që kryejne mbikeqyrje në treg në pajtim me ligjin, si dhe organe dhe organizata tjera dhe trupa të pavarur rregullatore që kryejne mbikeqyrje në treg."

Në paragrafin 2 pika g) fjalet: "rrezikshmeri serioze" zevendesohen me fjalet: "rrezik serioz".

Pika gj) ndryshohet si vijon:

""kthim" eshte cfaredo qofte mase me qellim të terheqjes së plote të prodhimeve të rrezikshme të prodhuesit ose distributorit që jane të plasuara ose të arritshme për konsumatoret;",

Në piken e) pika në fund të fjalise zevendesohet me lidhezen "dhe" dhe shtohet pika e re zh) si vijon:

"zh) "importues" eshte çdo person juridik ose fizik i themeluar në Republiken e Maqedonise i cili në tregun e Republikes së Maqedonise leshon prodhim nga vendi tjeter."

Neni 5

Ne nenin 9 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Prodhimi konsiderohet i sigurt nese rreziqet dhe llojet e rrezikut perfshihen me standardet e duhura nacionale që jane të harmonizuara me standardet evropiane, të shpallura në listen e standardeve në paragrafin (3) të ketij neni, dhe nese eshte harmonizuar me kerkesat e pergjithshme të sigurise të percaktuara në keto standarde."

Neni 6

Në nenin 12 paragrafi (1) pika 2 fjalet: "terheqje e plote" zevendesohen me fjalet: "kthimin e produkteve nga konsumatoret."

Neni 7

Ne nenin 17 paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

"Në rastet kur organet e mbikeqyrjes inspektuese do ta kufizojne vendosjen në treg të prodhimeve ose do të marrin masa me të cilat do të urdherojne terheqjen apo kthimin e prodhimeve në pajtim me nenin 36 të ketij ligji, detyrohen që ta njoftojne Ministrine e Ekonomise, duke i deklaruar arsyet për masat e miratuara."

Në paragrafin (3) fjalet: "rrezik i ri që nuk eshte perfshire" zevendesohet me fjalet: "rrezik të ri që nuk ishte perfshire."

Paragrafi 5 shlyhet.

Neni 8

Neni 18 ndryshon si vijon:

"(1) Pike kontakti për informacion të shpejte për prodhimet që paraqesin rrezik serioz (në tekstin e metejme: RAPEX) në Republiken e Maqedonise eshte Ministria e Ekonomise - Inspektorati i Tregut Shteteror.

(2) Në rast kur organet e mbikeqyrjes inspektuese për shkak se prodhimet paraqesin rrezik serioz do të miratojne ose planifikojne të miratojne masa ose do pajtohen me prodhimet dhe distributoret detyrimisht ose në baze vullnetare, për pengimin, kufizimin ose permbushjen e kushteve paraprakisht për leshim në treg ose në perdorim të prodhimeve, detyrohen që ta njoftojne menjehere Ministrine e Ekonomise – Inspektoratin Shteteror të Tregut.

(3) Organi i mbikeqyrjes inspektuese detyrohet që ta njoftoje Ministrine e Ekonomise —Inspektoratin Shteteror të Tregut në kohe, pa vonese për ndryshimet ose nderprerjen e ndonje prej masave tjera nga paragrafi (2) i të ketij neni.

(4) Në rast të rrezikut serioz organi i mbikeqyrjes inspektuese detyrohen që t'i percjelle informacionet në pajtime kete nen dhe për masat vullnetare të parapara në Pjesen e pare të Kapitullit III dhe Pjesen e trete të ketij ligji, të marra nga prodhuesit dhe distributoret.

(5) Qeveria e Republikes së Maqedonise do ta percaktoje permbajtjen e njoftimit, si dhe proceduren e njoftimit nga paragrafi (6) të ketij neni.

(6) Ministria e Ekonomise – Inspektorati Shteteror i Tregut permes RAPEX-it do ta njoftoje Komisionin Evropian për masat e marra në pajtim me paragrafet (2) dhe (3) të ketij neni."

Neni 9

Në nenin 19 paragrafi 1 alineja 2 fjalet: "proceduara për vleresim e perputhshmerise" zevendesohet me fjalet: "vleresimi i perputhshmerise ".

Pas alinese 3 shtohet alineja e re 4, si vijon:

"sfere e paharmonizuar" eshte sfera për sigurine e prodhimeve për të cilen nuk ka rregulla të harmonizuara në Bashkimin Evropian ".

Në alinene 7 fjalet: "venie në sherbim" zevendesohet me fjalet: "venie në shfrytezim dhe perdorim".

Neni 10

Në nenin 20 paragrafi (1) fjalia hyrese ndryshohet, si vijon:

"Për prodhime të vecanta të destinuara për konsumatoret ose shfrytezuesit tjere miratohen rregulla teknike që i permbajne kerkesat si vijojne:"

Pika 5 ndryshohet si vijon:

"detyra dhe menyra e aplikimit të shenjes për vleresim e perputhshmerise."

Paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

"Procedura për vleresimin e perputhshmerise do të rregullohet me rregulla teknike, standarde dhe specifikime teknike."

Neni 11

Në nenin 22 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Prodhimet dhe grup prodhimesh që nuk jane në perputhshmeri me rregullat relevante teknike, nuk guxojne shenohen me shenjen e perputhshmerise."

Neni 12

Neni 23 ndryshohet si vijon:

"Me rregullat teknike percaktohen prodhime për të cilat gjate leshimit në treg apo në perdorim prodhuesi eshte i detyruar që:

1) të siguroje procedura për vleresimin e perputhshmerise të percaktuara në rregullat teknike perkatese;

2) të siguroje dokument për perputhshmeri;

3) të perpunoje dokumentacionin teknik në forme dhe permbajtje të percaktuar dhe të njejten e ruan në menyre dhe kohezgjatje të percaktuar;

4) perdore shenja të percaktuara të perputhshmerise;

5) me kerkese të organeve kompetente inspektuese i dorezon të gjithe informacionet e nevojshme për perputhshmerine e prodhimeve, dokumentet për perputhshmeri dhe dokumentacionin teknik dhe

6) t'i kryeje edhe detyrat tjera të theksuara në rregullat teknike."

Neni 13

Në nenin 24 paragrafi (4) ndryshohet si vijon:

"Me aktvendim nga paragrafi (2) i ketij neni autorizohet personi juridik për kryerjen vleresimit të perputhshmerise me ç'rast në aktvendim percaktohet afati kohor për vlefshmerine e autorizimit dhe detyrat që duhet t'i kryeje trupi për vleresimin e perputhshmerise."

Paragrafi (7) ndryshohet si vijon:

"Në pajtim me rregullat nga paragrafi (9) i ketij neni, ministri i Ekonomise mund ta informoje Komisionin Evropian për trupat për vleresim të perputhshmerise, si dhe vendin anetar me kerkese të tyre."

Paragrafi (9) shlyhet.

Paragrafi (10) që behet paragrafi (9) ndryshohet si vijon:

"Qeveria e Republikes së Maqedonise i percakton proceduren që duhet ta zbatojne organet shteterore dhe institucionet për miratimin e aktvendimit nga paragrafi (2) i ketij neni, menyren e njoftimit për shfuqizim të vendimit nga neni 25 paragrafi (1) i ketij neni, formen dhe permbajtjen e regjistrit nga paragrafi (8) i ketij neni, menyren e njoftimit për marrjen e cilesise së trupave për vleresim të perputhshmerise dhe menyren e informimit për trupat për vleresim të perputhshmerise në Komisionin Evropian."

Neni 14

Në nenin (25) paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

"Nese percaktohet se trupi për vleresim të perputhshmerise pushon ta plotesoje ndonje kusht të caktuar nga neni 24 paragrafet (1) dhe (3) të ketij ligji ose cilindo kusht të percaktuar me rregulloren relevante teknike, ministri i Ekonomise do të miratoje aktvendim me të cilin e shfuqizon aktvendimin për autorizim."

Në paragrafin (4) pas fjales "emeruar" fjala "(notifikuar)" fshihet.

Neni 15

Në nenin 26 pas paragrafit (1) fjalet: "persona të interesuar fizike dhe juridike" zevendesohen me fjalet: "prodhuesi ose perfaqesuesi i prodhuesit".

Paragrafi 3 ndryshohet si vijon:

"Trupat për vleresimin e perputhshmerise lidhin marreveshje me shkrim me prodhuesin ose perfaqesuesin e prodhuesit që të siguroje dokument për vleresimin e perputhshmerise."

Neni 16

Në nenin (29) paragrafi (1) fjalia hyrese ndryshohet si vijon:

"Ministri i Ekonomise, respektivisht ministri pergjegjes për miratimin e rregullave teknike për produktet e percaktuara me rregullat teknike që jane në fuqi në Republiken e Maqedonise, e të cilat nuk jane të harmonizuara me legjislacionin e harmonizuar të Bashkesise Evropiane (në tekstin e metejme: rregulla të paharmonizuara) mundet me perjashtim të nenit 28 i ketij ligji, të miratoje aktvendim me të cilin do ta pranoje validitetin e dokumenteve dhe shenjave për perputhshmeri me prejardhje të huaj, nese plotesohen kushtet si vijojne:".

Neni 17

Në nenin (30) paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

"Kerkesat e percaktuara për produktet e percaktuara me rregullore të paharmonizuara nuk vlejne për produktet të cilat në pajtim me ligjin dhe rregulloret tjera jane prodhuar, të dedikuara për leshim në treg ose në perdorim në shtetet anetare të Bashkimit Evropian dhe PEE."

Neni 18

Në nenin (33) paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Mbikeqyrjen inspektuese mbi zbatimin e dispozitave të ketij ligji që kane të bejne me produktet nga nenet 6 paragrafi (2) dhe 19 paragrafi (1) alineja 1 të ketij ligji, rregullave teknike dhe rregullave të paharmonizuara të miratuara në baze të ketij ligji, e kryejne organet kompetente inspektuese."

Paragrafi 3 fshihet.

Neni 19

Në nenin 34 alinete 4 dhe 5 fjalet: "nga neni 19 paragrafi (1) alineja 1 e ketij ligji" fshihen.

Neni 20

Në nenin (35) paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

"Organet kompetente inspektuese gjate marrjes së masave me miratimin e aktvendimit jane të detyruar që të veprojne ashtu që masat e tyre të jene në perpjesetim me seriozitetin e rrezikut, me ç'rast në mase më të madhe të mundshme të respektohet parimi i kujdesit dhe rreziqeve të mundshme direke dhe indirekte për shendetin dhe sigurine e konsumatoreve dhe shfrytezuesve tjere të prodhimit".

Neni 21

Në nenin 36 paragrafi (1) pika 3 ndryshohet si vijon:

"për cilindo produkt nga ky ligji që mund të jete i rrezikshem, do të marre masa duke miratuar aktvendim me të cilin do ta ndaloje perkohesisht furnizimin e tij, oferten për furnizim ose leshimin në treg ose reklamimin dhe atë për një periudhe të domosdoshme për të gjitha kontrollet e tij të sigurise, hulumtimet dhe vleresimet;".

Në piken 5 alineja 2 ndryshohet si vijon:

"-do të marre masa me miratimin e aktvendimit me të cilin do të urdheroje ose koordinoje ose nese eshte adekuate do ta organizoje bashke me prodhuesit edhe distributoret kthimin e tyre nga konsumatoret dhe shkaterrimin në kushte adekuate."

Paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Para marrjes së masave për heqjen ose kthimin e prodhimit me miratimin e aktvendimit nga paragrafi (1) pikat 3, 4 dhe 5 të ketij neni, organet kompetente inspektuese jane të obliguara që t'i nxisin prodhuesit dhe distributoret, shfrytezuesit dhe konsumatoret që t'i implementojne keto masa."

Neni 22

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten zyrtare te Republikes së Maqedonise".

---

**1393.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр. 07-1940/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Во Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија" број 69/2004, 22/2007 и 115/2007), по членот 1 се додава нов член 1-а, кој гласи:

"Член 1-а

Во постапката при вршењето на инспекциски надзор се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор, доколку со овој или друг закон поинаку не е уредено."

Член 2

Во членот 2 став 1 точката се брише и се додаваат зборовите: "како и врши надзор и обезбедување на единствена примена на прописите што се однесуваат на државните и јавните службеници, освен надзорот којшто согласно со закон е во надлежност на друг државен орган."

Член 3

Во членот 4 став 1 зборовите: "Министерство за правда" се заменуваат со зборовите: "Министерство за информатичко општество и администрација".

Член 4

Во членот 7 став 2 зборовите: "министерот за правда " се заменуваат со зборовите: "министерот за информатичко општество и администрација".

Член 5

Во членот 7-а став 2 зборовите: "министерот за правда" се заменуваат со зборовите: "министерот за информатичко општество и администрација".

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Годишната програма за работа на Инспекторатот за наредната година се донесува до 31 декември во тековната година за наредната година".

Ставот 3 кој станува став 4 се менува и гласи:

"Директорот на Инспекторатот доставува годишен извештај до Владата на Република Македонија за работата во претходната година, најдоцна до 31 март во тековната година."

Во ставот 4 кој станува став 5 зборовите: "страницата на Министерството за правда " се заменуваат со зборовите: "локацијата на Министерството за информатичко општество и администрација".

Член 6

Во членот 8 ставови 2 и 3 зборовите: "министерот за правда" се заменуваат со зборовите: "министерот за информатичко општество и администрација".

Член 7

Во членот 9 по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

"- да укажат на субјектот на надзорот за утврдените недостатоци и неправилности во работењето,".

Член 8

Во членот 10 став 3 зборовите: "министерот за правда" се заменуваат со зборовите: "министерот за информатичко општество и администрација".

Во ставот 5 зборовите: "Министерот за правда" се заменуваат со зборовите: "Министерот за информатичко општество и администрација".

Член 9

Членот 11 се менува и гласи:

"Ако инспекторот утврди дека службено лице кое презема дејствија во управна постапка или овластено службено лице кое решава во управната постапка не се придржува на начелата на законитост, ефикасност, економичност, одговорност, лојалност и професионален интегритет при решавањето на управните работи, определува рок за отстранување на констатираните неправилности.

Ако лицето од ставот 1 на овој член, во определениот рок не ги отстрани констатираните неправилности или истите ги повтори, инспекторот е должен против него да поднесе иницијатива за поведување на дисциплинска постапка во рок не подолг од 30 дена."

Член 10

По членот 11 се додава нов член 11-а, кој гласи:

„Член 11-а

"Инспекторот ќе определи рок за решавање на управната работа, односно начин и рок за отстранување на констатираните неправилности и должен е да поднесе иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против овластеното службено лице, ако утврди дека:

- во управната постапка не ги презема потребните управни дејствија и не ги решава управните работи во пропишаните рокови,
- од странката бара сама да прибави податоци за кои службена евиденција води органот надлежен за одлучување, друг државен орган, правно или друго лице со јавни овластувања,
- од странката бара поднесување на докази кои побрзо и полесно може да ги прибави органот што ја води постапката,
- од странката бара потврди за кои органите не се должни да ги издаваат или истите се непотребни во постапката,
- во рок од три дена не ги достави бараните податоци до органот кој ја води постапката и
- го попречува инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор."

Член 11

Во членот 13 ставот 2 се менува и гласи:

"Кога до функционерот, односно до раководното лице во органот во кој се врши надзор, инспекторот поднесе иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против службеното лице кое презема дејствија во управната постапка или овластеното службено лице кое решава во управната постапка, функционерот, односно раководното лице на органот е должен во рок од 30 дена од денот на приемот на иницијативата да го извести инспекторот за преземените дејствија по иницијативата."

Член 12

Членот 14 се брише.

Член 13

Во членот 18 став 1 зборовите: "министерот за правда" се заменуваат со зборовите: "министерот за информатичко општество и администрација".

Во ставот 3 зборовите: "Министерот за правда" се заменуваат со зборовите: "Министерот за информатичко општество и администрација".

Член 14

По членот 21 се додава нов член 21-а, кој гласи:

"Член 21-а

Доколку до Државниот управен инспекторат е поднесено известување од правни и физички лица за непостапување по членот 293-а став (3) од Законот за општата управна постапка од страна на функционерот кој раководи со органот, односно на раководното лице на органот, инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето, да изврши инспекциски надзор во органот надлежен за постапување по барањето, да утврди дали е спроведена постапка пропишана со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето за утврдената состојба.

Инспекторот од државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува функционерот кој раководи со органот во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копие од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

Доколку функционерот кој раководи со органот не одлучи во рокот од ставот (2) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во овој закон и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој функционерот кој раководи со органот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку функционерот кој раководи со органот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (3) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (1) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (5) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (1) и (2) и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (3) и (4) од овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во овој закон за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (6) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Во случајот од ставот (7) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат, веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Во случаите од ставот (8) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (6) од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

Доколку функционерот кој раководи со органот не одлучи во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Постапката пред Управниот суд е итна.“

Член 15

Членот 22 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 7.500 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице на органот, ако:

- не овозможи непречено вршење на надзор, или не ги достави до инспекторот потребните податоци и списи во рокот кој инспекторот го определил, согласно со членот 15 од овој закон,
- не ги отстрани констатираните неправилности во рокот определен од инспекторот, или истите ги повтори, согласно со членот 11 од овој закон,
- во утврдениот рок од инспекторот не ги отстрани констатираните неправилности од член 11-а на овој закон,
- го попречува инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор во смисла на членот 11-а алинеја 6 од овој закон,
- во определениот рок не го изврши решението за отстранување на утврдените неправилности од членот 17 став (1) од овој закон и
- во рокот утврден од членот 21-а став (2) на овој закон не одлучи по барањето.

Глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице на орган доколку тој или овластеното службено лице на субјектот на надзор:

- не го извести инспекторот за преземените мерки по поднесената иницијатива за поведување на дисциплинска постапка во рокот утврден во членот 13 став 2 од овој закон и
- не го извести инспекторот за преземените мерки по решението во рокот определен во членот 17 став 3 од овој закон.

Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службено лице што презема дејствија во управна постапка или овластено службено лице што решава во управна постапка ако не постапи согласно со членовите 11 и 11-а од овој закон.

Глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на управниот инспектор или овластеното службено лице од Државниот управен инспекторат, доколку во рок од 30 дена откако станало извршно решението со кое се утврдени неправилности од членовите 11 и 11-а на овој закон, не поднесе барање за поведување на дисциплинска или прекршочна постапка.

Глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на управниот инспектор или овластеното службено лице од Државниот управен инспекторат, доколку не постапил по известувањето од подносителот на барањето и/или не поднесе пријава, во смисла на членот 21-а став (6) од овој закон.

Глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на директорот на Државниот управен инспекторат, доколку во рок од три дена од денот на дознавањето за прекршокот од членот 21-а став 7 на овој закон не поведе прекршочна постапка против инспекторот.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR INSPEKSIONIN ADMINISTRATIV

Neni 1

Në Ligjin për inspeksionin administrativ ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise", numer 69/2004, 22/2007 dhe 115/2007), pas nenit 1 shtohet nen i ri 1-a, si vijon:

"Neni 1-a

Në proceduren gjate kryerjes së mbikeqyrjes inspektuese zbatohen dispozitat e Ligjit për mbikeqyrje inspektuese, nese me kete ligj ose me ligj tjeter nuk eshte rregulluar ndryshe."

Neni 2

Në nenin 2 paragrafi 1, pika shlyhet dhe shtohen fjalet: "si dhe kryen mbikeqyrje dhe sigurim të zbatimit unik të rregullave të cilat kane të bejne me nepunesit shteterore dhe publike, pervec mbikeqyrjes që në pajtim me ligjin eshte në kompetence të organit tjeter shteteror."

Neni 3

Në nenin 4 paragrafi 1 fjalet: "Ministrise së Drejtesise" zevendesohen me fjalet: "Ministrise së Shoqerise Informatike dhe Administrates".

Neni 4

Në nenin 7 paragrafi 2 fjalet: "ministri i Drejtesise" zevendesohen me fjalet: "ministri i Shoqerise Informatike dhe Administrates".

Neni 5

Në nenin 7-a paragrafi 2 fjalet: "ministrit të Drejtesise" zevendesohen me fjalet: "ministrit të Shoqerise Informatike dhe Administrates".

Pas paragrafit 2 shtohet paragraf i ri 3, si vijon:

(14) Drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ ka për detyrë që në afat prej tri ditësh pune nga dita e pranimit ta shqyrtojë ankesën nga paragrafi (13) i këtij neni dhe nese konstaton se inspektori nuk ka vepruar sipas njoftimit të parashtruesit të kërkesës në pajtim me paragrafët (9) dhe (10) të këtij neni ose nuk parashtron kërkesë në pajtim me paragrafet (11) dhe (12) të këtij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ do të parashtrojë kërkesë për ngritjen e procedurës për kundërvajtje për kundërvajtjen e percaktuar në Ligjin për inspeksion administrativ dhe do të percaktoje afat plotësues prej pesë ditësh pune në të cilat inspektori do të kryejë mbikëqyrje në organin e administrates shtetërore kompetent për punët nga sfera e kulturës nëse eshte kryer procedura në pajtim me ligjin dhe në afat prej tri ditësh pune nga dita e mbikëqyrjes së kryer ta informojë parashtruesin e kërkesës për masat e ndërmarra.

(15) Nese inspektori nuk vepron edhe në afatin plotesues nga paragrafi (14) i këtij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ do t'i parashtrojë kundërshtim prokurorit publik kompetent kundër inspektorit dhe në afat prej tri ditësh pune do ta informojë parashtruesin e kerkeses për masat e ndërmarra.

(16) Në rast të paragrafit (15) të këtij neni, Drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ, menjëherë ndërsa më së voni në afat prej një ditë pune, do të autorizojë inspektor tjeter që ta realizojë mbikëqyrjen e kryer.

(17) Në rastet nga paragrafi (16) i këtij neni, drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ, në afat prej tri ditësh pune e informon parashtruesin e kërkesës.

(18) Nese drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ nuk vepron në pajtim me paragrafin (14) të këtij neni, parashtruesi i kërkesës mund t'i parashtrojë fletëparaqitje prokurorit publik kompetent në afat prej tetë ditësh pune.

(19) Nese ministri nuk vepron në afatin nga paragrafi (12) i këtij neni, parashtruesi i kërkesës mund të ngrejë kontest administrativ në gjykatën kompetente.

(20) Procedura në gjykatën administrative është urgjente."

Paragrafi (3) i cili bëhet paragraf (21) ndryshohet si vijon:

"(21) Kunder aktvendimit nga paragrafi (3) i këtij neni mund të parashtrohet ankesë në Komisionin Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë për Marrëdhënie Pune në Shkallë të Dytë".

Paragrafi (4) bëhet paragraf (22).

Neni 2

Në nenin 9 paragrafi (6) ndryshohet si vijon:

"Kunder aktvendimit nga paragrafët (4) dhe (5) të këtij neni mund të parashtrohet ankesë në Komisionin Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedure për Marrëdhënie Pune në Shkallë të Dytë".

Neni 3

Në nenin 11 në paragrafin (9) fjalët: "në Komisionin e shkalles së dytë të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë, kompetent për zgjidhjen e çështjeve nga sfera e marredhenieve të punës" zëvendësohen me fjalët: "në Komisionin Shteteror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë për Marrëdhënie Pune në Shkallë të Dytë".

Neni 4

Akti nënligjor i paraparë me këtë ligj do të miratohet në afat prej 15 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Pas botimit të aktit nënligjor nga paragarafi 1 i këtij neni në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë" ai menjehere, ndërsa më së voni në afat prej 24 orësh shpallet në ueb faqen e Ministrisë së Kulturës.

Neni 5

Procedurat për marrjen e aktvendimit për plotësimin e kushteve të posaçme për fillimin e punës së muzeut, të filluara para ditës së hyrjes në fuqi të këtij ligji do të perfundojne sipas Ligjit për muze ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 66/2004, 89/2008 dhe 116/10).

Neni 6

Ky ligj hynë në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", përveç dispozitave nga neni 1 i këtij ligji, të cilat kanë të bëjnë me nenin 7 paragrafi (21) të këtij ligji dhe nenet 2 dhe 3 të ketij ligji, të cilat do të fillojnë të zbatohen me fillimin e zbatimit të Ligjit për themelim të Komisionit Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë për Marrëdhënie Pune në Shkallë të Dytë.

**1420.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за авторското право и сродните права,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр. 07- 1972/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

Член 1

Во Законот за авторското право и сродните права (“Службен весник на Република Македонија“ број 115/10), по членот 151 се додава нов член 151-а, кој гласи:

„Постапка во случај на недонесување решение

Член 151- а

(1) Доколку Министерството за култура не го донесе решението за давање дозвола, односно не го одбие барањето за давање дозвола во рокот пропишан во членот 149 на овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање во писарницата на министерот за култура за тој да донесе решение.

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за култура.

(3) Министерот за култура е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот (1) на овој член до писарницата на министерот за култура, да донесе решение со кое барањето е уважено или одбиено. Доколку министерот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на Министерството за култура.

(4) Кон барањето за донесување на решение од ставот (1) на овој член, подносителот на барањето доставува копија од барањето од членот 149 на овој закон.

(5) Доколку министерот за култура не донесе решение во рокот од ставот (3) на овој член, подносителот на барањето има право да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши надзор во Министерството за култура дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето.

(7) Инспекторот по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот за култура во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести Државниот управен инспекторат за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(8) Доколку министерот за култура не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот за култура ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Доколку министерот за култура не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (5) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите (6) и (7) на овој член, или не поднесе пријава согласно со ставовите (8) и (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Министерството за култура дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Во случајот од ставот (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(14) Во случаите од ставот (13) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат, во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) на овој член, подносителот на барањето има право да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку министерот за култура не одлучи во рокот од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето има право да поведе управен спор пред надлежен суд.

(17) Постапката пред управниот суд е итна.“

Член 2

Подзаконскиот акт предвидено со овој закон ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот 1 на овој член во „Службен весник на Република Македонија“ веднаш истиот, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за култура.

Член 3

Постапките за добивање дозвола за колективно управување започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според Законот за авторското право и сродните права (“Службен весник на Република Македонија“ број 115/10 и 140/10).

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

# L I G J
# PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR TË DREJTËN E AUTORIT DHE TË DREJTAT E PËRAFËRTA

Neni 1

Në Ligjin për të drejtën e autorit dhe të drejtat e peraferta ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë", numer 115/10), pas nenit 151 shtohet nen i ri 151-a, si vijon:

"Procedura në rast të mosmiratimit të aktvendimit

Neni 151-a

(1) Nese Ministria e Kulturës nuk e miraton aktvendimin për dhënien e lejes, përkatësisht nuk e refuzon kerkesen për dhënien e lejes në afatin e përcaktuar në nenin 149 të këtij ligji, parashtruesi i kërkesës ka të drejtë që në afat prej tri ditëve të punës të parashtrojë kërkesë në sekretarinë e ministrit të Kulturës, që ai të miratojë aktvendim.

(2) Formen dhe përmbajtjen e formularit të kërkesës nga paragrafi (1) i këtij neni, i përcakton ministri i Kultures.

(3) Ministri i Kulturës është i obliguar që në afat prej pese ditëve të punës nga dita e parashtrimit të kërkesës nga paragrafi (1) i këtij neni në sekretarinë e ministrit të Kultures, të miratojë aktvendim me të cilin kërkesa pranohet ose refuzohet. Nëse ministri nuk ka sekretari, kërkesa parashtrohet në sekretarinë e Ministrisë së Kulturës.

(4) Me kërkesën për miratimin e aktvendimit nga paragrafi (1) i këtij neni, parashtruesi i kërkesës dorëzon kopje të kërkesës nga neni 149 i këtij ligji.

(5) Nese ministri i Kulturës, nuk miraton aktvendim në afatin nga paragrafi (3) i këtij neni, parashtruesi i kërkesës ka të drejtë që ta njoftojë Inspektoratin Shtetëror Administrativ në afat prej pesë ditëve të punës.

(6) Inspektorati Shtetëror Administrativ është i detyruar që në afat prej dhjetë ditësh nga dita e pranimit të njoftimit nga paragrafi (5) i këtij neni, të kryejë mbikëqyrje në Ministrine e Kulturës nëse është zbatuar procedura në pajtim me ligjin dhe në afat prej tri ditëve të punës nga dita e mbikeqyrjes së kryer, ta njoftojë parashtruesin e kërkesës.

(7) Inspektori pas mbikëqyrjes së kryer në pajtim me ligjin, miraton aktvendim me të cilin e ngarkon ministrin e Kultures që në afat prej dhjetë ditësh të vendosë për kerkesen e parashtruar, përkatësisht ta pranojë apo refuzojë kerkesen dhe ta njoftojë Inspektoratin Shtetëror Administrativ për aktin e miratuar. Me njoftimin dorëzohet kopje nga akti me të cilin ka vendosur për kërkesën e parashtruar.

(8) Nese ministri i Kulturës nuk vendos në afatin nga paragrafi (7) i këtij neni, inspektori do të paraqesë kërkesë për ngritjen e procedurës kundërvajtëse për kundërvajtje të percaktuar në Ligjin për inspeksionin administrativ dhe do të përcaktojë afat plotësues prej pesë ditëve të punës, në të cilin, ministri i Kulturës do të vendosë për kërkesën e parashtruar për çfarë në afatin e njëjtë do ta njoftojë inspektorin për aktin e miratuar. Me njoftimin dorëzohet kopje nga akti me të cilin ka vendosur për kërkesën e parashtruar. Inspektori në afat prej tri ditëve të punës e informon parashtruesin e kërkesës për masat e ndërmarra.

(9) Nese ministri i Kulturës nuk vendos edhe në afatin plotesues nga paragrafi (8) i këtij neni, inspektori në afat prej tri ditëve të punës do të parashtrojë kallëzim te prokurori publik kompetent dhe në atë afat e informon parashtruesin e kërkesës për masat e ndërmarra.

(10) Nese inspektori nuk vepron për njoftimin nga paragrafi (5) i këtij neni, parashtruesi i kërkesës në afat prej pese ditëve të punës ka të drejtë që të parashtrojë kundershtim në sekretarinë e drejtorit të Inspektoratit Shtetëror Administrativ. Nëse drejtori nuk ka sekretari, kërkesa parashtrohet në sekretarinë e selisë së Inspektoratit Shtetëror Administrativ.

(11) Drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ eshte i obliguar që në afat prej tri ditëve të punës nga dita e pranimit ta shqyrtojë kundërshtimin nga paragrafi (10) i ketij neni dhe nëse konstaton se inspektori nuk ka vepruar për njoftimin e parashtruesit të kërkesës nga paragrafët (6) dhe (7) të këtij neni, ose nuk paraqet kallëzim në pajtim me paragrafet (8) dhe (9) të këtij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ do të paraqesë kërkesë për ngritjen e procedurës kundërvajtëse për kundërvajtje të përcaktuar në Ligjin për inspeksionin administrativ për inspektorin dhe do të përcaktojë afat plotësues prej pesë ditëve të punes, në të cilin inspektori do të kryejë mbikëqyrje në Ministrine e Kulturës nëse është zbatuar procedura në pajtim me ligjin dhe në afat prej tri ditëve të punës nga dita e mbikeqyrjes së kryer, ta informojë parashtruesin e kërkesës për masat e ndërmarra.

(12) Nese inspektori nuk vepron edhe në afatin plotesues nga paragrafi (11) i këtij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ do të paraqesë kallëzim te prokurori publik kompetent kundër inspektorit dhe në afat prej tri diteve të punës do ta informojë parashtruesin e kërkesës për masat e ndërmarra.

(13) Në rastin nga paragrafi (12) i këtij neni, drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ, menjëherë, e më së voni në afat prej një ditë pune do të autorizojë inspektor tjeter që ta kryejë mbikëqyrjen menjëherë.

(14) Në rastet nga paragrafi (13) i këtij ligji, drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ në afat prej tri ditëve të punës e informon parashtruesin e kërkesës për masat e ndermarra.

(15) Nese drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ nuk vepron në pajtim me paragrafin (11) të këtij neni, parashtruesi i kërkesës ka të drejtë që të parashtrojë kallezim te prokurori publik kompetent në afat prej tetë ditëve të punës.

(16) Nese ministri i Kulturës nuk vendos në afatin nga paragrafi (9) i këtij neni, parashtruesi i kërkesës ka të drejtë të ngritë kontest administrativ në gjykatën kompetente.

(17) Procedura në Gjykatën Administrative është urgjente."

Neni 2

Akti nënligjor i paraparë me këtë ligj do të miratohet në afat prej 15 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi e këtij ligji.

Pas botimit të aktit nënligjor nga paragrafi 1 i këtij neni në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ai menjehere, e më së voni në afat prej 24 orësh publikohet në ueb faqen e Ministrisë së Kulturës.

Neni 3

Procedurat për marrjen e lejes për menaxhim kolektiv, të filluara para ditës së hyrjes në fuqi të këtij ligji, do të perfundohen sipas Ligjit për të drejtën e autorit dhe të drejtat e përafërta ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonise", numër 115/10 dhe 140/10).

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**1421.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИБЛИОТЕКИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за библиотеките,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр. 07- 1973/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИБЛИОТЕКИТЕ

Член 1

Во Законот за библиотеките („Службен весник на Република Македонија“ број 66/2004, 89/2008 и 116/10), членот 8 ставот (2) се менува и гласи:

„Основачот на библиотеката доставува барање за почеток со работа на библиотека до органот на државната управа надлежен за работите од областа на културата, со потребната документација од ставот (1) на овој член.“

По ставот (2) се додаваат 18 нови става (3), (4), (5), (6), (7), (8) ,(9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19) и (20), кои гласат:

„(3) За исполнувањето на условите од ставот (1) на овој член, министерот во рок од 30 дена од денот на доставување на барањето од ставот (2) на овој член, а по претходно мислење од матичната библиотека донесува решение.

(4) Доколку министерот не донесе решение за исполнување на посебните услови за почеток со работа на библиотеката, односно не го одбие барањето за донесување на решение за исполнување на посебните услови за почеток со работа на библиотеката во рокот од ставот (3) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена во писарницата на министерот да поднесе барање за исполнување на посебните услови за почеток со работа на библиотеката, и министерот да донесе решение.

(5) Формата и содржината на обрасците на барањата од ставовите (2) и (4) на овој член ги пропишува министерот.

(6) Министерот е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (4) на овој член до писарницата на министерот да донесе решение со кое барањето за исполнување на посебните услови за почеток со работа на библиотеката е уважено, односно одбиено. Доколку министерот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот на државната управа надлежен за работите од областа на културата.

(7) Кон барањето за донесување на решението од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето доставува и копија на барањето од ставот (2) на овој член.

(8) Доколку министерот не донесе решение во рокот од ставот (6) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(9) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (8) на овој член да изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на културата, дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето.

(10) Инспекторот по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој министерот одлучил по поднесеното барање.

(11) Доколку министерот не одлучи во рокот од ставот (10) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот за барањето за преземените мерки.

(12) Доколку министерот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето.

(13) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(14) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (13) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (9) и (10) на овој член или не поднесе пријава согласно со ставовите (11) и (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот, и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кои инспекторот ќе изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на културата дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (14) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Во случајот од ставот (15) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(17) Во случајот од ставот (16 ) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(18) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (14) од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(19) Доколку министерот не одлучи во рок од ставот (12) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(20) Постапката пред Управниот суд е итна.“

Ставот (3) кој станува став (21) се менува и гласи:

„(21) Против решението од ставот (3) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“

Ставот (4) станува став (22).

Член 2

Во членот 10 ставот (6) се менува и гласи:

„Против решението од ставовите (4) и (5) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“

Член 3

Во членот 12 став (9) зборовите: „Второстепената комисија на Владата на Република Македонија, надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 4

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот 1 на овој член во „Службен весник на Република Македонија“ истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за културата.

Член 5

Постапките за добивање на решение за исполнување на посебни услови за почеток со работа на библиотеката, започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според Законот за библиотеките ("Службен весник на Република Македонија" број 66/2004, 89/2008 и 116/10).

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, освен одредбите од членот 1 на овој закон, кои се однесуваат на членот 8 став (21) од овој закон и членовите 2 и 3 од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат со започнување на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

---

# L I G J
# PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR BIBLIOTEKA

Neni 1

Në Ligjin për biblioteka ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë", numër 66/2004, 89/2008 dhe 116/10), neni 8 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Themeluesi i bibliotekës dorëzon kërkesë për fillimin e punës së bibliotekës në organin e administratës shteterore kompetent për punët nga sfera e kulturës, me dokumentacionin e nevojshëm nga paragrafi (1) i këtij neni."

Pas paragrafit (2) shtohen 18 paragrafë të rinj (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19) dhe (20), si vijojnë:

"(3) Për plotësimin e kushteve nga paragrafi (1) i këtij neni, ministri në afat prej 30 ditësh nga dita e dorëzimit të kerkeses nga paragrafi (2) i këtij neni, e pas mendimit paraprak nga biblioteka amë miraton aktvendim.

(4) Nese ministri nuk miraton aktvendim për plotësimin e kushteve të veçanta për fillimin e punës të bibliotekës, perkatesisht nuk e refuzon kërkesën për miratim të aktvendimit për plotësimin e kushteve të veçanta për fillimin e punes të bibliotekës në afatin nga paragrafi (3) i këtij neni, parashtruesi i kërkesës ka të drejtë që në afat prej tri ditëve të punës, në sekretarinë e ministrit të paraqesë kërkesë për plotesimin e kushteve të veçanta për fillimin e punës të bibliotekes dhe ministri të miratojë aktvendim.

(5) Formen dhe përmbajtjen e formularëve të kërkesave nga paragrafët (2) dhe (4) të këtij neni, i përcakton ministri.

(6) Ministri detyrohet që në afat prej pesë ditëve të punes nga dita e paraqitjes së kërkesës nga paragrafi (4) i këtij neni në sekretarinë e ministrit, të miratojë aktvendim me të cilin kërkesa për plotësimin e kushteve të veçanta për fillimin e punës të bibliotekës pranohet, përkatësisht refuzohet. Nëse ministri nuk ka sekretari, kërkesa dorëzohet në sekretarine e selisë së organit të administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e kulturës.

(7) Me kërkesën për miratimin e aktvendimit nga paragrafi (4) i këtij neni, parashtruesi i kërkesës dorëzon edhe kopje të kërkesës nga paragrafi (2) i këtij neni.

(8) Nese ministri nuk miraton aktvendim në afatin nga paragrafi (6) i këtij neni, parashtruesi i kërkesës ka të drejtë që ta njoftojë Inspektoratin Shtetëror Administrativ në afat prej pesë ditëve të punës.

(9) Inspektorati Shtetëror Administrativ është i obliguar që në afat prej dhjetë ditësh nga dita e pranimit të njoftimit nga paragrafi (8) i këtij neni, të kryejë mbikëqyrje në organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e kulturës nëse është zbatuar procedura në pajtim me ligjin dhe në afat prej tri ditëve të punës nga dita e mbikeqyrjes së kryer, ta njoftojë parashtruesin e kërkesës.

(10) Inspektori pas mbikëqyrjes së kryer në pajtim me ligjin, miraton aktvendim me të cili e ngarkon ministrin që afat prej dhjetë ditësh të vendosë për kërkesën e paraqitur, perkatesisht ta pranojë ose refuzojë kërkesën dhe ta njoftoje inspektorin për aktin e miratuar. Me njoftimin dorëzohet kopje e aktit me të cilin ministri ka vendosur për kërkesën e paraqitur.

(11) Nese ministri nuk vendos në afatin nga paragrafi (10) i këtij neni, inspektori do të paraqesë kërkesë për ngritjen e procedurës kundërvajtëse për kundërvajtje të percaktuar në Ligjin për inspeksionin administrativ dhe do të percaktoje afat plotësues prej pesë ditëve të punës, në të cilin ministri do të vendosë për kërkesën e paraqitur për çfarë në afatin e njëjtë do ta njoftojë inspektorin për aktin e miratuar. Me njoftimin dorëzohet kopje nga akti me të cilin ka vendosur për kërkesën e paraqitur. Inspektori në afat prej tri ditëve të punës e informon parashtruesin e kërkesës për masat e ndërmarra.

(12) Nese ministri nuk vendos edhe në afatin plotësues nga paragrafi (11) i këtij neni, inspektori në afat prej tri diteve të punës, do të paraqesë kallëzim te prokurori publik kompetent dhe në atë afat, do ta informojë parashtruesin e kerkeses.

(13) Nese inspektori nuk vepron për njoftimin nga paragrafi (9) i këtij neni, parashtruesi i kërkesës në afat prej pese ditëve të punës ka të drejtë që të parashtrojë kundershtim në sekretarinë e drejtorit të Inspektoratit Shtetëror Administrativ. Nëse drejtori nuk ka sekretari, kërkesa parashtrohet në sekretarinë e selisë së Inspektoratit Shtetëror Administrativ.

(14) Drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ eshte i obliguar që në afat prej tri ditëve të punës nga dita e pranimit, ta shqyrtojë kundërshtimin nga paragrafi (13) i ketij neni dhe nëse konstaton se inspektori nuk ka vepruar për njoftimin e parashtruesit të kërkesës nga paragrafët (9) dhe (10) të këtij neni, ose nuk paraqet kallëzim në pajtim me paragrafët (11) dhe (12) të këtij neni, drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ do të paraqesë kërkesë për ngritjen e procedurës kundërvajtëse për kundërvajtje të percaktuar në Ligjin për inspeksionin administrativ për inspektorin dhe do të përcaktojë afat plotësues prej pesë ditëve të punës, në të cilin inspektori do të kryejë mbikëqyrje në organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e kulturës nëse është zbatuar procedura në pajtim me ligjin dhe në afat prej tri ditëve të punës nga dita e mbikeqyrjes së kryer, ta informojë parashtruesin e kërkesës për masat e ndërmarra.

(15) Nese inspektori nuk vepron edhe në afatin plotesues nga paragrafi (14) i këtij neni, drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ do të paraqesë kallëzim te prokurori publik kompetent kundër inspektorit dhe në afat prej tri ditëve të punës do ta informojë parashtruesin e kerkeses për masat e ndërmarra.

(16) Në rastin nga paragrafi (15) i këtij neni, drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ, menjëherë, e më së voni në afat prej një ditë pune do të autorizojë inspektor tjetër që ta kryejë mbikëqyrjen menjëherë.

(17) Në rastet nga paragrafi (16) i këtij ligji, drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ në afat prej tri ditëve të punës do ta informojë parashtruesin e kërkesës për masat e ndërmarra.

(18) Nese drejtori i Inspektoratit Shtetëror Administrativ nuk vepron në pajtim me paragrafin (14) të këtij neni, parashtruesi i kërkesës mund të parashtrojë kallëzim te prokurori publik kompetent në afat prej tetë ditëve të punës.

(19) Nese ministri nuk vendosë në afatin nga paragrafi (12) i këtij neni, parashtruesi i kërkesës mund të ngrite kontest administrativ në gjykatën kompetente.

(20) Procedura në Gjykatën Administrative është urgjente."

Paragrafi (3) i cili bëhet paragraf (21) ndryshohet si vijon:

"(21) Kunder aktvendimit nga paragrafi (3) i këtij neni mund të paraqitet ankesë në Komisionin Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë për Marredhenie të Punës në Shkallë të Dytë".

Paragrafi (4) bëhet paragraf (22).

Neni 2

Në nenin 10 paragrafi (6) ndryshohet si vijon:

"Kunder aktvendimit nga paragrafët (4) dhe (5) të këtij neni mund të paraqitet ankesë në Komisionin Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë për Marrëdhënie të Punës në Shkallë të Dytë".

Neni 3

Në nenin 12 paragrafi (9) fjalët: "Komisionin e shkallës së dytë të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë, kompetent për zgjidhjen e çështjeve nga sfera e marrëdhënieve të punes" zëvendësohen me fjalët: "Komisionin Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë për Marrëdhënie të Punës në Shkallë të Dytë".

Neni 4

Akti nënligjor i paraparë me këtë ligj do të miratohet në afat prej 15 ditëve nga dita e hyrjes në fuqi e këtij ligji.

Pas publikimit të aktit nënligjor nga paragrafi 1 i ketij neni në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonise", ai menjëherë, e më së voni në afat prej 24 orësh publikohet në ueb faqen e Ministrisë së Kulturës.

Neni 5

Procedurat për marrjen e aktvendimit për përmbushjen e kushteve të veçanta për fillimin e punës të bibliotekës, të filluara para hyrjes në fuqi të këtij ligji do të përfundojnë sipas Ligjit për biblioteka ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonise", numër 66/2004, 89/2008 dhe 116/10).

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", përveç dispozitave të nenit 1 të këtij ligji, që kanë të bëjnë me nenin 8 paragrafi (21) të këtij ligji dhe nenet 2 dhe 3 të këtij ligji, që do të fillojnë të zbatohen me fillimin e zbatimit të Ligjit për themelimin e Komisionit Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë për Marredhenie të Punës në Shkallë të Dytë.

---

**1422.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА СТАТИСТИКА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за државната статистика,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр. 07- 1974/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА СТАТИСТИКА**

Член 1

Во Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" број 54/97 и 21/2007), во членот 3 став 1 по алинејата 15 се додаваат пет нови алинеи 16, 17, 18, 19 и 20, кои гласат:

„- под користење за статистички цели се подразбира исклучиво користење на статистичките податоци за развој и производство на статистички резултати и анализи,

- под доверливи податоци се подразбираат податоци кои овозможуваат статистичката единица да биде идентификувана директно или индиректно и со тоа да се откријат индивидуалните информации,

- под директна идентификација се подразбира препознавање на статистичката единица преку нејзините идентификациски податоци,

- под индиректна идентификација се подразбира идентификација на статистичката единица на кој било начин различен од начинот на директна идентификација и

- под пасивна доверливост се подразбира дека не се преземаат мерки за заштита на доверливоста, освен во случај кога известувачката единица тоа експлицитно го бара, заради тоа што смета дека можат да бидат загрозени нејзините интереси при дисеминацијата на податоците."

Член 2

Членот 4 се менува и гласи:

„Државната статистика се спроведува според начелата на стручна независност, неутралност, објективност, сигурност, статистичка доверливост и рационалност."

Член 3

Членот 4-а се менува и гласи:

„Начелата од членот 4 на овој закон го имаат следново значење:

- „стручна независност" значи дека работите на официјалната статистика мора да се вршат врз основа на стручни и научни методи и сознанија и мора да бидат заштитени од какво било влијание, исто како и времето и содржината на сите форми на дисеминација,

- „неутралност" значи стручен начин на одредување на методите и дефинициите на прибирање, обработка и дисеминација на статистичките податоци, ослободен од какво било влијание и сите корисници мора да бидат подеднакво третирани,

- „објективност" значи дека статистиката мора да се развива, да произведува и да дисеминира на систематичен, сигурен и непристрасен начин, со користење на професионални и етички стандарди, а користените политики и практики се транспарентни за корисниците и давателите на податоци,

- „сигурност" значи дека статистиките ќе ја мерат и презентираат реалноста точно и конзистентно, притоа користејќи научни критериуми за селекција на изворите, методите и процедурите,

- „статистичка доверливост" значи дека податоците кои се прибираат од известувачките единици преку статистичките истражувања или индиректно, од административни или други извори, се доверливи податоци и се користат исклучиво за статистички цели, што подразбира забрана за користење за нестатистички цели и нивно незаконско разоткривање и

- „рационалност" значи дека трошоците кои се потребни за производство на официјалната статистика треба да бидат пропорционални на важноста на резултатите и очекуваните придобивки и неопходно е минимизирање на товарот на известувачките единици и оптимално користење на постојните ресурси."

Член 4

По членот 4-а се додаваат три нови члена 4-б, 4-в и 4-г, кои гласат:

„Член 4-б

Државниот завод за статистика и останатите овластени носители ги развиваат, произведуваат и дисеминираат статистиките со почитување на следните критериуми за квалитет: релевантност, точност, навременост, придржување кон предвидени рокови, пристапност и јасност, кохерентност и споредливост.

Член 4-в

Критериумите од членот 4-б на овој закон го имаат следново значење:

- „релевантност" го означува степенот до кој статистиката одговара на сегашните и потенцијалните потреби на корисниците,

- „точност" ја означува блискоста на пресметките кои ги прави статистиката со реалните вредности,

- „навременоста" го означува временскиот период меѓу настанувањето на појавата и објавувањето на информациите кои ја опишуваат,

- „придржување кон предвидените рокови" го означува доцнењето на моментот на објавување на податоците во однос на тоа кога требале да бидат објавени според Календарот за публикување на статистичките податоци,

- „пристапност и јасност" значи дека официјалната статистика треба да се презентира во јасна и разбирлива форма, да се дисеминира на соодветен начин, да биде расположлива и достапна врз непристрасна основа и придружена со потребните метаподатоци и

- „кохерентност и споредливост" значи дека официјалната статистика треба интерно да биде конзистентна и споредлива меѓу регионите и земјите, во текот на времето, а треба да овозможи и комбинирање и заедничко користење на одредени податоци од различни извори.

Во примената на критериумите за квалитет од ставот 1 на овој член, се почитуваат европските регулативи на одделните статистички области во поглед на структурата и периодиката за подготовка на извештаи за квалитет.

Член 4-г

Како официјални податоци во Република Македонија, за истражувањата предвидени со Програмата за статистички истражувања, се сметаат податоците кои во согласност со Програмата ги објавува Државниот завод за статистика и овластените носители."

Член 5

Во членот 7 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Заводот е координатор на официјалната статистика на статистичкиот систем на Република Македонија."

Ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 3, 4 и 5.

Член 6

Во членот 9 став 3 алинеја 2 по зборот „статистиката" запирката се заменува со сврзникот „и", а зборовите: „општествените дејности и политичкиот систем" се бришат.

Член 7

Во членот 9-а по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Директорот на Заводот е должен да го штити професионалниот кредибилитет на официјалната статистика од непрофесионалното влијание од каков било вид."

Член 8

Во членот 11 став 1 бројот „12" се заменува со бројот „14".

Во ставот 2 алинеја 4 зборовите: „еден член" се заменуваат со зборовите: „два члена".

Ставот 3 се менува и гласи:

„Директорот на Заводот е член на Советот по функција."

По ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„Финансиските средства неопходни за работа на Советот се обезбедуваат во рамките на средствата за работа на Заводот од Буџетот на Република Македонија."

Член 9

Членот 30 се менува и гласи:

„Извештајните единици според Програмата имаат обврска на Заводот да му ги достават бараните податоци во утврдените рокови и да му доставаат целосни и точни податоци.

Доколку податоците не се доставаат, не се доставаат во утврдените рокови или не се доставаат целосни и точни податоци, извештајните единици се должни да ги доставаат или дополнат во определен рок по писменото известување од страна на Заводот.

Писменото известување од ставот 2 на овој член, Заводот го доставува до извештајната единица во рок од десет дена од денот на утврдувањето дека примените податоци не се доставени, не се доставени во утврдените рокови или не се доставени целосни и точни податоци.“

Член 10

По членот 35 се додава нов член 35-а, кој гласи:

„Член 35-а

Во случаи кога е потребно да се изврши оцена на методологијата или квалитетот на изворот на податоците кои се потребни за статистички истражувања или за потребите на пописите, Заводот и овластените носители можат да спроведат пробни истражувања и во случај кога таквите истражувања не се предвидени со Програмата за статистички истражувања.

Податоците прибрани од истражувањата од ставот 1 на овој член нема да се сметаат за официјални статистички податоци."

Член 11

Во член 39 ставот 2 се менува и гласи:

„Лицата од ставот 1 на овој член, пред добивањето пристап до индивидуални податоци, потпишуваат изјава за заштита на статистичката доверливост преку која ќе бидат запознаени со обврските за заштита на податоците."

Член 12

Во членот 41 по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Поблиските услови и начинот на користење на индивидуалните податоци ги пропишува директорот на Заводот, односно лицето кое раководи со овластениот носител."

Член 13

Членот 45 се менува и гласи:

„Заводот и овластените носители се должни да подготват и ажурираат Календар за публикување на статистичките податоци.

Календарот од ставот 1 на овој член содржи назив на податоците кои се објавуваат и датуми на нивното објавување и се објавува на веб страниците на овластените носители и на Заводот."

Член 14

Во членот 47 став 1 по алинејата 2 се додаваат две нови алинеи 3 и 4, кои гласат:

„- ако податоците се јавно објавени од страна на извештајната единица и

- статистички податоци за областите за кои според меѓународните стандарди се применува принципот на пасивна доверливост."

Член 15

По членот 48 се додава нов член 48-а, кој гласи:

"Член 48-а

Во системот на официјална статистика Заводот има координативна улога во рамките на меѓународната статистичка соработка.

Во извршувањето на меѓународните обврски, Заводот во соработка со останатите овластени носители, мора да оствари споредливост со останатите европски земји, да ги почитува и да ги примени меѓународните стандарди вклучувајќи го и Кодексот за работа на европската статистика и активно да учествува во развојот на официјалната статистика на меѓународно ниво."

Член 16

Членот 54 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 1.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое нема својство на трговско друштво, ако на Заводот не му ги достави бараните податоци согласно со членот 30 од овој закон.

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното или службеното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член."

Член 17

По членот 54 се додаваат пет нови члена 54-а, 54-б, 54-в, 54-г и 54-д, кои гласат:

„Член 54-а

Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое нема својство на трговско друштво, ако на Заводот не му достави целосни и точни податоци согласно со членот 30 од овој закон.

Глоба во износ од 750 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното или службеното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член.

Член 54-б

Глоба во износ од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое нема својство на трговско друштво, ако на Заводот не му достави податоци во предвидениот рок од членот 30 на овој закон.

Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното или службеното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член.

Член 54-в

За прекршок сторен од трговско друштво кое на Заводот нема да му ги достави бараните податоци согласно со членот 30 од овој закон ќе му се изрече:

- глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок на микро трговец,
- глоба во износ од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност за прекршок на мал трговец,
- глоба во износ од 2.500 до 3.500 евра во денарска противвредност за прекршок на среден трговец и
- глоба во износ од 3.500 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок на голем трговец.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се изрече глоба на:

- одговорното лице во правното лице микро трговец во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност,
- одговорното лице во правното лице мал трговец во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност,
- одговорното лице во правното лице среден трговец во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност и
- одговорното лице во правното лице голем трговец во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност.

Член 54-г

За прекршок сторен од трговско друштво кое на Заводот не му достави целосни и точни податоци согласно членот 30 од овој закон, ќе му се изрече:

- глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок на микро трговец,
- глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за прекршок на мал трговец,
- глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок на среден трговец и
- глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за прекршок на голем трговец.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се изрече глоба на:

- одговорното лице во правното лице микро трговец во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност,
- одговорното лице во правното лице мал трговец во износ од 400 до 800 евра во денарска противвредност,
- одговорното лице во правното лице среден трговец во износ од 800 до 1.200 евра во денарска противвредност и
- одговорното лице во правното лице голем трговец во износ од 1.200 до 1.500 евра во денарска противвредност.

Член 54-д

За прекршок сторен од трговско друштво кое на Заводот не му достави податоци во предвидениот рок од членот 30 на овој закон, ќе му се изрече:

- глоба во износ од 300 до 800 евра во денарска противвредност за прекршок на микро трговец,
- глоба во износ од 800 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок на мал трговец,
- глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност за прекршок на среден трговец и
- глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок на голем трговец.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се изрече глоба на:

- одговорното лице во правното лице микро трговец во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност,
- одговорното лице во правното лице мал трговец во износ од 200 до 600 евра во денарска противвредност,
- одговорното лице во правното лице среден трговец во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност и
- одговорното лице во правното лице голем трговец во износ од 1.000 до 1.200 евра во денарска противвредност."

Член 18

Во членот 55 став 1 износите "2.500 до 5.000" се заменуваат со износите "1.750 до 3.500".

Во ставот 2 износите „1.000 до 2.000" се заменуваат со износите „700 до 1.400".

Во ставот 3 износите „500 до 1.000" се заменуваат со износите „350 до 700".

Член 19

Во членот 56 став 1 износите „1.000 до 2.000" се заменуваат со износите „700 до 1.400".

Член 20

Во членот 57 став 1 износите „1.000 до 2.000" се заменуваат со износите „700 до 1.400".

Член 21

Во членот 58 став 1 износите „1.000 до 2.000" се заменуваат со износите „700 до 1.400".

Член 22

Класификацијата на трговските друштва од членовите 54-в, 54-г и 54-д на овој закон се врши во согласност со членот 470 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10 и 24/11).

Член 23

По членот 58-а се додава нов член 58-б, кој гласи:

"Член 58-б

За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води надлежен суд.

Пред поднесување на барање за поведување прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон, ќе се поведе постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците."

Член 24

Одредбата од членот 14 на овој закон ќе се применува до денот на стекнувањето полноправно членство на Република Македонија во Европската унија.

Член 25

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија се овластува да утврди пречистен текст на Законот за државната статистика.

Член 26

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

# L I G J
# PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR STATISTIKË SHTETËRORE

Neni 1

Në Ligjin për statistikë shtetërore ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonisë" numër 54/97 dhe 21/2007), në nenin 3 paragrafi 1 pas alinesë 15 shtohen pesë aline të reja 16, 17, 18, 19 dhe 20, si vijojnë:

"- me shfrytëzim të qëllimeve statistikore nënkuptohet shfrytezimi i të dhënave statistikore vetëm për zhvillimin dhe prodhimin e rezultateve dhe analizave statistikore,

me të dhëna të klasifikuara nënkuptohen të dhëna të cilat mundësojnë që njësia statistikore të identifikohet drejtperdrejt ose në mënyrë indirekte dhe me këtë të zbulohen informata individuale,

- me identifikim të drejtpërdrejtë nënkuptohet identifikimi i njësisë statistikore nëpërmjet të dhënave të saja të identifikimit,

- me identifikim indirekt nënkuptohet identifikimi i njesise statistikore në cilëndo mënyrë ndryshe nga mënyra e identifikimit të drejtpërdrejtë dhe

- me fshehtësi pasive nënkuptohet se nuk merren masa për mbrojtje të fshehtësisë, përveç në rast kur njësia e raportimit e kërkon këtë në mënyrë eksplicite, për shkak se konsideron që mund të rrezikohen interesat e saj gjatë diseminimit të të dhënave."

Neni 2

Neni 4 ndryshohet si vijon:

"Statistika shtetërore realizohet sipas parimeve të pavaresise profesionale, neutralitetit, objektivitetit, sigurisë, fshehtesise statistikore dhe racionalitetit."

Neni 3

Neni 4-a ndryshohet si vijon:

"Parimet nga neni 4 i këtij Ligji e kanë kuptimin si vijojne:

- "pavaresi profesionale" do të thotë se punët e statistikes zyrtare doemos duhet të kryhen në bazë të metodave dhe njohurive profesionale dhe shkencore dhe doemos duhet të mbrohen nga çfarëdo lloj ndikimi, si dhe koha dhe permbajtja e të gjitha formave të diseminimit,

- "neutralitet" do të thotë mënyra e caktimit të metodave dhe definicioneve të grumbullimit, përpunimit dhe diseminimit të të dhënave statistikore, i lirë nga çfarëdo ndikimi dhe të gjithë shfrytëzuesit doemos duhet të trajtohen në menyre të barabartë, - "objektivitet" do të thotë se statistika duhet të zhvillohet, të prodhojë dhe të diseminojë, në mënyrë sistematike, të sigurtë dhe të paanshme, me shfrytezimin e standardeve profesionale dhe etike, ndërkaq politikat dhe praktikat e përdorura janë transparente për shfrytezuesit dhe dhënësit e të dhënave,

- "siguri" do të thotë se statistikat do ta masin dhe prezantojne realitetin saktësisht dhe në mënyrë konsistente, gjate kësaj duke përdorur kritere për seleksionim të burimeve, metodave dhe procedurave,

- "fshehtesi statistikore" do të thotë se të dhënat që grumbullohen nga njësitë raportuese nëpërmjet hulumtimeve statistikore ose në mënyrë indirekte, nga burime administrative ose të tjera, janë të dhëna të fshehta dhe përdoren vetem për qëllime statistikore, që nënkupton ndalim për perdorim për qëllime jostatistikore dhe zbulimin e tyre joligjor dhe

- "racionalitet" do të thotë që shpenzimet e nevojshme për prodhim të statistikës zyrtare duhet të jenë proporcionale me vlefshmërinë e rezultateve dhe përfitimet e pritura dhe i domosdoshëm është minimizimi i ngarkimit të njesive raportuese është edhe shfrytëzimi optimal i resurseve ekzistuese."

Neni 4

Pas nenit 4-a shtohen tre nene të reja 4-b, 4-v dhe 4-g, si vijojnë:

"Neni 4-b

Enti Shtetëror i Statistikës dhe bartësit tjerë të autorizuar i zhvillojnë, prodhojnë dhe diseminojnë statistikat me respektim të kritereve për cilësi si vijojnë: relevancë, saktesi, përpikëri, respektim i afateve të parapara, qasje dhe qartesi, koherencë dhe komparacion.

Neni 4-v

Kriteret nga neni 4-b i këtij ligji e kanë e kuptimin si vijojne:

- "relevanca" e përcakton shkallën deri në të cilën statistika përputhet me nevojat aktuale dhe potenciale të shfrytezuesve,

- "saktesia" e përcakton afërsinë e kalkulimeve të cilat i bën statistika me vlerat reale,

- "në kohën e duhur" e shënon periudhën kohore ndermjet paraqitjes së dukurisë dhe publikimit të informatave të cilat e përshkruajnë,

- "respektim i afateve të parapara" e përcakton vonesën në momentin e publikimit të të dhënave në lidhje me atë kur është dashur të publikohen sipas Kalendarit për publikim të të dhënave statistikore,

- "qasje dhe qartësi" do të thotë se statistika zyrtare duhet të prezantohet në formë të qartë dhe të kuptueshme, të diseminohet në mënyrë adekuate, të jetë në disponim dhe e arritshme në bazë joarbitrare dhe është e shoqëruar me të dhenat e nevojshme që janë objektiv dhe

-"koherence dhe zbatueshmëri" do të thotë se statistika zyrtare duhet të jetë konsistente dhe e krahasueshme interne ndërmjet rajoneve dhe shteteve, gjatë kohës, e duhet të mundesoje edhe kombinim dhe shfrytëzim të përbashkët të të dhënave të caktuara nga burime të ndryshme.

Në zbatimin e kritereve për cilësi nga paragrafi 1 i këtij neni, respektohen rregullativat evropiane të fushave të veçanta statistikore në aspekt të strukturës dhe periudhave për perpilimin e raporteve për cilësi.

Neni 4-g

Si të dhëna zyrtare në Republikën e Maqedonisë, për hulumtimet e parapara me Programin për hulumtime statistikore, konsiderohen të dhënat të cilat në pajtim me Programin i publikon Enti Shtetëror për Statistikë dhe bartësit e autorizuar."

Neni 5

Në paragrafin 7 pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2, si vijon:

"Enti është koordinator i statistikës zyrtare të sistemit statistikor të Republikës së Maqedonisë."

Paragrafet 2, 3 dhe 4 bëhen paragrafët 3, 4 dhe 5.

Neni 6

Në nenin 9 paragrafi 3 alineja 2, pas fjalës "statistikë" presja zëvendësohet me lidhëzen "dhe", ndërkaq fjalët: "veprimtarite shoqërore dhe sistemi politik" shlyhen.

Neni 7

Në nenin 9-a pas paragrafit 2 shtohet paragraf i ri 3, si vijon:

"Drejtori i Entit është i obliguar që ta mbrojë kredibilitetin e statistikës zyrtare nga ndikimet joprofesionale të cfaredo lloji."

Neni 8

Në nenin 11 paragrafi 1 numri "12" zëvendësohet me numrin "14".

Në paragrafin 2 alineja 4 fjalët: "një anëtar" zevendesohen me fjalët: "dy anëtarë".

Neni 3 ndryshohet si vijon:

"Drejtori i Entit është anëtar i Këshillit me funksion."

Pas paragrafit 5 shtohet paragraf i ri 6, si vijon:

"Mjetet financiare të domosdoshme për punë të Keshillit sigurohen në suaza të mjeteve për punë të Entit nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë".

Neni 9

Neni 30 ndryshohet si vijon:

"Njesite raportuese sipas Programit kanë për obligim që Entit t'ia dërgojnë të dhënat e kërkuara në afatet e caktuara dhe t'i dërgojnë të dhëna të plota dhe të sakta.

Nese të dhënat nuk dërgohen, nuk dërgohen në afatet e caktuara ose nuk dërgohen të dhëna të plota dhe të sakta, njesite raportuese janë të obliguara që t'i dërgojnë ose plotesojne në afat të caktuar pas njoftimit me shkresë nga Enti.

Njoftimin me shkrim nga paragrafi 2 i këtij neni, Enti e dergon te njësia raportuese në afat prej dhjetë ditësh nga dita e konstatimit se të dhënat e pranuara nuk janë dërguar, nuk janë dërguar në afatet e caktuara ose nuk janë dërguar të dhëna të plota dhe të sakta."

Neni 10

Pas nenit 35 shtohet nen i ri 35-a, si vijon:

"Neni 35-a

Në rastet kur nevojitet të bëhet vlerësim i metodologjise ose cilësisë së burimit të të dhënave që janë të nevojshme për hulumtime statistike ose për nevojat e regjistrimeve, Enti dhe bartësit e autorizuar mund të realizojnë hulumtime testuese edhe në rast kur ato hulumtime nuk janë parapare me Programin për hulumtime statistikore.

Të dhënat e grumbulluara të hulumtimeve nga paragrafi 1 i këtij neni, nuk do të konsiderohen si të dhëna zyrtare statistikore."

Neni 11

Në nenin 39 paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Personat nga paragrafi 1 i këtij neni, para marrjes së qasjes në të dhënat individuale, nënshkruajnë deklaratë për mbrojtje të fshehtësisë statistikore nëpërmjet së cilës do të njoftohen me obligimet për mbrojtjen e të dhënave."

Neni 12

Në paragrafin 41 pas paragrafit 4 shtohet paragraf i ri 5, si vijon:

"Kushtet më të përafërta dhe mënyrën e shfrytëzimit të të dhënave individuale i përcakton drejtori i Entit, perkatesisht personi që udhëheq me bartësin e autorizuar."

Neni 13

Neni 45 ndryshohet si vijon:

"Enti dhe bartësit e autorizuar janë të obliguar që të perpilojne dhe azhurnojnë Kalendar për publikimin e të dhenave statistikore.

Kalendari nga paragrafi 1 i këtij neni ii përmban titullin e të dhënave që publikohen dhe datat e publikimit të tyre, dhe publikohet në ueb faqet e bartësve të autorizuar dhe të Entit."

Neni 14

Në nenin 47 paragrafi 1 pas alinesë 2 shtohen dy aline të reja 3 dhe 4, si vijojnë:

"- nese të dhënat janë shpallur publikisht nga njësia raportuese dhe

- të dhënat statistikore për fushat për të cilat sipas standardeve ndërkombëtare zbatohet parimi i fshehtësisë pasive."

Neni 15

Pas nenit 48 shtohet nen i ri 48-a, si vijon:

"Neni 48-a

Në sistemin e statistikës zyrtare Enti ka rol koordinues në suaza të bashkëpunimit ndërkombëtar statistikor.

Në kryerjen e obligimeve ndërkombëtare, Enti në bashkepunim me bartësit tjerë të autorizuar, duhet të realizojë komparacion me shtetet tjera evropiane, t'i respektojë dhe zbatoje standardet ndërkombëtare duke e përfshirë edhe Kodeksin për punë të statistikës evropiane dhe në mënyrë aktive të marrë pjesë në zhvillimin e statistikës zyrtare në nivel ndërkombëtar."

Neni 16

Neni 54 ndryshohet si vijon:

"Gjobe në shumë prej 1 500 deri në 5 000 euro në kundervlere me denarë, do t'i kumtohet për kundërvajtje personit juridik i cili nuk ka cilësi të shoqërisë tregtare, nëse Entit nuk ia dërgon të dhënat e kërkuara në përputhje me nenin 30 të këtij ligji.

Gjobe në shumë prej 1 000 deri në 2 000 euro në kundervlere me denarë do t'i kumtohet personit përgjegjës ose zyrtar te personi juridik për kundërvajtjen nga paragrafi 1 i ketij neni."

Neni 17

Pas neni 54 shtohen pesë nene të reja 54-a, 54-b, 54-v, 54-g dhe 54-d, si vijojnë:

"Neni 54-a

Gjobe në shumë prej 1 000 deri në 3 000 euro në kundervlere me denarë, do t'i kumtohet për kundërvajtje personit juridik i cili nuk ka cilësi të shoqërisë tregtare, nëse Entit nuk i dërgon të dhëna të plota dhe të sakta në përputhje me nenin 30 të këtij ligji.

Gjobe prej 750 deri në 1 500 euro në kundërvlerë me denare do t'i kumtohet personit përgjegjës ose zyrtar te personi juridik, për kundërvajtjen nga paragrafi 1 i këtij neni.

Neni 54-b

Gjobe në shumë prej 500 deri në 2 000 euro në kundervlere me denarë, do t'i kumtohet për kundërvajtje personit juridik i cili nuk ka cilësi të shoqërisë tregtare, nëse Entit nuk ia dërgon të dhënat e kërkuara në afatin e paraparë në nenin 30 të këtij ligji.

Gjobe në shumë prej 300 deri në 1 000 euro në kundervlere me denarë, do t'i kumtohet personit përgjegjës ose zyrtar te personi juridik për kundërvajtje nga paragrafi 1 i ketij neni.

Neni 54-v

Për kundërvajtje të kryer nga shoqëria tregtare e cila Entit nuk do t'ia dërgojë të dhënat e kërkuara sipas nenit 30 të këtij ligji, do t'i kumtohet:

- gjobe në shumë prej 1 000 deri në 1 500 euro në kundervlere me denarë për kundërvajtje tregtarit më të vogël,

- gjobe në shumë prej 1 500 deri në 2 500 euro në kundervlere me denarë për kundërvajtje tregtarit të vogël,

- gjobe në shumë prej 2 500 deri në 3 500 euro në kundervlere me denarë për kundërvajtje tregtarit të mesëm dhe

- gjobe në shumë prej 3 500 deri në 5 000 euro në kundervlere me denarë për kundërvajtje tregtarit të madh.

Për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni, do t'i kumtohet gjobë:

- personit përgjegjës në personin juridik tregtar më të vogel në shumë prej 250 deri në 500 euro në kundërvlerë me denarë,

- personit përgjegjës në personin juridik tregtar i vogël në shumë prej 500 deri në 1 000 euro në kundërvlerë me denare,

- personit përgjegjës në personin juridik tregtar i mesem në shumë prej 1 000 deri në 1 500 euro në kundërvlere me denarë dhe

- personit përgjegjës në personin juridik tregtar i madh në shumë prej 1 500 deri në 2 000 euro në kundërvlere me denare.

Neni 54-g

Për kundërvajtje të kryer nga shoqëria tregtare e cila Enti nuk do t'ia dërgojë të dhënat e kërkuara sipas nenit 30 të këtij ligji, do t'i kumtohet:

- gjobe në shumë prej 500 deri në 1 000 euro në kundervlere me denarë për kundërvajtje tregtarit më të vogël,
- gjobe në shumë prej 1 000 deri në 2 000 euro në kundervlere me denarë për kundërvajtje tregtarit të vogël,
- gjobe në shumë prej 2 000 deri në 3 000 euro në kundervlere me denarë për kundërvajtje tregtarit të mesëm dhe
- gjobe në shumë prej 3 000 deri në 4 000 euro në kundervlere me denarë për kundërvajtje tregtarit të madh.

Për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni do t'i kumtohet gjobë:
- personit përgjegjës në personin juridik tregtar më i vogel në shumë prej 200 deri në 400 euro në kundërvlerë me denarë,
- personit përgjegjës në personin juridik tregtar i vogël në shumë prej 400 deri në 800 euro në kundërvlerë me denare,
- personit përgjegjës në personin juridik tregtar i mesem në shumë prej 800 deri në 1 200 euro në kundërvlerë me denarë dhe
- personit përgjegjës në personin juridik tregtar i madh në shumë prej 1 200 deri në 1 500 euro në kundërvlerë me denare.

Neni 54-d

Për kundërvajtje të kryer nga shoqëri tregtare e cila Entit nuk do t'ia dërgojë të dhënat e kërkuara sipas nenit 30, do t'i kumtohet:
- gjobe në shumë prej 300 deri në 800 euro në kundervlere me denarë për kundërvajtje tregtarit më të vogël,
- gjobe në shumë prej 800 deri në 1 500 euro në kundervlere me denarë për kundërvajtje tregtarit të vogël,
- gjobe në shumë prej 1 500 deri në 2 000 euro në kundervlere me denarë për kundërvajtje tregtarit të mesëm dhe
- gjobe në shumë prej 2 000 deri në 3 000 euro në kundervlere me denarë për kundërvajtje tregtarit të madh.

Për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni do t'i kumtohet gjobë:
- personit përgjegjës në personin juridik tregtar më i vogel në shumë prej 100 deri në 300 euro në kundërvlerë me denarë,
- personit përgjegjës në personin juridik tregtar i vogël në shumë prej 200 deri në 600 euro në kundërvlerë me denare,
- personit përgjegjës në personin juridik tregtar i mesem në shumë prej 600 deri në 1 000 euro në kundërvlerë me denarë dhe
- personit përgjegjës në personin juridik tregtar i madh në shumë prej 1 000 deri në 1 200 euro në kundërvlerë me denare."

Neni 18

Në nenin 55 paragrafin 1 shumat "2 500 deri në 5 000" zevendesohen me shumat "1 750 deri në 3 500".

Në paragrafin 2 shumat "1 000 deri në 2 000" zevendesohen me shumat "700 deri në 1 400".

Në paragrafin 3 shumat "500 deri në 1 000" zevendesohen me shumat "350 deri në 700".

Neni 19

Në nenin 56 paragrafi 1 shumat "1 000 deri në 2 000" zevendesohen me shumat "700 deri në 1 400".

Neni 20

Në nenin 57 paragrafi 1 shumat "1 000 deri në 2 000" zevendesohen me shumat "700 deri në 1 400".

Neni 21

Në nenin 58 paragrafi 1 shumat "1 000 deri në 2 000" zevendesohen me shumat "700 deri në 1 400".

Neni 22

Klasifikimi i shoqërive tregtare nga nenet 54-v, 54-g dhe 54-d të këtij ligji bëhet në pajtim me nenin 470 të Ligjit për shoqëri tregtare ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonise" numër 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10 dhe 24/11).

Neni 23

Pas nenit 58-a shtohet nen i ri 58-b, si vijon:

"Neni 58-b

Për kundërvajtjet e përcaktuara me këtë Ligj, procedurë për kundërvajtje mban gjykata kompetente.

Para parashtrimit të kërkesës për ngritje të procedurës kundervajtese për kundërvajtjet e parapara me këtë ligj, do të mbahet procedurë për barazim në përputhje me Ligjin për kundërvajtje."

Neni 24

Dispozita nga neni 14 i këtij ligji do të zbatohet nga dita e anëtarësisë së plotfuqishme të Republikës së Maqedonise në Bashkimin Evropian.

Neni 25

Autorizohet Komisioni Juridiko-Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë që të përcaktojë tekst të pastruar të Ligjit për statistikë shtetërore.

Neni 26

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**1423.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ПРИ ДОГОВОРИ ЗА ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТИ**

Се прогласува Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити**,**
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр. 07- 1975/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ПРИ ДОГОВОРИ ЗА ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТИ**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со овој закон се уредува заштитата на потрошувачите при склучување и реализација на договори за потрошувачки кредит, во обем и за намени предвидени со овој закон.

(2) За сè што не е уредено со овој закон, на договорот за потрошувачки кредит се применуваат одредбите на Законот за облигационите односи, а на заштита на потрошувачите одредбите од Законот за заштита на потрошувачите.

(3) Доколку поинаку не е уредено со овој закон, на договорите за финансиски лизинг се применуваат одредбите од Законот за лизинг.

**Дефиниции**

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Потрошувач“ е физичко лице кое склучува договор за потрошувачки кредит согласно со овој закон, а заради остварување на цели кои не се поврзани со вршење на неговата трговска, деловна или професионална дејност;

2. „Кредитор“ е банка или друго трговско друштво и трговец поединец кое во рамките на својата регистрирана дејност, одобрува или ветува дека ќе одобри кредит на потрошувачот;

3. „Договор за потрошувачки кредит“ е договор со кој кредиторот одобрува или ветува дека ќе одобри на потрошувачот кредит во форма на заем, дозволено пречекорување, одложено плаќање на производи и услуги, финансиски лизинг или друга слична финансиска услуга, освен договори за давање на услуги на континуирана основа или за снабдување со производи од ист вид кај кои плаќањето се врши на рати во текот на периодот на давањето на услугите и снабдувањето со производи;

4. „Дозволено пречекорување“ е експлицитен договор за кредит со кој кредиторот на сметката на потрошувачот му става на располагање средства во износ поголем од тековната состојбата на средствата на таа сметка;

5. „Пречекорување“ е премолчено прифаќање на пречекорување каде што кредиторот на сметката на потрошувачот му става на располагање средства во износ поголем од тековната состојба на средствата на таа сметка или, ако постои дозволено пречекорување, износ поголем од дозволеното пречекорување;

6. "Кредитен посредник" е физичко или правно лице кое не е кредитор и кое во рамките на неговата трговска, деловна или професионална дејност за надоместок, врши една или повеќе од следниве активности:

- презентира или нуди договори за потрошувачки кредит,

- им помага на потрошувачите со преземање на подготвителни активности и за други договори за кредит, освен за договорите за потрошувачки кредит или

- склучува договори за потрошувачки кредит во име и за сметка на кредиторот;

7. "Вкупни трошоци на кредитот" се сите трошоци, вклучувајќи камати, провизии, даноци и кои било други надоместоци во врска со договорот за потрошувачки кредит кои потрошувачот треба да ги плати при одобрувањето и редовната отплата на кредитот и кои му се познати на кредиторот, освен нотарските трошоци. Трошоците за дополнителни услуги поврзани со договорот за потрошувачки кредит, вклучувајќи ги и премиите за осигурување на кредитот, исто така влегуваат во вкупните трошоци на кредитот, доколку склучувањето на договор за дополнителни услуги е задолжително за добивање на кредитот или за негово добивање под назначените услови;

8. „Вкупен износ што го плаќа потрошувачот“ претставува збир на вкупниот износ на кредитот и вкупните трошоци на кредитот;

9. "Годишна стапка на вкупни трошоци" се вкупните трошоци на кредитот, вклучувајќи ги и трошоците од членот 20 став (3) на овој закон, доколку е применливо, изразени како годишен процент од вкупниот износ на кредитот;

10. „Каматна стапка“ е каматна стапка изразена како фиксен или варијабилен процент искажан на годишна основа на искористениот дел од кредитот;

11. „Фиксна каматна стапка“ значи дека кредиторот и потрошувачот се согласиле за една каматна стапка за времетраењето на договорот за потрошувачки кредит или за неколку камати на кредит за одделни периоди, изразени исклучиво во фиксен процент. Доколку во договорот за потрошувачки кредит не се определени сите каматни стапки, каматната стапка ќе се смета дека е фиксна само за одделните периоди за кои каматните стапки се утврдени исклучиво во фиксен процент за кој е постигната согласност при склучувањето на договорот за потрошувачки кредит;

12. „Вкупен износ на кредит“ е горната граница на кредитот или вкупниот износ што му се става на располагање на потрошувачот согласно со договорот за потрошувачки кредит;

13. „Траен медиум“ е секој инструмент што на потрошувачот му овозможува да ги складира информациите упатени лично до него на начин кој му овозможува користење на тие информации во одреден временски период соодветен на целта на информациите и кој дозволува неизменета репродукција на складираните информации и

14. „Поврзан договор за кредит“ е:

- договор за кредит со кој се финансира договор за набавка на стоки или услуги и

- договорите од алинејата 1 на оваа точка претставуваат комерцијална целина. Комерцијална целина постои кога набавувачот или давателот на услуги самиот го финансира кредитот на потрошувачот или кога кредитот е финансиран од трета страна, кога кредиторот ги користи услугите на набавувачот или давателот на услуги во врска со склучување или подготовка на договорот за потрошувачки кредит, или кога определените стоки, односно давањето на определените услуги се експлицитно наведени во договорот за потрошувачки кредит.

## Исклучоци

Член 3

(1) Одредбите од овој закон не се применуваат на:

1) договори за кредит кои се обезбедени со хипотека на недвижен имот или други права на недвижен имот;

2) договори за кредит чија цел е стекнување или одржување на правото на сопственост на земјиште или на зграда, изградена или во изградба;

3) договори за кредит на износи помали од 200 и повисоки од 75.000 евра во денарска противвредност;

4) договори за лизинг или за закуп на ствари кај кои со самиот договор или со посебен договор не е предвидена обврска за купување на стварта на крајот на договорениот рок. Ќе се смета дека постои обврска за купување и доколку кредиторот еднострано одлучил така;

5) договори за кредит во форма на дозволено пречекорување со рок на отплата од еден месец;

6) договори за кредит за кои не се плаќа камата и кои било други трошоци и договори за кредит кај кои кредитот треба да биде вратен во рок од три месеци и со плаќање на незначителни надоместоци;

7) договори за кредит кои работодавачот, надвор од неговата трговска дејност, ги одобрува на вработените без камата или со годишна стапка на вкупни трошоци пониска од онаа што преовладува на пазарот и кои не се нудат на пошироката јавност;

8) договори за кредит што се склучуваат со правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност согласно со Законот за хартии од вредност или со банки, со цел да му се овозможи на инвеститорот да изврши трансакција поврзана со една или повеќе хартии од вредност согласно со Законот за хартии од вредност, доколку правните лица или банката што го одобрува кредитот се вклучени во таквата трансакција;

9) договори за кредит кои се резултат на судско порамнување или порамнување пред орган на државна управа, како и одложено плаќање по извршна исправа со посредство на извршител;

10) договори за кредит за одложено плаќање на постоен долг, без плаќање на трошоци;

11) договори за кредит по чие склучување од потрошувачот се бара да депонира предмет кај кредиторот како гаранција и обврската на потрошувачот е ограничена на заложениот предмет и

12) договори за кредит што се однесуваат на заеми одобрени на определена група на население која е од интерес на државата по пониски каматни стапки од оние кои преовладуваат на пазарот или без каматна стапка, или по различни услови кои се поповолни за потрошувачот и со каматни стапки кои не се повисоки од оние што преовладуваат на пазарот.

(2) На договорите за дозволено пречекорување и кога кредитот треба да се врати на барање или во рок од најмногу три месеци, се применуваат само одредбите од членот 2, одредбите од ставот (1) на овој член, членот 4 ставови (1) и (2) точки 1 и 2, членовите 6, 7, 8, 9, 10 ставови (1) и (3), 12, 15, 17 и 20 на овој закон.

(3) Во случај на пречекорување се применуваат само одредбите од членот 2, ставот (1) на овој член и членот 18 на овој закон.

(4) На договорите за кредит во кои се предвидува кредиторот и потрошувачот да се договорат за одложено плаќање или за начините на отплата кога потрошувачот не ја исполнил обврската за плаќање од основниот договор за кредит, доколку со таквиот договор се спречува можноста за судска постапка поради неплаќањето и потрошувачот нема да добие понеповолни услови од условите под кои е склучен основниот договор, се применуваат само одредбите од членот 2, ставот (1) од овој член, членовите 4, 6, 7, 9, 10 ставови (1) точки 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 12 и 18, (2) и (3), 11, 13, 16 и 18 на овој закон. Ако ваквите договори за кредит се во рамките на договорот за дозволено пречекорување, се применуваат само одредбите од ставот (2) на овој член.

## II. РЕКЛАМИРАЊЕ И ПОНУДА

### Стандардни информации што треба да се вклучат во рекламирањето

Член 4

(1) Секое рекламирање во врска со договорите за потрошувачки кредити, кое индицира каматна стапка или податоци поврзани со трошоци за кредитот, мора да ги содржи стандардните информации од ставовите (2) и (3) на овој член.

(2) Стандардните информации се даваат на јасен, прецизен и лесно видлив начин преку репрезентативен примерок и се однесуваат на:

1) каматната стапка, фиксна или варијабилна или и двете, со детали за сите надоместоци вклучени во вкупните трошоци на потрошувачкиот кредит;

2) вкупниот износ на кредитот;

3) годишната стапка на вкупни трошоци, освен за договорите од членот 3 став (2) на овој закон;

4) траење на договорот за потрошувачкиот кредит, доколку е применливо;

5) износот на уплата во готово и висината на кои било авансни плаќања, во случај на кредит во форма на одложено плаќање за одредени стоки или услуги и

6) вкупниот износ што го плаќа потрошувачот и износот на ратите, доколку е применливо.

(3) Кога склучувањето на договор за дополнителни услуги поврзани со договорот за потрошувачки кредит, особено договор за осигурување, е задолжително за добивање на кредитот или за добивање на кредитот согласно со условите од рекламирањето, а трошокот за таа услуга не може да се определи однапред, обврската за склучување на тој договор ќе биде наведена на јасен, прецизен и видлив начин, заедно со годишната стапка на вкупни трошоци.

### Пред договорни информации

Член 5

(1) Пред потрошувачот да се обврзе со понуда или со договор за потрошувачки кредит, кредиторот или кредитниот посредник се должни во писмена форма или преку друг траен медиум, врз основа на понудените кредитни услови, на потрошувачот да му дадат информации на посебен формулар, потребни за споредба на различните понуди, со цел донесување на одлука за склучување на договорот за кредит. Информациите се однесуваат на:

1) видот на кредитот;

2) име и презиме, односно назив и адреса на кредиторот и доколку е применливо на кредитниот посредник;

3) вкупниот износ на кредитот и условите за негово искористување;

4) траење на договорот за кредит;

5) стоката или услугата и нејзината цена во готово, во случај на кредит во форма на одложено плаќање за одредени стоки или услуги и поврзани договори за кредит;

6) каматната стапка, условите со кои е уредена примената на каматната стапка, и доколку е применливо секој индекс или референтна стапка на почетната каматна стапка, како и периодите, условите и процедурите за промена на каматната стапка. Доколку во различни периоди се применуваат различни каматни стапки, сите горенаведени информации се наведуваат за секоја камата;

7) годишната стапка на вкупни трошоци и вкупниот износ што го плаќа потрошувачот, претставени преку репрезентативен примерок во кој се наведени сите претпоставки за пресметка на годишната стапка на вкупни трошоци. Доколку потрошувачот го извести кредиторот за еден или повеќе преферирани услови за кредитот што го бара, како што се траењето на договорот за кредит и вкупниот износ на кредитот, кредиторот е должен да ги има предвид тие услови. Доколку во договорот за кредит се предвидени повеќе начини на искористување на кредитот со различни трошоци или каматни стапки, кредиторот е должен да истакне дека други механизми за искористување на кредитот, можат да предизвикаат повисока годишна стапка на вкупни трошоци;

8) износот на поединечната рата, бројот на ратите и доколку е применливо редоследот на пристигнување на ратите кои потрошувачот треба да ги плати;

9) доколку е применливо, трошоците за водење на една или повеќе сметки на кои се евидентираат уплатите и исплатите на искористениот дел од кредитот, освен доколку отворањето на сметката е опционо, како и трошоците за употреба на одредено средство за плаќање за уплатите и исплатите на искористениот дел од кредитот, други трошоци што произлегуваат од договорот за кредит и условите под кои тие трошоци можат да се променат;

10) постоењето на нотарски трошоци што ги плаќа потрошувачот при склучување на договорот, доколку е применливо;

11) обврската, доколку постои за склучување на договор за дополнителни услуги поврзани со договорот за потрошувачки кредит, како договор за осигурување, доколку склучувањето на таквиот договор е задолжително за добивање на кредитот или за добивање на кредитот согласно со условите од рекламирањето;

12) каматната стапка применлива во случај на задоцнети плаќања, услови за нејзина промена (прилагодување) и трошоците за неисполнување на обврската;

13) предупредување за последиците од неплаќање на ратите;

14) гаранции за кредитот, доколку е применливо;

15) постоењето или отсуството на правото на откажување од договорот;

16) правото на предвремено плаќање на кредитот и правото на кредиторот за надоместок и начинот на пресметување на надоместокот во согласност со членот 16 од овој закон;

17) правото на потрошувачот веднаш и бесплатно да биде информиран за резултатот од анализата на неговата кредитоспособност добиен врз основа на податоците од базата на податоци, согласно со членот 9 став (2) од овој закон;

18) правото на потрошувачот да добие на барање и бесплатно, копија од нацрт - договорот за потрошувачки кредит. Оваа одредба не се применува доколку кредиторот во време на поднесувањето на барањето не сака да пристапи кон склучување на договорот за потрошувачки кредит со потрошувачот и

19) рокот во кој кредиторот е обврзан со пред договорните информации, доколку е применливо.

(2) Во случај на комуникација по телефон или на друго средство за гласовна комуникација на далечина, кредиторот е должен на потрошувачот да му ги соопшти информациите од ставот (1) точки 3, 4, 5, 6 и 8 на овој член, како и годишната стапка на вкупни трошоци, преку репрезентативен примерок и вкупниот износ што го плаќа потрошувачот.

(3) Ако договорот бил склучен по барање на потрошувачот со користење на средства за комуникација на далечина што не овозможуваат давање на договорните

услови и информации во согласност со ставот (1) на овој член, кредиторот е должен да ја исполни обврската веднаш по склучувањето на договорот.

(4) Кредиторот е должен на барање од потрошувачот да му обезбеди, покрај форуларот од ставот (1) на овој член и бесплатно копија од нацрт - договорот за потрошувачки кредит, освен доколку кредиторот во време на поднесувањето на барањето не сака да пристапи кон склучување на договорот за потрошувачки кредит со потрошувачот. Оваа обврска не се применува доколку кредиторот не пристапи кон склучување на договорот со потрошувачот.

(5) Кредиторите и кредитните посредници се должни да му дадат соодветни објаснувања на потрошувачот кои ќе му овозможат да процени дали предложениот договор за потрошувачки кредит е прилагоден на неговите потреби и неговата финансиска состојба, со објаснување за информациите од ставот (1) на овој член, битните карактеристики на предложениот производ и нивното влијание врз потрошувачот, вклучувајќи ги последиците од неплаќање на кредитот.

(6) Гувернерот на Народната банка на Република Македонија ги пропишува формата и содржината на формуларот од ставот (1) на овој член.

**Пред договорни информации за специфични договори за кредит**

Член 6

(1) По исклучок од членот 5 на овој закон, пред потрошувачот да се обврзе со договор за потрошувачки кредит од членот 3 ставови (2) и (4) на овој закон или со понуда, кредиторот и ако е применливо кредитниот посредник треба, врз основа на кредитните услови понудени од кредиторот и барањата и ако е применливо изразените приоритети и информации на потрошувачот, да го обезбедат потрошувачот со информации потребни за споредување на различните понуди, со цел да донесе одлука за склучување на договор за кредит.

(2) Информациите од ставот (1) на овој член се однесуваат на:

1) видот на кредитот;

2) името и презимето, односно називот и адресата на кредиторот, ако е применливо на кредитниот посредник;

3) вкупниот износ на кредитот;

4) траењето на договорот за кредит;

5) каматната стапка, условите со кои е уредена примената на каматната стапка, и доколку е применливо секој индекс или референтна стапка што се применува на почетната каматна стапка, трошоците што настануваат со склучување на кредитот и ако е применливо, условите под кои можат да се променат тие трошоци;

6) годишната стапка на вкупни трошоци, претставена преку репрезентативни примероци во кои се наведени сите претпоставки за пресметка на годишната стапка на вкупни трошоци;

7) условите и постапка за престанување на договорот за кредит;

8) кај договорите за кредит од членот 3 став (2), одредба дека од потрошувачот може да биде побарано да го плати целиот износ на кредитот во кое било време доколку е применливо;

9) каматната стапка во случај на задоцнето плаќање и условите за нејзино прилагодување и доколку е применливо, трошоците за неисполнување на обврската за плаќање;

10) правото на потрошувачот веднаш и бесплатно да биде информиран за резултатот од анализата на неговата кредитоспособност добиен врз основа на податоците од базата на податоци, согласно со членот 9 став (2) од овој закон;

11) трошоците што настануваат со склучувањето на договорот и условите под кои можат да се променат тие трошоци, во случај на договор за кредит од членот 3 став (2) на овој закон и

12) рокот во кој кредиторот е обврзан со пред договорните информации, ако е применливо.

(3) Информациите од ставот (2) на овој член се обезбедуваат на хартија или на друг траен медиум и треба да бидат подеднакво истакнати. Таквите информации можат да се дадат на формуларот од членот 5 став (1) на овој закон.

(4) Во случај на договор за кредит од членот 3 став (2) на овој закон не се наведува годишната стапка на вкупни трошоци.

(5) Во случај на договор за кредит од членот 3 став (4) на овој закон, покрај информациите од ставот (2) на овој член, на потрошувачот му се даваат и следниве информации:

- износот на поединечната рата, бројот на ратите и доколку е применливо, редоследот на пристигнување на ратите и

- правото на предвремено плаќање на кредитот и право на кредиторот на праведен надоместок за трошоците директно поврзани со предвременото плаќање на кредитот согласно со членот 16 став (2) на овој закон.

Во случај на договорот од членот 3 став (2) на овој член се применува само ставот (1) на овој член.

(6) Во случај на комуникација по телефон и кога потрошувачот бара веднаш да му се стави на располагање дозволеното пречекорување на сметката, описот на главните карактеристики на финансиската услуга ги опфаќа најмалку информациите од ставот (2) точки 3, 5, 6 и 8 на овој член.

(7) Без да е во спротивност со членот 3 став (1) точка 5 од овој закон, кај договорите за дозволено пречекорување со рок на отплата од еден месец на потрошувачот му се даваат информациите од ставот (2) точки 3, 5, 6 и 8 на овој член.

(8) Кредиторот е должен, на барање од потрошувачот да му обезбеди, покрај информациите од ставовите (2), (3), (4) и (5) на овој член, бесплатна копија од нацрт - договорот за потрошувачки кредит, што ги содржи информациите од членот 10 на овој закон, освен доколку кредиторот во време на поднесувањето на барањето не сака да пристапи кон склучување на договорот за потрошувачки кредит со потрошувачот.

(9) Ако договорот бил склучен по барање на потрошувачот со користење на средства за комуникација на далечина што не овозможуваат давање на информациите од ставовите (2) и (4) на овој член, вклучувајќи го и случајот од ставот (5) на овој член, кредиторот е должен да ја исполни својата обврска од ставовите (2) и (4) на овој член, веднаш по склучувањето на договорот, со обезбедување на договорните информации од членот 10 на овој закон.

**Исклучоци од обврската за давање на пред договорни информации**

Член 7

Одредбите од членовите 5 и 6 на овој закон не се применуваат на набавувачите на стоки и услуги, кои настапуваат во својство на кредитни посредници, без да е во спротивност со обврските на кредиторот за давање на пред договорни информации на потрошувачот.

**Обврска за процена на кредитната способност на потрошувачот**

Член 8

(1) Пред склучување на договорот за потрошувачки кредит, кредиторот мора да ја процени кредитната способност на потрошувачот врз основа на доволно информации добиени од страна на потрошувачот или, ако е потребно од релевантна база на податоци.

(2) Независно од ставот (1) на овој член, банките и штедилниците вршат процена на кредитната способност на потрошувачот и врз основа на прописите со кои се уредува работењето на банките и штедилниците.

(3) Доколку договорните страни по склучувањето на договорот за потрошувачки кредит се согласат да го променат вкупниот износ на кредитот, кредиторот е должен да ги дополни финансиските информации за потрошувачот и повторно да ја процени неговата кредитна способност пред значително зголемување на вкупниот износ на кредитот.

(4) По потреба, гувернерот на Народната банка на Република Македонија ќе го уреди значителното зголемување на вкупниот износ на кредитите од ставот (3) на овој член што ги одобруваат банките и штедилниците.

## III. ПРИСТАП ДО БАЗА НА ПОДАТОЦИ

Член 9

(1) Доколку кредитот е одобрен во земја членка на Европската унија, кредиторот од таа земја може да ги користи податоците од базите на податоци во Република Македонија за процена на кредитната способност на потрошувачите, врз основа на недискриминаторски услови.

(2) Доколку барањето за кредит е одбиено врз основа на добиените податоци од базите на податоци, кредиторот е должен без одлагање и бесплатно да го извести потрошувачот детално за податоците врз основа на кои ја донел одлуката.

(3) Информациите од ставот (2) на овој член се обезбедуваат во сите случаи, освен ако давањето на тие информации е забрането со закон.

## IV. ДОГОВОР ЗА ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТ

### Информации кои мора да ги содржат договорите за кредит

Член 10

(1) Договорот за потрошувачки кредит се склучува во писмена форма или преку друг траен медиум, во доволно примероци за сите договорни страни.

(2) Договорот за кредит, освен договорот за дозволено пречекорување, на јасен и прецизен начин содржи информации најмалку за:

1) видот на кредитот;

2) име и презиме и адреса на потрошувачот, односно назив и седиште на кредиторот, и доколку е применливо на кредитниот посредник;

3) траењето на договорот за кредит;

4) вкупниот износ на кредитот и условите за негово искористување;

5) вредноста на одредената стока или услуги, во случај на кредит во форма на одложено плаќање за одредени стоки или услуги или поврзан договор за кредит;

6) каматната стапка, условите со кои е уредена примената на каматната стапка и доколку е применливо секој индекс или референтна стапка на почетната каматна стапка, како и периодите, условите и процедурите за промена на каматната стапка. Доколку во различни периоди се применуваат различни каматни стапки, се наведуваат информации за сите применливи стапки;

7) годишната стапка на вкупни трошоци и вкупниот износ што го плаќа потрошувачот, пресметани во времето на склучување на договорот за кредит, при што се наведуваат сите претпоставки кои се користат при пресметката на стапката;

8) износот на поединечната рата, бројот на ратите и доколку е применливо редоследот на пристигнување на ратите;

9) правото на потрошувачот на барање и бесплатно да добие, при отплата на главнината на договорот за кредит со фиксно времетраење, во кое било време во текот на траењето на договорот за кредит, извештај за сметка во форма на амортизационен план. Амортизациониот план содржи податоци за ратите и рокот на нивно достасување и условите во врска со исплатата на тие износи, преглед на секоја исплата со податоци за главнината, каматата која е пресметана врз основа на каматната стапка, доколку е применливо и дополнителни трошоци. Ако каматната стапка не е фиксна или со договорот за кредит е дадена можност дополнителните трошоци да се променат, во амортизациониот план на јасен и прецизен начин се забележува дека податоците содржани во планот важат само до моментот кога стапката на задолжување или дополнителните трошоци ќе се променат во согласност со договорот за кредит;

10) периодот и условите за плаќање на каматата и трошоците, доколку каматата и трошоците се плаќаат без отплата на главнината;

11) обврската за склучување на договор за дополнителни услуги поврзани со договорот за потрошувачки кредит, како договор за осигурување, доколку склучувањето на таквиот договор е задолжително за добивање на кредитот или за добивање на кредитот согласно со условите од рекламирањето;

12) казнена камата во време на склучување на договорот за кредит, условите за нејзино прилагодување и трошоците за неисполнување на обврската за плаќање;

13) предупредувањето за последиците од неплаќање на ратите;

14) по потреба, изјава дека нотарските трошоци ќе ги плаќа потрошувачот;

15) гаранциите и осигурувањето за кредитот, доколку ги има;

16) постоењето или отсуството на правото на откажување од договорот за кредит, периодот во кој ова право може да се остварува и други услови за негово спроведување, вклучувајќи ги информациите кои се однесуваат на обврската на потрошувачот да го плати износот на искористениот дел од главнината и каматата во согласност со членот 14 став (3) точка 2 на овој закон и висината на дневната камата;

17) правата што произлегуваат од членот 15 на овој закон и условите за нивно остварување;

18) правото на предвремено плаќање на кредитот, процедурата на предвремено плаќање и правото на кредиторот на трошоци за предвремена наплата на кредитот и начинот на пресметување на тие трошоци согласно со членот 16 од овој закон.

19) постапката за остварување на правото за раскинување на договорот за кредит;

20) правото на вонсудско решавање на споровите и начинот на користење на тоа право;

21) назив и седиште на надлежниот супервизорски орган, доколку е применливо и

22) други договорни информации, доколку е применливо.

(3) Договорот за дозволено пречекорување на јасен и прецизен начин содржи информации за:

1) видот на кредитот;

2) име и презиме и адреса на потрошувачот, односно назив и седиште на кредиторот, и доколку е применливо на кредитниот посредник;

3) траењето на договорот за кредит;

4) вкупниот износ на кредитот и условите за негово искористување;

5) каматната стапка и условите со кои е уредена примената на каматната стапка и доколку е применливо, секој индекс или референтна стапка на почетната каматна стапка, како и периодите, условите и редоследот за промена на каматната стапка. Доколку во различен период се применуваат различни каматни стапки, и доколку е применливо се наведуваат сите горенаведени информации;

6) одредба дека од потрошувачот може да биде побарано да го плати целиот износ на кредитот во кое било време;

7) условите за остварување на правото за откажување од договорот за кредит и

8) информации за трошоците во времето на склучување на договорот за кредит и условите под кои тие можат да се променат.

### Информации за каматната стапка

Член 11

(1) Доколку е применливо, потрошувачот треба да биде известен за секоја промена на каматната стапка на кредитот во писмена форма или преку друг траен медиум пред да почне да се применува. Известувањето содржи податоци за износот на плаќањата по промената на каматната стапка и детали за бројот и периодите на плаќање, доколку се променат.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член кредиторот и потрошувачот можат да се договорат известувањето од ставот (1) на овој член да се дава периодично доколку промената на каматната стапка е предизвикана од промена на референтната стапка која е јавно објавена и истакната во просториите на кредиторот.

### Обврски кај договорот за дозволено пречекорување

Член 12

(1) Кај договори за дозволено пречекорување кредиторот е должен редовно, во писмена форма или преку друг траен медиум, на потрошувачот да му достави извештај за состојба на сметката кој содржи:

1) период за кој се однесува извештајот;
2) износи и датуми на уплати и исплати;
3) состојба и датум на претходниот извештај;
4) нова состојба;
5) важечка каматна стапка;
6) трошоци што се наплаќаат и
7) минимален износ за плаќање, доколку е применливо.

(2) Кредиторот треба да го извести потрошувачот, во писмена форма или преку друг траен медиум, за зголемувањето на каматната стапка или трошоците што се плаќаат пред да почне да се применува.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член кредиторот и потрошувачот можат да се договорат извештајот од ставот (1) на овој член да се дава периодично доколку промената на каматната стапка е предизвикана од промена на референтната стапка која е јавно објавена и истакната во просториите на кредиторот.

### Договори за кредит без рок на достасување

Член 13

(1) Потрошувачот може да го искористи правото на откажување од договорот за кредит без рок на достасување, без плаќање на дополнителни трошоци и во кое било време, доколку во договорот не е предвидено однапред да го извести кредиторот за откажувањето, во рок не подолг од 30 дена.

(2) Кредиторот може во писмена форма или преку друг траен медиум да го извести потрошувачот дека се откажува од договорот за кредит без рок на достасување, најмалку 60 дена пред откажувањето, доколку е така определено во договорот.

(3) Кредиторот може од оправдани причини да му го откаже правото на потрошувачот на располагање со средствата, доколку е така договорено во договорот за кредит без рок на достасување. Кредиторот е должен да го извести потрошувачот за причините за откажувањето во писмена форма или преку друг траен медиум пред самото откажување, а најдоцна веднаш по откажувањето, освен доколку таквото известување е спротивно на закон.

(4) Оправдани причини за откажувањето од ставот (3) на овој член можат да бидат оправдан сомнеж за неовластено користење на кредитот, оправдан сомнеж за измама поврзана со кредитот, значително зголемување на ризикот дека потрошувачот нема да ги исполни своите обврски за плаќање на кредитот и други слични ситуации.

### Право на откажување од договорот за кредит

Член 14

(1) Потрошувачот може да се откаже од договорот за кредит во рок од 14 дена, без да наведува причина за откажувањето. Рокот на откажување започнува да тече:

- од денот на склучувањето на договорот или
- од денот кога потрошувачот ги добил условите и информацииите од договорот, согласно со членот 10 од овој закон, доколку тој ден е подоцна од денот на склучувањето на договорот.

